**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 јули 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 12,09 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да ги завземат своите места наскоро почнуваме со седницата.

Дами ии господа пратеници, продолжуваме со работа по Педесет и Петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Стојан Андов, Елмазе Селмани, Данаил Дончев, Цветанка Иванова, Верица Филипова, Влатко Серафимов, Радмила Шекеринска, Тале Герамитчиоски, Владо Бучковски, Андреј Жерновски, Фијат Цановски, Благородна Дулиќ, Али Ахмени и Фазли Велију ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Отворам претрес по амандманот на раздел 10001 Програма Д потпрограма Д5 ставка 481 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор министерот Славески.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа, затоа што Владата има обезбедено доволно количество на средства за развој на технолошко-индустриските развојни зони во Скопје,Штип и Тетово.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе,

Министерот на почетокот рече дека Владата има доволно обезбедено фиансиски средства за слободните економски индустриски зони во Скопје, Штип и Тетово.

Во ред е тоа министре, ама мојот амандман е за индустриската и слободна зона во Битола. Тоа е зоната која штопремиерот на Република Македонија кога пред 2-3 месеци беше во Битола и даде изјава дека финансиски ќе го поддржат отворањето на индустриската и слободна зона во Битола. Имено, само ќе ви кажам со Буџетот за 2007 година кога го носевме, вие тогаш предвидовте финансиски средства за економски индустриската и слободни зони во Скопје и во Штип. Јас и тогаш имав поднесено еден амандман, со иста содржина и тогаш барав 50 милиони денари за индустриската и слободна зона во Битола. Колку што се сеќавам вашето тогашно образложение беше дека Владата има намера и планови да прави економскислободни зони само во Штип и во Скопје. Сега, со ребалансот предвидувате средства и за во Тетово. И, тоа е добро и тоа го поздравувам, но не можам едно да разберам, само за економската зона во Бунарџик и економската зона во Битола има изготвени проекти и планови. Еве, тука деновиве, иако имаме не знам од кои причини со градоначалникот од Битоланекои недоразбирања, но тој има проект кој што го образложи во Битола и тој проект треба да го пдоржите, господине министре. Ќе повторам уште еднаш, тој проект беше промовиран и во присуство на премиерот на Владата на Република Македонија, господинот Груевски. Тој тогаш ја даде подршката на тој проект. Сега, кога треба да се отпочне, мене воопшто не ме интересира и еве сакам јавно да кажам, без разлика што градоначалникот на Битола е од ВМРО-ДПМНЕ, но сметам дека треба да му помогнете господине министре, со 50 милиони денари за таа зона, а не следната година пред избори да направите прекутрупа и да фрлите по некоја лопата и да речете дека ќе правите индустриската и слободна зона во Битола. Ако како Влада ја пдоржувате таа активност, тогаш тоа треба сега да го направите,сега финансиски да ја подржите. Јас се надевам дека парламентарното мнозинство, со оглед на тоа што и градоначалникот на Битола е од ВМРО-ДПМНЕ, ќе го подржи мојот амандман. Посебно, ги повикувам пратениците од изборната единица број 5 да го пдоржат овој амандман, затоа што и тие им ветуваа на граѓаните во Битола, го промовираа тој проект тогаш дека ќе го подржат. Јас посебно сакам претседателот на Собранието да го искористи својот авторитет во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и да ги повика пратениците да гласаат за овој амандман. Не верувам дека ВМРО-ДПМНЕ целосно се откажа веќе од градоначалникот на Битола и дека нема да го изгласа овој амандман. Овие средства не се бог знае колку и еве јас да ви кажам од каде ги префрлува, претседателе и господине министре. Од делот за купување на мебел, опрема, возила и машини и го намалува износот за 50 милиони. Воздржете се до крајот на годината и онака немате време за спроведување на тендери, воздржете се од набавка на мебел, опрема, возил аи машини и овие пари пренаменте ги за индустриската зона во Битола. Јас се надевам дека пратениците ќе го подржат овој амандман и она што декалпративно го кажа и премиерот, ќе го подржи и премиерот на Владата

на Република Македонија и ќе го изгласаме овој амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Јас сосема на кратко ја изразувам целосната подршка на мојот колега господинот Слободан Најдовски. Вака изгледа кога пратеник се бори за својата општина, за единицата на локална самоуправа, од каде што доаѓа.

Апелирам до сите вас, почитувани колеги, бидејки пред извесно време токму во Собранието беше донесен Законот за рамномерен регионален развој, на предлог токму од бившиот министер за локална самоуправа господинот Зоран Коњановски, кадар на ВМРО-ДПМНЕ, кој го изготви и речиси цел мандат го посвети токму на промоција на рамномерниот регионален развој. Во текот на вчерашниот ден ког аговоревме за бројни амандмани истакнавме дека не може да се промовира оваа Влада дека ја почитува политиката на децентрализација, а да ги концентрира главниот дел од средствата на Буџетот токму во Скопје и во околината односно каде што само оваа Влада гледа свој интерес. Значи, барам подршка, почитувани колеги, во име на граѓаните на општина Битола. Битола, да потсетам, припаѓа на првиот евро регион во нашата земја Преспа, Пелагонија ќе биде центар на тој евро регион и ќе биде центар, град кој гравитира природно со соседна република Грција, полноправна членка на ЕУ и Битола заслужува да добие нависитна значајни буџетски средства токму во слободната економска зона на предлог на господинот Најдовски. Јас се надевам дека сите вие кои токму говоревте дека почитувате дке анашата земја треба да го доживее рамномерниот регионален развој како своја сопствена декларирана политика, еве токму време, место и начин, каде што навистина ќе ги материјализирате вашите заложби за кои говоревте. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот на амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 17, воздржани нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 10001 Програма Д за додавање нова потпрограма Д6 по потпрограмата Д5, ставка 485 категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482 поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Влатко Серафимов.

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор господинот министер Славески.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии.

Со мојот амандман се предлага да се отвори слогодна економска зона или технолошко индустриска развојна зона во градот Велес, затоа што сметам дека можностите за натамошен развој на Велес лежат пред се во развојот на индустријата. Знаеме дека во минатото Велес беше индустриски град, некаде беше на петто или четтврто место во Република Македонија според степенот на развиеноста на индустријата, според бројот на вработени во овој сектор, според големината на основните средства по вработен и т.н., значи во периодот пред транзицијата бројот на вработени во Велес изнесуваше 22 илјади луѓе кои што работеа во тие индустриски капацитети. Сега, тој бројизнесува 11 илјади, значи е преполовен, затворени се голем број на капацитети кои штопретставуваат гордост за Република Македонија и пошироко, како што се Порцеланка, Топилницата, Лозар повеќе не псотои, се уништи, од оние што опстојуваат тешко работат и вработените, плата не земаат во голем број други фабрики, како што се Киро Чучук, Маслодајна и т.н. Велес исто така нема други можности или алтернативи по кои што би се движел неговиот развој и луѓето би можеле да се вработуваат и остваруваат своја егзистенција, освен во развојот на индустријата, бидјеки можностите за развој на земјоделие или на некоја друга дејност се многу мали.

Затоа, апелирам до пратениците од изборната единица број 3 и до сите други да не продолжи голготата на Велес, да не биде еден од најсиромашните градови во Република Македонија, неговите граѓани и понатаму да не бидат едни од оние што се наоѓаат во најтешка социјална економска положба, со најголем број на стечајци, да го подржат амандманот и да се отвори една ваква индустриска зона во Велес, како би доаѓале инвеститори и би можеле луѓето да наоѓаат своја егзистенција. Ценам дека во недостиг нанекоја друга концепција и од страна на Владата на Република Македонија за развојот на општините во склопот на Законот за рамномерен регионален развој алтернатива за Велес не постои,освен развојот на индустријата, бидејки Велес е пред се индустриски град. До колку не се прифати или не понуди Владата некои решенија за градот во смисла на активирање наиндустриските капацитети, Велес и понатаму ќе продолжи да тоне на социјален и економски план и бројот на невработените ќе се зголемува.

Затоа, најискрено барам подршкаод сите пратеници да се изгласа амандманот и во Велес да се отвори оваа технолошко индустриска развојна зона, дури мислам дека има и простор каде што има 90% изградена инфра структура, а

тоа се оние поранешни фабрики, кои со мали преадаптирања, би можеле да ја завршат својата функција. Затоа, барам подршка за овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки немаповеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 16, воздржано 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 2, потпрограма 2А, ставка 482 и раздел 18010 Програма 8 потпрограма 82 ставка 482 поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор господинот министер Славески.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Збор има господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Како подносителна овој амандман сакам да дадам кратко образложение зошто ценам дека овој амандман треба да биде прифатен и да стане составен дел на ребалансот на Буџетот за оваа година. Иако јас за овој амандман зборував и при носењето на Буџетот не наидов на разбирање тогашкај Владата на Република Македонија, ниту пак кај колегите пратеници од парламентарното мнозинство. Дури во таа прилика морам да признам дека стекнав впечаток најсериозната причина за неприфаќање на овој амандман било тоа што недостасувала политичка дебата или политички консензус за овој проект или за завршување или прифаќање на амандман. Меѓутоа, сакам да нагласам дека овој амандман го предлагам од причина што ценам дека многу поцелисходно ќе се искористат средствата предвидени во Буџетот за изградба на музеј на ВМРО,отколку да речеме на брана за наводнување и водоснабдување во еден погоелм регион во Гевгелија.

Сакам да нагласам дека изградба на браната Сарендар е врз основа на долгогодишни стручни проекции и истражувања. Исто така, морам да признам дека стручно е поткрепен консензусот околу овој проект за којшто граѓаните од општина Гевгелија подолг временски период наназад, да не речам и децении чекаат услови за изградба. Се работи за една акомулација која во прв ред ќе обезбеди вода за наводнување на околу 600 до 700 хектари плодно земјиште земјоделско, кое што воопшто во овој момент не е под никаков систем. Второ, со измените на проектот направени во 2005 година и 2006 година се обезбедува и сериозна алтернатива за снабдување на населението од општина Гевгелијасо вода за пиење. Изградбата на оваа брана започна во 2006 година и за нејзина изградба од Буџетот на Република Македонија беа обезбедени 10 милиони денари, истата да биде завршена и ставена во употреба, потребни се средствата предвидени во амандманот, тоа се неколку милиони денари, би рекол симболични средства за она што ќе следува по нејзината изградба. Затоа, тргнувајки од оправданоста од реализација на овој проект, предлагам колегите рпатеници да го подржат овој амандман и да ја подржат изградбата на брана Сарендарска, која што навистина ќе значи препород за голем број на граѓани во јужниот региона на нашата држава.

Го замолувам и министерот, доколку навистина дел од овие аргументи дојдоа и до него, дел од овие аргументи зборував и ги споменав при носење на Буџетот и уште еднаш го замолувам да размисли и да ги прифати аргументите кои што ги спомнав за овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 12, воздржани 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 програма 2, потпрограма 20, ставка 482 и раздел 09002, програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците, Благородна Цветковска и Марјанчо Николов.

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор господинот министер.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван господин министер за финансии.

Овој амандман е поднесен за да се обезбедат средства за регулација на Дурачка река.

Можеби некој воопшто не слушнал за Дурачка река, тоа е река која тече низ Крива Паланка.

Амандманот го поднесов и еве ќе дадам кратко образложение зошто и со каква цел е поднесен.

Низ градот Крива Паланка, од источната страна на левиот брег тече Дурачка река која во Центарот на градот се влева во Крива Река. Во овој дел на градот од околу 2 километри, не е извршена регулација на реката и не е изграден колекторски систем за одведување на отпадните води кои директно се влеваат во Дурачка река. На овој потег каде живеат околу 300 домаќинства се

наоѓа и училиштето за средно образование во кое се школуваат некаде околу 1300 ученици. Целосно е загадена животната средина и не е чудно што податоците што ги добиваме од здравството, најмногу заболени од хепатит има токму во овој дел од Крива Паланка.

Со регулација на коритото на реката, со потпорен ѕид од двете страни, изградба на колекторски систем, изградба на сообраќајница од левата страна по течението на реката, со премини на возила на две места преку реката. Оваа сообраќајница во иднина ќе дојде дел од регионалниот пат кој ќе ја поврзува општината со општините Кочани и Кратово.

Сметам дека овој амандман е многу значаен не само за Крива Паланка туку за целиот регион од Источна Македонија, неговата перспектива тек ќе ја видиме. Општината не е во можност тоа да го направи и затоа го поднесувам овој амандман, сметајќи дека ќе се најдат средства и разбирање да биде приватен и да решиме еден голем проблем, бидејќи се работи за мала популација на ученици кои токму тука го поминуваат поголемиот дел од времето.

Јас поднесов повеќе амандмани за градот Крива Паланка и за општината Ранковци од каде што доаѓам. Го почитувам гласот на народот онаму од каде што доаѓам и многу ме загрижува што министерот секој пат кажува, не го прифаќам амандманот.

Сметам, како министер, како професор не е својствено за него да дава вакви неми одговори. Дајте барем некој збор кажете, се прифаќа, зошто се прифаќа, не се прифаќа зошто не се прифаќа, се одбива поради тоа и тоа.

Вие и вашето мнозинство чукавте на овие врати и го баравте гласот од овој народ, токму таму во тој предел и сега тие ве слушаат и гледаат. Одговорот треба да го бараат од вас. Меѓутоа, јас како граѓанин на Крива Паланка чувствувам потреба да кажам затоа што тоа навистина се сериозни проблеми и треба да се реши овој проблем кој е од заеднички интерес. Не треба овде да гледаме дали сме позиција или сме од опозиција. Она што е од интерес на граѓаните на оваа беда земја, треба да донесуваме и заеднички решенија. Затоа ги поздравувам моите сограѓани од Крива Палнка, подобро нека се обраќаат, не на мене, туку на министрите кои се надлежни па тие нека им даваат одговори на ваквите прашања. Ако не ми одговори тие не се задоволни. Но, бидете оптимисти мои сограѓани, ние знаеме и со малку пари да направиме многу, бидејќи навистина имаме градоначалник кој е од СДСМ, кој е добар менаџер, со проекции ќе се направи ова и еден ден ќе се срамите, но вратите ќе ви бидат затворени на овие куќи на кои не им одговарате.

Во секој случај, сметам дека овој амандман е од големо значење и дека министерот ќе каже збор два и ќе даде некое појаснување за да можеме заеднички да го поддржиме овој амандман и да биде прифатен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 15, воздржани нема, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 програма 2, потпргорма 20, ставка 489 и раздел 09002, програма 2, подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/118.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандмаот.

За збор се јави Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Не очекував дека амандманот ќе се прифати, но како човек сметам дека овој амандман е исто така значаен како и секој што е поднесен од пратениците.

Овој амандман се предлага заради обезбедување на средства за селектирање на отпадот.

Јас реков моите сограѓани одговорот да го побараат директно од министрите, бидејќи ние ги биравме тие министри, па нека им даваат одговор, вака, со нем одговор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот го повлекувате или. . .

**Благородна Цветковска:** Не го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 програма 2 подпргорма 20 ставка 489 и раздел 09002 програма 2, подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов, под архивски број 07 - 2979/119.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Овој амандман се прифаќа. ќе обезбеди голем капацитет во расчистувањето на дивите депонии во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот, и тој станува составен дел од Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 програма 2 за додавање нова подпрогрма 2Б, по подгпрограма 2а, и ставката 482 категорија 48, и ставка 482 и раздел 09002 програма 2, подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Никола Рилковски.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Никола Рилковски, повелете.

**Никола Рилковски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Овој амандманн го поднесов со цел да се обезбедат средства за изградба на канализациона инфрстуктура во две големи селски населби кои се непосредно до самиот град Охрид. Имено, за што се работи?

Двете селски населби, Лескоец и Велгошти со број на жители 4,5 односно 3,5 илјади жители се веќе непосредно врзани со самиот град Охрид, но за жал денес немаат канализациона инфрастуктура, така што нивните отпадни води и примарни и секундарни, за жал, преку септички јами и во друга форма се влеваат непосредно во реките кои течат низ самите селски населби односно покрај нив, а тоа е велгошката и косовската река кои директно, двете реки, се влеваат во северозападната страна на Оридското Езеро и со тоа вршат еколошко загадување на овој дел од просторот на Езерото. Поради тоа го предлагам овој амандман и барам поддршка, сметајќи на тоа дека со регулирањето на канализационата мрежа во овие две селски населби вршиме обезбедување на чиста вода во водите на самото Охридско Езеро.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Положани имате збор, повелете.

**Азис Положани:** Благодарам господине претседателе.

И јас сакам да се вклучам во поддршка на овој амандман искажувајќи жалење за неприфаќањето за овој амандман од страна на Владата, со што сакам да го привлечам вашето внимание во една димензија која, иако се ноаѓа во еден ограничен простор во југозападниот дел на Македонија, тој има една општа димензија и обврска за да го заштитиме. Сите ние секојдневно гледаме дека поради разни причини Охридското Езеро односно Охрид и Струга, но и Ресен се градови каде нашите граѓани се одмараат во лето и не само во лето туку и во други временски периоди. Со тоа на еден начин придобиваат и граѓаните од овој регион, но секако и другите граѓани на Република Македонија, како едно културно но и природно богатство, како што е Езерото и културното наследство на самите градови, Охрид и Струга што се во внимание на организации кои го штитат ова Богатство и затоа се дел на УНЕСКО. За жал, долго време го деградираме вредностите кои ја прават единствено оваа средина како од културен аспект, така и од аспект на природните вредности и дека, напротив, неколку активности кои во минатото биле дел на инвестициите во овој регион, ние се помалку внимание обраќаме, од страна на Владата, но и од другите органи на власта и од граѓанското општество во целина, за сочувувањето на оваа природна вредност која е ретка во светот.

Охридското Езеро како едно ретко природно богатство и како наша заедничка вредност, не само на тој регион туку и на цела Македонија и од интерес на регионалниот туризам, мислиме дека заслужува едно поголемо внимание од страна на Владата, во ова време, за да се сочува овој регион. Сега веќе се фокусирани и исполнети моментите кои фактичкиго деградираат односно го загадуваат Охридското Езеро преку канализации кои од ден на ден се зголемуваат околу езерото. Има тука неколку реки, а пред се тоа се овие две реки на овие две села што ги спомна и господинот Рилковски во неговиот амандман, кои се слеваат, а се надоврзува тука и реката Грашница која подолго време е клучен загадувач на овој дел на езерото и заедно со реката Сатеска која ги собира водите од Дебарца и долниот дел на овој слив се слева директно во Охридското Езеро. Значи овие две реки се клучните загадувачи на ова Езеро. Затоа јас сакам уште еднаш да ја искористам можноста и да побарам парламентарното мнозинство и пратениците да го поддржат овој амандман, како можност да се отстрани е дна од овие загадувачи на источниот дел од Охридското Езеро.

Очекувам Владата, министерството за земјоделство, шумарство и Министерството за заштита на животната средина во разбирање со Минситерството за финансии да изнајдат можност да ја вратат и реката Сатеска по старото течение, бидејќи така ќе ги придобијат и селата по текот на стариот слив на река Сатеска, од аспект на подобрување на условите за земјоделие, но ќе го спречат загадувањето на Езерото поради враќањето на овој тек во река Дрим, како што беше и порано и со ова да се придонесе во подобрувањето на квалитетот на водата во Охридското Езеро. Значи, ја користам можноста на овој начин да ви ја промовирам оваа политика како потреба за регионот и една општа потреба, бидејќи мислам дека тоа е од општутунопроизводителите интерес.

Дозволете ми да завршам со ова излагање, со фактот дека Охридското Езеро и чистотата на ова Езеро сега веќе е дел на меѓународни документи со кои ние се залагаме и за многу други прашања. Вие знаете дека Резолуцијата на Европскиот парламент која помина пред неколку дена во Европскиот парламент која има и своја политичка димензија, за која расправавме ние и порано, но сигурно ќе расправаме и понатаму. Тука има и една друга точка, точка 12 или 13, немојте да ме фаќате за збор бидејќи ја немам Резолуцијата, која повикува на посветеност на Владата и на другите органи на власта за сочувување на животната средина на водата во

Охридското Езеро, како една од ретките вредности што ги има Република Македонија и вредности кои се под заштита на УНЕСКО.

Значи точка 12 и 13 од последната Резолуција на Европскиот парламент ја има и оваа димензија, ја поканува Република Македонија да ги ориентира средствата во зачувување на чиста средина на Охридското Езеро. Сега имаме можност со изгласувањето на овој амандман да ја кажеме нашата посветеност за самите нас, но и за исполнување на оваа точка од оваа Резолуција. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Според дисплејот господинот Никола Ќуркчиев требаше да има збор, но чинам дека не е тука.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, за гласале 18, воздржани нема, против 39.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 12101 програма 2 за додавање нова потпрограма 2Б по потпрограмата 21 категорија 48 ставка 482 и Раздел 04001 програма Д потпрограма Д4 категорија 42 ставка 425, поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Ова е еден од неколкуте амандмани кои ги поднесов по барање на Комисијата за комунални дејности при Советот на општина Битола.

Бидејќи се работи за проекти кои се веќе разгледувани на општинско ниво и кои добиле соодветен приоритет во развојот на општина Битола.

Со овој амандман се бара пренасочување на средства од потпрограмата - економска промоција на владината програма во износ од 300 милиони денари, а во корист на програма - изградба на пречистителна станица на реката Црна, бидејќи водите од каналот 4 и каналот 5 навистина прават сериозен еколошки проблем, со оглед на тоа што водите од реката Црна служат за наводнување на плодните полиња во пелагониското поле. Огромен број на жители од Битола и околината се прехрануваат од производите добиени од пелагониската рамнина која, за жал, е наводнувана со вода оценета под 5-та категорија.

Јас морам да потсетам, почитувани колеги, дека реката Црна претставува една црна еколошка точка во пелагонискиот регион и да потсетам дека уставно право на секој граѓанин е да живее и твори во здрава животна средина.

Но, за жал, она што често пати го говорев, оваа Влада на премиерот Груевски планира буџетските средства не да ги насочува во капитални инвестиции, како што е изградбата на пречистителни станици, бидејќи 84% отпаѓаат токму на непродуктивните трошоци, договорни услуги, плати, наемнини, итн.

Во предлогот на ребалансот во Разделот 12101 - Министерство за животна среднина и просторно планирање во опис и попис на главните функции на ова Министерство како државен орган стои дека Министерството за животна средина е буџетска институција чии законски надлежности се во доменот на заштитата на животна средина и просторно планирање. Не може да се тврди дека оваа Влада преку сопственото Министерство навистина планира да работи во прилог на заштита на животната средина, а за изградба на пречистителни станици да планира да потроши бедни 25 милиони денари.

Токму вие во вашата програма, се обраќам на претставникот на предлагачот на ребалансот на Буџетот, ветивте дека во Глава - заштита и унапредување на животна средина дека пред вас е усвојување на национална програма за следење на состојбите и управување со податоци за животната средина. Ништо од тоа не е направено. За жал, ветивте и развој на национални индикатори за следење на состојби со животната средина, но претпоставувам дека овие 11 месеци Владата имаше поинаков приоритет да се промовира медиумски низ скапи кампањи платени од парите на граѓаните со многу мал процент на реализација на она што го ветија, а тоа е економски раст и преродба на државата.

Токму во оваа програма ветивте и поглавје - управување со водите, преку донесување на национална стратегија за водите, програма за начинот на одведување, собирање и третман на отпадните урбани води, но од тоа, почитувани колеги, нема ништо.

Навистина се чудам дали и основната функција на постоењето на Министерството за животна средина и просторно планирање во делот каде стои остварувања и цели за 2007 година стојат само кои законски проекти ќе бидат донесени оваа година. Претпоставувам дека затоа предлагачот не предвидел сериозни средства кои ќе одат во функција на прагматично подобрување на условите на животната средина на граѓаните на Република Македонија.

Бидејќи не сметам дека Министерството за животна средина како свои главни активност ги има на пример, кампањата 22 април - Светски ден на планетата Земја - што е добро или кампања - Денови на пролетта, Денови на екологијата што е навистина добро, меѓутоа, дајте сериозна акција, пројавете активитет во оваа област, се разбира преку насочување на сериозни буџетски средства токму онаму каде се лоцирани сериозни темни

еколошки точки. Тоа е реката Црна и се надевам дека неприфаќањето на овој амандман не значи комплетно маргинализирање на општина Битола од страна на Владата предводена од Никола Груевски. Бидејќи битолчани како втор по големина град во Република Македонија заслужуваат повисок третман и повисок приоритет во распределбата на средствата на граѓаните се разбира со соодветен процент учествуваат и битолчани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Сосема накратко се јавувам во подршка на овој амандман поднесен од пратеничката Весна Бендевска.

Би сакал да наведам само неколку аргументи. Не знам колку ви е познато, но реката Црна до почетокот на Скочивирската клисура веќе е прогласена за мртва река. Најголемото загадување доаѓа токму од отпадните води и преку двата канали кои госпоѓа Бендевска во самиот амандман ги наведува.

Сакам да ве потсетам вас господине претседателе и колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ од тој регион да се потсетат малку на локалните избори кои беа во 2005 година. Едно од прашањата кое ВМРО-ДПМНЕ најмногу го актуелизира тие денови беше прашањето зошто тогашната Влада не презела никакви мерки за отпадните води кои преку 5-от канал кој минува покрај Кравари, Оптичари и Егри и за штетите што тој 5-ти канал ги носи на тој регион. Тогаш ВМРО-ДПМНЕ секојдневно држеше прес-конферениции и ја напаѓаше тогашната Влада. Имаше едно истражување од Холандија една студиска група на студенти, млади истражувачи кои стручно направија анализа за квалитетот на водите во тој регион.

Сега се поставува основното прашање, ако тогаш, ќе повторам, држеше прес-конференција, ја напаѓавте тогашната Влада за непреземање на мерки, зошто сега еве не предвидите финансиски средства за санација на овој проблем?

Би напоменал и тоа дека Црна река до Скочивирската клисура веќе ни стоката не пие вода од реката и време е Државниот инспекторат за заштита на природата да види кои се најголемите загадувачи. Мислам дека е добро Владата да се откаже од дел од скапите реклами кои ги плаќа секојдневно. Еве, вчера, денес гледам на телевизија, по весници ги повикувате граѓаните на Република Македонија да дојдат на Мечкин Камен, тоа е добро да дојдат, но секој граѓанин си знае дека е 2 Август дека се прославува на Мечкин Камен и секој што сака ќе дојде. Зошто сега толкави средства да се фрлаат за спотови и за реклами во печатените медиуми. Мислам дека е доволно што ги правите списоците на членовите на ВМРО-ДПМНЕ за да ги носите со автобуси. Ќе имате доволно народ. Секој од нас граѓаните кој сака да дојде ќе си дојде.

Тоа е само еден пример од нерационално трошење на парите на граѓаните на Република Македонија. Ние ве повикуваме откажете се од овие реклами, откажете се од она што го подготвувате за крајот на август за годишнина од Владата, резултатите ќе излезат на виделина, не треба секој ден да ги малтретираме граѓаните за тоа какви резултати остваруваат. Дајте тие пари наменски да ги потрошиме.

Сметам, господине министре, дека заслужуваме како пратеници, како институција која е за контрола над Владата за трошење на државните пари барем еднаш да ни образложите колку пари трошите за тие реклами и зошто не се согласувате да ги пренамениме.

На крајот на краиштата и да трошите пари за реклами треба да кажете кој е ефектот. Бидејќи секој денар потрошен, вие како професор тоа добро го знаете, дали за претпријатие, во овој случај за Буџетот на крајот треба да има ефект и резултат. Треба да кажете од рекламата за Илинден да дојдат граѓаните да го слушаат премиерот постигнато е следното: наместо планираните 1500 граѓани кои ќе дојдеа постигнат е ефект да дојдат 4000 граѓани еве сте постигнале ефект. Еве излезете оправдајте ги тие пари. Да ви кажам да не беше оваа реклама илјадници луѓе ќе дојдеа на Мечкин Камен, а вие со оваа реклама ги одвраќате. Значи, ефектот ви е негативен. Тогаш зошто ги трошите парите на граѓаните на немилосрден начин.

Ве повикувам овој амандман, со оглед на тоа што според укажувањата на ВМРО-ДПМНЕ од 2005 година дека е алармантна ситуацијата со 4-от и 5-от канал во Битола со загадувањето на реката Црна да го прифатите.

Јас знам дека вие едвај чекате да завршиме со оваа дискусија. Јас ќе настојувам да не го одолговлекувам донесувањето  на Буџетот, но ве молам зарем не заслужува барем еден амандман од опозицијата барем да го прокоментирате и да кажете извини госпоѓо Бендевска овој амандман што го имаш поднесено не е од интерес за Република Македонија, нашите планови се други, ние планираме средствата да ги насочиме во реклами, тоа е побитно отколку пречистителната станица на реката Црна. Барем ќе имате еден аргумент, а вака вие молчите ние си кажуваме и на крајот ќе имаме ситуација за договорни услуги, за реклами сте ненадмашни, ќе поставите светски рекорд на една Влада во трошење ненаменско трошење на буџетските пари. Е, тоа не е одговорност кон граѓаните на една држава. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, за гласале 14, воздржани нема, против 42 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 12101 програма 4 потпрограма 4А ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставки 426 и 464, поднесен од пратеникот Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 16, воздржани нема, против 42 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 12101 програма 4 потпрограма 4А ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците  Марјанчо Николов и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман се предлага од Буџетот на Република Македонија да се издвојат средства за изградба на пречистителна станица на реката Тополка кај селото Јаболчиште со цел да се спречи загадување на водите кои ќе ја полнат браната Лисиче.

Знаеме дека хидросистемот Лисиче е веќе во изградба повеќе од 15 години и сега се наоѓа во фаза на завршување на проектот и во скоро време ќе почне полнењето на браната со вода од реката Тополка.

Над браната се наоѓа селото Јаболчиште кое е големо село, има над 2000 жители и фекалните води или канализацијата од ова село се излива во реката Тополка која треба да ја полни браната Лисиче. За да не се дозволи водата од реката Тополка која ќе ја полни браната која е наменета за снабдување со вода за пиење на градот Велес, а дел за наводнување на земјоделските површини да не се загади од фекалиите на селото Јаболчиште неопходно е во ова село да се изгради колекторски систем како би можело да се заштитат водите во браната.

Многу е едноставно, многу е јасна работата, не би требало повеќе да се објаснува, можеше минстерот за финансии да даде одговор дали овие пречистителни станици кои во неколку амандмани се предлагаат се предвидени со некоја друга програма, но за жал, тој не не удостои со одговор и затоа апелирам до пратениците да го подржат амандманот како би можело да се заштити и браната Лисиче од загадување од фекалните води од граѓаните од селото Јаболчиште.

Апелирам до колегите за подршка на амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 17, воздржано 1, против 42 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 12101 програма 4 потпрограма 4А ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482 поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/117.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Збор има госпоѓа Цветковска Благородна, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, почитуван господин министер.

И пред овој амандман поднесен од моја страна веќе два поминаа не добивме никаков одговор дали има некои средства наменети за да се решат овие навистина сериозни проблеми. Амандманот го поднесов заедно со колегата заради обезбедување на средства за изградба на пречистителна станица за отпадни води од градот Крива Паланка кој директно ја загадуваат целата околина. Не знам колку од вас биле случајни или не верувам дека голем број биле во Крива Паланка можам да ви кажам дека во овој град скоро е решен проблемот со водоснабдување на градот и околните населби, а речиси 70 до 80% од градот се со канализациона мрежа за одводнување на фекални отпадни води.

Во вакви услови нов проблем, отпадните води се испуштаат непречистени и директно ја загадуваат Крива Река, а со тоа и индиректно и целата околина. Со цел надминување на оваа негативна

состојба потребно е изградба на пречистителна станица. Избраната локација е дефинирана со генералниот урбанистички план на градот и се наоѓа на излезот на самиот град Крива Паланка со овозможен гравитационен довод на отпадните води.

Локалната заедница, бидејќи се работи за еден крупен така проект, не е во можност финансиски да најде средства и да го реши овој крупен проблем, затоа и сметав дека е потребно е да го поднесам овој амандман сметајќи дека ќе најдеме заедничко разбирање и дека ќе се реши овој голем и сериозен проблем за овој град.

Сметам дека пратениците и покрај тоа што малку имаат несериозен пристап од мнозинството коментираат за други работи дека ќе ми дадат поддршка на овој амандман за да се надмине проблемот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, за гласале 11, воздржани нема, против 42 пратеника.

Молам службите да достават точен број на пратеници, колку присутни пратеници, да видиме дали е легитимно гласањето.

Жалам, ќе мора да го повториме гласањето, за време на гласањето имаше само 56 пратеници.

Ги молам, ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата за да имаме исправно гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата зошто треба да го повториме гласањето.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Пристапуваме кон повторување на гласањето, ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 17, воздржани нема, против 45 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 12101 програма 4 потпрограма 4А ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482 поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/125.

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор министерот.

**Трајко Славески:** Не се прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Збор има госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам претседателе.

Не ме изненади ова што амандманот не се прифаќа, но ако некој случајно од вас дојде во Крива Паланка прво ќе го однесам во населбата Цонев рид во една голема населба во која со овој амандман се бара обезбедување на средства за изградба на канализација на населбата Цонев рид. Оваа населба е голема населба. Се бараат пари за изградба на канализација. Ако општината би имала средства веројатно не би се обратиле овде да бараме толку мала сума на пари, некаде 2 милиона денари за да може да се надмине овој проблем. Ќе ви кажам дека таму е извор на зарази, таму е права депонија. Ако успеавме преку локалната да направиме пат на тоа население кои и во кал газеа до вчера, барем за изградба на канализација требаше министерот за 2 милиона денари се работи да пушти рака и на овој народ да помогне. Па, можеби некој благослов ќе ве стигне, нели веронаука воведовме сега.

Мислам дека за вакви работи не треба, јас знам дека по ребалансот има малку средства, но за вакви работи народот бара пари. Треба да им се реши проблемот, ако имаме за некои други луксузни работи ова е подобро здравјето да се заштити да нема последици отколку да фрламе пари за непотребни работи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, службите да достават точен број на присутни пратеници.

Во салата имаме само 60, уште еден пратеник фали. Ги молам пратениците кои не се влезени во салата да пристапат зошто имаме гласање.

Ве молам, ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 14, воздржани нема, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 12101 програма 4 потпрограма 4А ставка 482 и Раздел 13001 програма 2 потпрограма 2А ставка 489 поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор министерот.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам. Иако не побарав збор туку побарав процедурално, како и да е ќе ја искористам приликата. Побарав процедурално затоа што често пати се случува пратениците од позицијата ги повикуваат камерите и да и покажат на јавноста каде се пратениците од опозицијата. Еве најдобар случај не само денес туку и другите седници пратениците од опозицијата се во салата и придонесуваат да навистина се донесе овој ребаланс или пак за да заврши оваа седница што

е можно побрзо. Се разбира нешто што е во интерес и на Владата и на граѓаните, така што ќе беше добро да камерите сепак ја опфатат цела сала и пратениците од опозицијата и со ова да се демантира тоа што во текот на едно подолго време се обидува некој да го наметне дека опозицијата е виновна поради тоа што нема кворум во Собранието. Нешто што не е вистина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Нашите седници се јавни, нема никаква пречка камерите да снимаат.

Сега збор има господин Ќуркчиев Никола.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Овој амандман го поднесов од едноставна причина што во регионот на Гевгелија водата за пиење е во многу лоша состојба и потребна е итна интервенција за санирање на квалитетот на водата. Јас знам дека голем број на колеги пратеници ќе кажат дека проблемот со вода за пиење е глобален проблем, проблем на 21 век меѓутоа, амандманот го поднесувам и се однесува на еден сериозен и конкретен проблем во општина Гевгелија.

Без отварање на прашањето дали постојните количини на вода ги задоволуваат потребните на граѓаните или не, за граѓаните на општина Гевгелија, особено за градот Гевгелија и неколку населени места кои што се снабдуваат од ист извор на вода за пиење, квалитетот на водата кој што се користи бара ургентно подобрување.

Начелно, прелиминарните соодветни и стручни анализи направени во текот на изминатите месеци упатуваат на ургентна потреба од изработка на проект за дефинирање на причините за појава и се разбира понудување на решение за елиминирање на штетните елементи од подземните и површинските води во гевгелискиот регион и определување на нивни заштитни зони. Имено, изработена физибилити студија од стручен тим на технолошко металуршкиот факултет во Скопје, која што укажува на оваа навистина алармантна сегашна состојба со квалитетот на водата за пиење во регионот на Гевгелија. За решавање на овој проблем, почитувани колеги, потребно е да се пристапи кон истражување кои ќе бидат елабонирани и ќе понудат соодветни решенија за отстранување на овие штетни материи односно како што веќе реков заштита и на водата и на почвата. За реализирање на овие дејности, мислам дека се потребни средства од неколку милиони денари, сума во која што секако ќе партиципира и локалната самоуправа во Гевгелија. Имајќи ја предвид алармантноста и ургентноста на проблемот, предлагам Собранието на Република Македонија да го усвои овој амандман и во буџетот за оваа година да се предвидат средства, со кои што ќе се реши овој навистина сериозен алармантен проблем за граѓаните на градот Гевгелија и околните населени места. Колку е алармантен овој проблем, да нагласам дека, доколку не се превземат итни мерки, можно е секој ден, тргнувајќи од денес санитарната инспекција да ја забрани водата да се користи како вода за пиење односно да може да се користи само како технолошка вода.

Почитуван министер, граѓаните на Гевгелија и околните населени места ќе бидат крајно благодарни, доколку го прифатите овој амандман.

Почитувани колеги, во нивно име ќе бидам благодарен доколку го прифатите и го одобрите овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата, а пратениците ги повикувам да пристапат во салата, затоа што наскоро ќе гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 13, воздржани нема, против 44 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 категорија 42 ставка 426 поднесен од пратениците Миле Пачемски и Силвана Бонева.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе.

Се работи за амандман со кој се бараат финансиски средства за изградба на патот меѓу градот Пехчево и граница со Република Бугарија.

Овој пат е долг околу 10 километри и се бараат средства само за зелениот дле од патот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници за гласале 12, воздржан 1, против 36.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Ќе мораме да го повториме гласањето.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата за да можеме регуларно да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници за гласале 14, воздржан 1, против 40.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 категорија 42 ставка 426 поднесен од пратениците Васко Шутарев и Силвана Бонева под архивски број 07-2979/13..

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Од почитуваните пратеници предлагачи на овој Амандман има уште 4 амандмани кои се однесуваат на слична материја, имено средства за изградба на пристапни патишта на главни сообраќајници.

Владата во оваа пригода не е во состојба да ги прифати овие амандмани. Значиовој амандман што сега е предмет на расправа не се прифаќа.

Би сакал да кажам дека со Проект на Светската банка што Владата на Република Македонија ќе го реализира во наредните неколку години, почнувајќи можеби од оваа есен, има посебно

наменети средства за изградба на таканречени пристапни патишта и мислам дека овие проекти не можеме да ги реализираме со амандмани туку на друг начин.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Васко Шутаров.

**Васко Шуратов:** Благодарам претседателе, почитуван министер, почитувани колеги.

Само на кратко, благодарјко му на министерот на одговорот, во две реченици да кажам за што се однесуваше овој амандман. Имено се однесува на изградбата на делницата од автопатот Е-75 Гевгелија-Смоквица.

Жителите на едно населено место во Гевгелија, пратениците кои овие денови ќе патуваат или ќе се враќаат од Грција ќе забележат дека село Прдеици буквално е одвоено од мрежата. Значи со еден технички пропуст што сега нема да навлегуваме во суштината како е направен, едно животно прашање на жителите од Прдеици е доведено во прашање. Луѓето се одвоени од своите имоти и од другите населени места. Јас знам дека со ребаланс обично не се прават инфраструктурни интервенции, но надевајќи се дека во следнито фискален циклус ќе се изнајдат начини за тоа да биде еден од приоритетите во инфраструктурните интервенции во следната година, со колешката Бонева го повлекуваме овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 категорија 42 ставка 426 поднесен од пратениците Васко Шутарев и Силвана Бонева под архивски број 07-2979/14.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Васко Шуратов, повелете.

**Васко Шутаров:** Почитуван претседателе и овој амандман го повлекуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

И овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 категорија 42 ставка 426 поднесен од пратениците Васко Шутарев и Силвана Бонева под архивски број 07-2979/15.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Амандманот го повлекуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 категорија 42 ставка 426, поднесен од пратениците Васко Шутарев и Силвана Бонева под архивски број 07-2979/16.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Почитувани колеги станува збор за амандман кој се однесува на регионалниот пат 604 што го поврзува Валандово и граничниот премин Дојран-Дојрани. Значи овој регионален пат кој води до туристичкото место Дојран.

Фондот за регионални и магистрални патишта пред двенедели реагираше со пополнување на ударните дупки кои беа на овој пат и се надевам со Владата и со Фондот за регионални патишта ќе направиме напори следната година овој пат да се реконструктуира и реновира. Од тие причини сега амандманот го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 категорија 42 ставка 426, поднесен од пратениците Васко Шутарев и Силвана Бонева под архивски број 07-2979/17.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Васко Шутарев, повелете.

**Васко Шутарев:** Благодарам претседателе, почитуван министер, почитувани колеги.

Амандманот се однесува на интервенции на регионалниот пат П-511 Гевгелија-Богданци во должина од 8 километри кој е еден од најоптоварените патни правци со просечна динамика од 4 илјади возила дневно од кои најголем дел, бидејки крајот е земјоделски, се товарни возила.

За реконструкција на овој во голема мерка оштетен пат,побаравме 2 милиони денари и со донесувањето на Буџетот за 2008 година ќе се обидеме да изнајдеме можности да се реконструктуира оваа делница.

Амандманот го повлекуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов, под архивски број 07-2979/87.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам/

Со оовј амандман, соколегата Влатко серафимов баравме средства за изградба на мост на Злетовска река, на патниот правец Пишица-Жганци.

Бидејки Владата не го прифати, го повлекуваем амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов, под архивски број 07-2979/89.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Со оовј амандман, се предалга во Буџетот да се обезбедат средства за изградба на регионалниот пат П-533 од Делчево до границата со Бугарија.

Да ни би должелмногу околу значењетона овој пат за жителите од Источниот делна Република Македонија, бидејки нема расположение кај Владата да се реализира овој значаен коридор, амандманот го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов, под архивски број 07-2979/90.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Владата не може да го прифати овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Бидејки Владата не може да го прифати амандманот, јас не можам да го ставам на гласање, го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов, под архивски број 07-2979/91.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Со амандманот се предлага во Буџетот да се обезбедат средства за изградба на регионален пат од Калиманци до Виница.

Молам пратениците да дадат поддршка со овој амандман да се обезбедат средства во Буџетот.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците кои не се во салата да влезат бидејки наскоро ќе гласаме.

Молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници за гласале 12, воздржан нема, против 40.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Верица Филипова.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратениц, за гласале 9, воздржан 1, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/76.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Со амандманот се предлага со Буџетот да се обезбедат средства за изградба на патот од село Оризари до село Пресека.

Ги молам пратениците да го поддржат амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласње.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, за гласале 11, воздржани 2,против 41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/ 83

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор министерот, повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, за гласале 7, воздржани нема, против гласаа 44 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/ 84.

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор министерот.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, за гласале 8, пратеници, воздржани нема, против гласаа 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/ 85

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор министерот.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам службите да доставаат точен број на присутни пратеници за време на гласањето.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Гласањето е легитимно, значи гласале, 55 пратеника, за гласале 8, воздржани нема, против гласале 47 пратеника.

Констатирам дека собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/ 86

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор министерот.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе,

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Помина серија амандмани со кои ние како пратеничка група предлагавме во Буџетот да влезат средства за решавање на одредени проблеми на граѓаните од изборната единица број 3.

Владата преку минситерот не најде за сходно ниту еден амандман, а беа повеќе од 30, да прифати и тоа најдобро го илустрира односот кон проблемите на граѓаните од оваа изборна единица. Тука седи носителот на нивнат листа во изборната единица број 3 господинот Ѓорчев.

Најискрено ми е жал што е ваков односот на владеачкото мнозинство кон проблемите на граѓаните од оваа изборна единица број 3, бидејќи нема слух, ние, во интерес на граѓаните, и понатаму ќе предлагаме проекти, се надевам дека при изготвувањето на Буџетот за наредната година Владата ќе земе во предвид дел од нашите барања и ќе ги вметне со средства да бидат реализирани како владини проекти односно во програмите на Буџетот за наредната година.

Бидејќи Владата не изрази подготвеност да го прифати амандманот, ја барам поддршката од пратениците амандманот да биде прифатен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика? Повелете.

Три минути реплика.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Претседателе, само би кажал дека оваа Влада, оваа гарнитура и ова мнозинство за третата изборна единица навистина прави големи чекори, големи проекти кои се општо прифатени.Свесни сме дека тоа не е она што е идеално, но во секој случај имаме исчекор напред, гледаме дека се почна интензивно изградбата на хидросистемот Злетовица, вода за 7 општини, понатаму Штипскиот универзитет, понатаму имаме намалување на ДДВ за земјоделците, работа која директно засега илјадници, илјадници земјоделци од цела Македонија вклучувајќи ја Источна Македонија.

Значи, имаме проекти кои мислам дека ќе ја подобрат ситуацијата, Велешкиот театар ќе се гради следната година, во тек е интензивно санирање на слечиштето Рамина, понатаму општините Илинден, Петровец и Зелениково, имавме чистење на каналите, немавме поплави о.г., работи кои сепак говорат за придвижување на работите нанапред.

Знаеме дека проблемите се исто така бројни, но ќе биде потребно време да се решат овие работи.

Исто така би го спомнал и рестартирањето и вработувањето на повеќе стотици луѓе во рудниците од Источна Македонија, значи една ситуација која, се согласувам, ја почна претходната Влада во Македонска Каменица во рудникот Саса, но имавме и дополнителни вработувања во тој рудник. Истото го имаме во моментот во Пробиштип, истото се случува во Крива Паланка, значи еден позитивен процес што не ги решава сите проблеми, но почнато е решавањето на овие проблеми. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за господинот Марјанчо Николов, вашата минута, повелете.

**Марјанчо Николов:** Слушајќи го господинот Ѓорчев ќе испадне дека изборната единица број 3, е најидеалната изборна единица, знаеме дека е најтешка и социјално и економски најдолу од сите изборни единици во Република Македонија.

Господине Ѓорчев, многу би сакале земјоделците да ве видат и да ви кажат што мислат за вашата политика за земјоделието за изборната единица број 3, што мислат за вашата распределба на земјиштето, што мислат за начинот на кој ги третирате нивните проблеми, посебно сега, кога се зафатени со сушата. Не е добро да се фалите со проекти кои не сте ги започнале или не се од времето на вашата Влада и реалноста е многу поразлична од онаа која се трудите да ја прикажете и искрено би ви советувал малку повеќе да се дружите со гласачите, а не само од избори на избори.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Молам службите да достават точен број на пратеници.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата затоа што ќе пристапиме на гласање.

Недостасува еден пратеник.

Ги молам пратениците што не се влезени во салата да влезат наскоро ќе гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, за гласале 8, воздржани нема, против 44 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пауза за ручек до 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,02 часот)

(По паузата)

(Собранието продолжи со работа во 15,20 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои не се во салата, да влезат во салата продолжуваме со седницата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои што се во Собранието да повелат да влезат во салата продолжуваме со седницата.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Садула Дураки, Сафет Незири и Зумрете Јакупи.

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор министерот.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Садула Дураки, повелете.

**Садула Дураки:** Ви благодарам.

За ребалансот на Буџетот се дискутираше надолго и нашироко кога порано и забелешките беа дадени од сите пратеници, посебно беа дадени забелешки и од ДУИ и ПДП дека во овој ребаланс, всушност Предлог ребаланс на Буџетот има големи празнини и распределба на средствата која што распределба не е во пропорционална форма и немаат земено место средствата кои што се приоритетни за сите граѓани и за местата кои што навистина имаат проблеми и објектите кои што се изградени за да направат акумулација на водата и за да има питка вода за луѓето и за водоснабдување на почвата. Така што, движењето од една гранка односно од една притока на друга притока, кои што се поврзани едни со други, тоа предизвикало во минатото многу проблеми, при што за да се избегнат економските прашања и проблемите кои што се во овие економски или стопански објекти од животно значење за местата, за земјата, за општина Липково и тоа не само за општина Липково, туку и за општина Куманово, затоа што од овие две брани пијат вода 120 илјади жители, а за да се избегне некој дефект на тоа место, значи на горната брана не може да се постигне, потребно е најмалку 2,5 часа, за да се движат жителите, затоа што патот што ги поврзува двете брани е уништен, така што еден таков проект поврзувањето на сообраќајницата до Думановце е почната и асфалтирани се околу 4 км, така што треба и понатаму да се продолжи со асфалтирање на таа сообраќајница и во амандманот со кој што ние интервенираме сме поднеле барање за тоа од каде да се обезбедат средствата и како да се обезбедат. За мене е несватливо што во овој ребаланс средствата повеќе се доделуваат за работи кои што се луксузни, значи за купување на мебел, за посебни луксузирања на таканаречената Влада, а да се немаат предвид животни прашања за граѓаните на оваа земја. Можеби ќе имаат оправдување истите за да не го асфалтираат овој пат или оваа сообраќајница, меѓутоа има и еден патолошки случај во здравството или еден посебен случај во Република Македонија две брани да немаат сообраќајница која би ги поврзала, да не е асфалтирана. Тоа е единствена земја или единствено место во Република Македонија кое што е такво. Ќе повторам дека средствата од каде што треба да се обезбедат се претставени во амандманот што сме го поднеле значи да се земат од позиција 482, всушост од ставката 482, каде што се предвидени средства од околу 505.600 денари и доколку овие средства се распределат и се пренесат во локалната власт и таа цифра да се замени со 468 разни трансфери и во ставка 488 треба да се надополнат 8 милиони, што значи не се тоа многу средства и има економска основа во овој ребаланс господинот образложи. Меѓутоа, гледам дека немаат интерес пратениците за оваа проблематика, затоа што можеби навистина сакаат тој албански дел, всушност и албанскиот дел не сака да слуша. Така што, селото Думановце за да се вратат луѓето, жителите во тоа село е многу значајно овие средства да се прифатат, да се прифати овој амандман од страна на мнозинството и нема да остане на едно место етнички чисто затоа што тие се сите таму Албанци и браните се кај Албанците. За три години се асфалтирани само 5 км, додека денес не може да се продолжи ниту со еден метар квадратен за да се асфалтира и за да се направи навистина едно поврзување на двете брани кои што имаат акумулирано вода. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Каба имате реплика или збор.

Реплика, повелете вашите три минути.

**Гарип Каба:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници,

Сакам да му реплицирам на господинот Садула Дураки и тоа накратко.

Во својот мандат кога ДУИ беше во власта, што направил тој за Куманово и за Липково и дали е свестн каква функција имаше во тој период. Значи, накратко ова е мојата интервенција. Дали е свесен дека беше министер на тие подрачја. Ви Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика на господинот Дураки Садула, вашата минута.

**Садула Дураки:** Во текот на мојот мандат и на моите колеги 5 км сообраќајница за амандманот што сме го поднеле се асфалтирани и токму за работите што сме ги завршиле и чувството за нашиот народ имаме потврда од нашиот народ и ние не сме нечии вазали како што сте вие господине. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам почитувани пратеници.

Јас како поднесувач на овој амандман, го подржувам истиот и гледам попатно дека локалниот патен правец од бранат во Липково да се заврши овој патен правец, бидејќи е останат на половина и треба да се доврши овој проект и тоа успешно и да не остане незавршен овој проект. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, за гласале 14, воздржани нема, против 38.

Пред да прогласам резултат, ги молам службите, сепак да достават точен број на присутни пратеници.

Ве молам, ќе го повториме гласањето, гласавме во присуство на 60 пратеници.

Сега имаме доволен број пратеници, според тоа гласањето го повторуваме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 13 пратеника, воздржани нема, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 07002 програма 3 потпрограма 30 ставка 401, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор министерот.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Збор има господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе,

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Еве јас само накратко. Се работи за средства кои што со колешкат Цветанка Иванова ги бараме за изградба на еден мост меѓу две населени места, со кој мост би се скратиле некаде околу 15 до 20 км за да населението од овие две населени места не мора да патуваат по 15 км. Меѓу овие две населени места има еден мост, но мост по кои што не можат ни пешаци да одат, а камо ли возила. Ете, да не одземам многу време, се работи за некои средства кои што треба да овозможат за изградба на еден мост, за едно поврзување на овие две населени места меѓу кои што има и асфалтен пат, но сепак нема мост и мора луѓето да обиколуваат по подолг пат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеници, за гласале 13, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 2 за додавање нова потпрограма по потпрограмата 20 ставка 482 категорија 48 ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Ацо Киров и Цветанка Иванова под архивски број 07-2979/342.

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор министерот.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** И овој амандман Владата не го прифаќа.

Збор има Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Еве и овој амандман јас и колешката Цветанка Иванова го поднесуваме по втор пат. Во 2006 година кога се донесуваше Буџетот исто беше поднесен од наша страна и беше подржан од поглем број на пратеници како од опозицијата, така и од позицијата. Имено, еве за што се работи.

Се работи за еден заобиколен пат кој што би ги поврзувал селото Душаново со граничниот премин Дојран. Значи, се работи за транзитен пат кој што би овозможил возилата односно сите возила како тешките, така и лесните кои транзитираат спрема граничниот премин Дојран односно кон Грција да не влегуваат во населените места Стар и Нов Дојран. Со тоа би се овозможило една полесна и побрза комуникација како на оние кои што транзитираат низ Дојран, така и за самите жители од Стар и Нов Дојран кои што се со постојано место на живеење таму, исто така и самите туристи кои веќе во последно време ги има од мај до септември во Стар Дојран би имале поудобен одмор односно не би имало бучава, вознемирување, па дури и често пати да не доаѓа и до несакани последици од преголемиот број на возила кои што транзитираат кон граничниот премин на Дојран односно кон Грција. Значи, тука се работи пред се за тешките моторни возила кои што транзитираат низ ова сега веќе наше туристичко место кое од ден на ден добива се поголем број на туристи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 10, воздржани нема, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 2 за додавање нова потпрограма по потпрограмата 20 ставка 482 категорија 48 ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Ацо Киров и Цветанка Иванова под архивски број 07-2979/317.

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор министерот.

**Трајко Славески:** Само една проверка, имаме 2979/342 од господинот Киров и Иванова, а се однесува за регионален пат Нов Дојран - Николин. Дали е истиот амандман?

Она што според нашата евиденција е на ред е амандман поднесен од господинот Киров и госпоѓа Иванова, но сакам да го провериме. Добор, тој е амандманот, за истиот амандман зборуваме.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 2 за додавање нова потпрограма 25 по потпрограмата 2 и ставката 489 категорија 46 ставка 464 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 категорија 48 ставка 483, поднесен од пратениците Ацо Киров, Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славевски:** За жал и овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

За овој амандман би сакал нешто повеќе да кажам, бидејќи истиов овој амандман беше поднесен некаде во декември кога се донесуваше Буџетот на Република Македонија а се однесува на веќе укинатите локални радио дифузни претпријатија кои законски од шести месец престанаа да функционираат, а вработените во овие локални радио дифузни претпријатија немаат подмирено трошоци. Значи, се работи некаде за 400 вработени во Република Македонија или околу 1.200 лица кои егзистираат од овие радио дифузни претпријатија. Според постоечкиот закон 5% од радио дифузната такса која се прибира во Република Македонија, треба да припадне на овие радио дифузни претпријатија кои веќе се укинати. Луѓето кои веќе имаат работено или кои веќе не се вработени во овие претпријатија, имаат работено еден подолг временски период, а немаат земено плата. Затоа колку што јас сум запознаен и министерот Трајко Славески и сите пратенички групи во ова Собрание, како од парламентарното мнозинство, така и од опозицијата, имаме добиено писмо со кое се бара здружението на јавните локални радио дифузни претпријатија каде претседател е Јованка Дорналиева, бараат да дадеме поддршка на овој амандман, бидејќи треба законски да се исплатат овие средства.

Исто така, колку што имам сознание, тоа здружение има ветување од Министерството дека овие средства ќе бидат исплатени до крајот на месец јуни. Но еве сега министерот Трајко Славески кажа дека нема средства, односно не се прифаќа амандманот.

Јас само на кратко да не одолговлекувам, министерот Трајко Славески ако може да каже, иако неколку пати во претходните денови барам одговор од него, но ако може да објасни да слушне и јавноста, да слушнат овие 400 луѓе кои биле вработени таму, дали во блиска иднина се планира овие семејства да бидат обештетени, односно да им се исплатат тие средства што треба да си ги добијат, кои ги заработиле и кои им следуваат според Законот за радиодифузија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратени, за гласале 14, воздржани нема, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 2 за додавање нова потпрограма 2Б по потпрограмата 2А и ставката 489 категорија 48 ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Никола Рилковски.

Го молам министерот да се произнесе.

**Трајко Славевски:** Амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Никола Рилковски

**Никола Рилковски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван министер, се работи за амандман со кој се бара обезбедување средства за доизградба на улицата "Железничка" во Охрид. Всушност, тоа претставува недоизградена делница од западната магистрала која минува од северната страна на градот Охрид и претставува тесно грло и опасност за жителите кои живеат на овој простор. Само сакам да кажам дека се работи за делница недоизградена, отпочната пред повеќе од 20 години во должина од 2700 метри, а на кој простор живеат над 10.000 жители, што претставува 1/5 од жителите на градот Охрид. Тоа претставува тесно грло, бидејќи е замислена да претставува заобиколен пат од северната страна од градот Охрид што исклучиво ќе биде наменет за товарниот сообраќај и кој ќе биде врска меѓу патот кој оди од Охрид за Скопје, односно од Охрид за Битола. На овој пат се случуваат многу сообраќајни незгоди, има и жртви и по тој повод барам поддршка од пратениците да се озбезбедат средства за доизградба на овој дел од магистралниот пат од западната магистрала.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Ристанка Лалчевска.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Се работи за еден амандман кој бара исклучително мали средства за доизградба на улицата "Железничка" во Охрид, бидејќи овие средства што се бараат со амандманот не се доволни да се дозавршат сите работи кои таму се започнати.

Јас жалам што министерот не го прифати амандманот, веројатно има свои причини, не би сакала да му објаснувам каква е состојбата со улицата "Железничка" бидејќи тој самиот тој знае

каква е, често ја поминува оваа улица како и јас, двајцата потекнуваме од оваа улица.

Јас се надевам дека со Буџетот, наскоро ќе дојде тој, ќе бидат обезбедени средства за да се дозаврши оваа улица, бидејќи претставува заобиколница, пред се, на Охрид, а друго претставува опасност за сите оние кои ја поминуваат и кои живеат во близина на оваа улица затоа што е многу небезбедна, а сега и со дел од градежните работи кои таму се започнати а не се завршени, за безбедноста на оваа улица навистина е крајно нарушена. Мислам дека поголемиот дел од инфраструктурата е решен изведени се поголем дел на земјените работи, преостанато е асфалтирање на улицата и еден мал потег да се решат, веројатно има сопственички проблеми и инфраструктурни да се дозаврши улицата и да се заокружи.

Затоа апелирам до министерот, нема многу да зборувам, тој добро знае во каква состојба е оваа улица и колку средства се потребни за да се доизгради.

Ако колегите мои во Парламентот наоѓаат разбирање, а од Охрид овде има поприличен број пратеници и исто голем број на луѓе кои доаѓаат воОхрид, поминуваат по оваа улица и многу им е познато во каква состојба е таа, да го поддржат овој амандман барем за да продолжат работите додека се обезбедат и останатите средства за конечно завршување на оваа улица, бидејќи овие средства што се бараат не се многу големи, нема да предизвикаат некакви финансиски дисбаланси во Буџетот, требаше да се прифати, меѓутоа еве Парламентот може да одлучи и да го поддржи овој амандман, а јас секако ќе дадам поддршка.

Апелирам до министерот, со Фондот за магистрални и регионални патишта, барем за следниот буџет да се обезбедат средства да се дозаврши оваа улица која ни повеќе ни помалку во изградба е 20 години.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас само ќе напоменам дека излагањето на претходните двајца дискутанти и те како држат, но би напомнал дека дел од пратениците веќе и со самиот буџет, кога се носеше буџетот побараа амандмански да биде решено ова и ќе напомнам дека веќе се направија некои преговори во кои преговори најверојатно Владата ќе презема активности оваа улица да биде ставена во редовната програма на Фондот за патишта и преку таа програма ќе бидат обезбедени средства за нејзино изготвување, поточно за реализацијата на самата улица.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Валентина Божиновска.

**Валентина Божинвоска:** Благодарам претседателе.

Во интерес на предложениот амандман од колешката Ристанка Лалчевска, апсолутно сметам дека . . . (реакции на пратениците од СДСМ на излагањето на пратеничката Божиновска, дека амандманот не е поднесен од Ристанка Лалчевска, туку од Никола Рилковски)

Се извинувам, слушнав на телевизија и бидејќи го знам тој дел каде е, се согласувам со колегите пратеници, се извинувам што погрешив за предлагачот.

Почитуван министре, би било добро, бидејќи навистина се работи за мал износ, да бидеме во пресрет на овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Секуловска.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, сакам да кажам дека кога се гласаше за Буџетот на Република Македонија, исто така ние поднесовме амандман за оваа намена и сега го поддржувам амандманот на мојата колешка Ристанка Лалчевска и сметам дека навистина (пратениците од СДСМ реагираат на излагањето на госпоѓа Секуловска)

. . . Добро, од предлагачите на амандманот и мислам дека навистина е издржан амандманот, меѓутоа се надевам дека Владата ќе најде соодветно решение и средства за оваа намена.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Почитуван претседателе, јас би сакал да ја искажам мојата поддршка и моето задоволство од дискусиите на сите претходни пратеници, бидејќи очигледно амандманот предложен од пратеникот на Никола Рилкоски наиде на поддршка и од повеќе пратеници од владеачкото мнозинство. Во една ваква ситуација мислам дека министерот нема излез, освен да го прифати амандманот затоа што ретко на овој начин се манифестира единство на пратениците околу некои прашања за усвојување и за поддршка на еден ваков амандман.

Значи, го повикувам министерот сериозно да ги сфати дискусиите на пратениците, затоа што тие доаѓаат, подршката беше дадена токму од пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, без разлика што амандманот е предложен од пратеник на СДСМ. Ова е пример да покаже и министерот и доколку евентуално на гласањето пратениците од владеачкото мнозинство да дадат поддршка, не само вербално, туку и со притискање на зелените копчиња. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Јани Макрадули, реплика или збор?

**Јани Макрадули:** Јас претседателе бев преескa за реплика, ама не ме прашавте, но во ред, сосема на кратко.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам мислев дека . . .

**Јани Макрадули:** Не можам да сфатам пратениците од парламентарното мнозинство не можат да соберат сила да кажат дека амандманот што е поднесен од пратеник од опозиција од господинот Никола Рилкоски од СДСМ, го

поддржуваат и да го кажат вистинскиот автор на овој амандман. Навистина тоа што тие не се сетиле да го поднесат овој амандман не им дава за право да го менуваат и авторот на амандманот, вистинскиот автор и единствен автор е господинот Никола Рилкоски и тука освен поддршката. . . (реакција од пратениците)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да се слушаме, ве молам.

**Јани Макрадули:** Мислам дека треба да собереме храброст и да признаеме дека кога подржуваме некој амандман без разлика што е од опозиција, да кажеме со име и презиме дека се работи за пратеник од опозиција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Секуловска Мирјана, за реплика ли сте? За реплика ли сте? Повелете, вашите три минути.

**Мирјана Секуловска:** Сакам да го потсетам господинот Макрадули, сега кога се јавив за збор кажав дека група пратеници, ние веќе поднесовме амандман за овој пат "Железничка", кој е магистрален пат уште кога работевме, дебатиравме на Буџетот. Меѓутоа, не беше прифатен од причина што не беше предвидено во Буџетот и се нагласи дека Владата ќе најде средства за решавање на проблемот со оваа улица "Железничка". Значи, не е единствен Никола Рилкоски кој што поднесол амандман. Ние поднесовме уште кога се дебатираше по Буџетот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Макрадули Јани, претпоставувам контра реплика. Повелете, вашата минута.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Ова е најдобар доказ зошто служи вистинската опозиција. Да ги потсетува мнозинството дека тоа што ветила Владата, а не го остварила и затоа што во декември некој им кажал дека ќе влезе како програма а не влегло, опозицијата е тука да потсети и граѓаните на Охрид, посебно оние од "Железничка" точно ќе знаат кои се залага за решавање на нивниот статус. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Само нешто да ве прашам. Дали ќе се согласите госпоѓо Бендевска и господине Николовски, бидејќи и вие сте јавени за збор, овој момент стигна од Владата еден исклучително значаен амандман. Дали ќе се согласите, пак ќе си биде вашиот ред да свикаме 15 минути координација.

**Весна Бендевска:** Со оглед на тоа што нема да одземам од времето повеќе од една минута да кажам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Сакам да ја изразам својата комплетна поддршка на амандманот предложен од господинот Никола Рилкоски. Станува збор за издвојување на средствата во Буџетот во корист на изградба на улицата "Железничка" во Охрид и сакам да го изразам своето комплетно задоволство и се надевам дека овој амандман ќе добие поддршка и од голем број пратеници до владеачкото мнозинство. Претпоставувам сите ние знаеме какво е значењето на нашиот туристички бисер, тоа е градот Охрид и овој пат се надевам дека нема да биде во прилог тоа што за прв пат од овој Ребаланс ќе се издвојат средства и за една општина која е значително подалеку од Скопје, во контекст на она што го говорам во прилог на реформата на децентрализацијата. Се надевам дека почитуваните колеги ќе имаат исто такво разбирање и за другите амандмани кои ќе ги поднесат во корист на општина Битола.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Николовски, имате три минути реплика.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Прво, да и се заблагодарам на колешката која е од Битола и која ќе поддржи амандман што е за Охрид, тоа е одлично. Лично сакам да кажам дека ги подржувам сите проекти кои се поврзани со Охрид, без разлика од кого се поднесени, односно го подржувам амандманот на колегата Рилковски, но во насока на вистината, нели беше спомнато граѓаните на "Железничка" да знаат зошто улицата е таква каква што е, односно зошто не се прави. Треба да знаеме дека тоа е резултат на едно лажно ветување од страна на градоначалникот на Охрид кој се зафати со овој проект пред парламентарните избори 2006 година, го започна без никакви предвидени срества, без средства во Буџетот во општината, без средства во Фондот за магистрални и регионални патишта, заради тоа што патот припаѓа таму и уште повеќе ја немаше надлежноста да го гради овој пат, но се базираше на едно лажно ветување дека до колку СДСМ ги добие изборите ќе се реализира таа делница. Значи, добро е почнуваме проекти, но уште подобро е да знаеме дали имаме средства за тие проекти или немаме, дали се реални или не се реални и да не ги лажеме граѓаните, заради тоа што можеме да почнеме и автопат, можеме да почнема да градиме и железница, а да ги немаме средствата. Така што граѓаните на улица "Железничка" многу убаво знаат кој ги излажа, како ги излажа и зошто ги излажа, односно ги излажа во собирање на гласови, сакаше на еден класичен начин да ги излаже граѓаните да гласаат за СДСМ во тој период. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам, ме инспириравте господине Николовски околу лажните ветувања, верувајте 11 месеци се занимавам со оваа книга во која се собрани збирка на дела за лажни ветувања на оваа комплетна Влада.

Околу лажните ветувања токму вие со овој ребаланс сега барате средства за изградба на спортски сали, предвидувате над 270 милиони и така го замислувате економскиот развој на

Република Македонија, а колку од тоа ќе успеете да остварите, ова ви е втор обид за тешка измама околу изградба на спортските сали. Еднаш тоа ви успеа, не се сомневам дека и овој пат станува збор за огромна лага за граѓаните на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Рилкоски овде би предложил координација, но ајде повелете, со задоволство, повелете.

**Никола Рилкоски:** Благодарам на колегите кои ја дадоа поддршката на мојот амандман, а во интерес на она што значи вистина, жалам што колегата Александар нависитна изрече тоа дека локалната самоуправа односно градоначалникот преку лажни ветувања не направиле она што требало да се направи.

Сакам само да спомнам,мислам дека на сите ни е јасно дека овој дел од делницата спаѓа под Фондот за патишта, што е од републички карактер, но и покрај тоа локалната самоуправа иако не е во нејзина надлежност, во интерес на граѓаните на оваа населба, изработи подземна инфраструктура што значи дека локалната самоуправа даде голем придонес и средства за оваа делница што останува само Фондот да го стави слојот на асфалтирање и делот што се однесува за тротоарите за да се заокружи оваа целина и патот да стане безбеден за сите жители на овој простор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ве молам 15 минути коордианција во Охридска сала.

(Координацијата започна во 16,04 часот, во 16,44 часот претседателот објави пауза од 30 минути од технички причини, а по паузата за координација седницата продолжи со работа во 17,35 часот).

(Со седницата продолжи да раководи Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието).

**Иван Анастасовски:** Ги замолувам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да гласаме по однос на амандманот поднесен од пратеникот Никола Рилкоски.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата има 65 пратеници,

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, за гласале 21, нема воздржани, 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 2 за додавање нова потпрограма 2Б нова категорија 48 и нова ставка 482 и раздел 09002 Програма 2, потпрограма 46 ставка 464, поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Се извинувам, претпоставувам процедурално, министре пред да дадете одговор процедурално три минути има збор пратеник госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Согласно координацијата помеѓу сите пратенички групи во Собранието на Република Македонија ќе биде најдобро во овој момент, бидејќи се ближи 18,00 часот да изгласаме продолжување на работното време до донесување на ребалансот на Буџетот и да продолжиме нормално да функционираме понатаму.

**Иван Анастасовски:** Дали може вака да го формулираме, да продолжиме со работата по времето кое ни е определено со Деловникот.

Претпоставувам дека има поддршка од 10 пратеници.

Почитувани колеги, предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, за гласале 59, воздржани 2, против 3 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен да работиме по времето предвидено по Деловникот.

Сега господине министер да го кажете одговорот по однос на амандманот.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе, амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе,

Станува збор за уште еден проект зацртан во комуналната програма на Советот на општина Битола, а се работи околу комплетна реконструкција на делницата на железничката пруга која Битола ја поврзува со соседна Грција, со граничниот премин во село Меџитлија на патниот правец Битола-Лерин.

Со оглед на тоа што станува збор за една вонредно важна сообраќајна комуникација, согласно овој амандман предлагам 700 милиони денари да се повлечат од ставката разни трансфери од Министерството за финансии-функции на државата раздел 09002, а во корист на нова потпрограма во Министерството за транспорт и врски која гласи железничка линија Битола-Лерин.

Постојната железничка пруга на овој правец е вон употреба и верувајте во очајна ситуација е. Потребни се сериозни средства за реконструкција, согласно европските стандарди.

Во Предлог ребалансот на Буџетот, почитувани колеги, разделот 13001 Министерство за транспорт и врски за остварување и цели за 2007 година што впрочем би требало да доживеат

своја материјализација токму во овој Предлог ребаланс, дозволете да ви прочитам како предлагачот на ребалансот односно Владата на Република Македонија што смета за свои особени остварувања во 2007 година.

Овде е наведено дека Министерство за транспорт и врски има распишано и спроведено тендери за реализирање на проектот Сончев град. Јасно е ова е приоритетот на Министерство за транспорт и врски, потоа за третиот мобилен оператор и е во фаза на издавање на лиценца за работа на 4-от мобилен оператор, дозволете ми мала дигресија, никаде не прочитав дека Владата има намера да распише тендер за втор оператор во фиксната телефонија. Да се потсетиме, она што го ветуваше во предизборната кампања и т.н. и т.н.

Претпоставувам дека главна операција со која се дичи Министерство за транспорт и врски е цитирам: извршено е уривање на бесправно изградени објекти во општините Центар и Кисела Вода.

Дозволете повторно мала дигресија, кога за прв пат го видов спотот 17 години ВМРО-ДПМНЕ во кој јасно и пластично беа наведени начинот на кој ВМРО-ДПМНЕ руши 17 години, мислев дека некој го подметнал овој спот, меѓутоа, за жал, приоритети на Министерство за транспорт и врски не е изградба и реконструкција, не е во агендата на оваа Влада, на капитални објекти. Тоа е јасно, со оглед на фактот што иако програмата сообраќај и комуникации се зголемува со овој ребаланс од 38 милиони на 227 милиони денари целокупното зголемување е ставено во програмата северна трибина на Градскиот стадион. Јас навистина не знам зошто подготвувачот на материјалот околу Предлог ребалансот не ставил барем збор дека 150 милиони денари средства од Буџетот Министерство за транспорт и врски ќе ги користи за изградба на трибина на Градскиот стадион во Скопје. Сметам дека е многу попаметно почитувани колеги, да ве потсетам во ваша полза и во ваша корист, вашата програма Преродба во 100 чекори, на страница 44 вели оваа Влада со оглед дека е основна цел на програмата на ВМРО-ДПМНЕ реструктуирање на железницата и нејзина поделба на железнички транспорт и железничка инфраструктура и постепен влез на приватен капитал само во делот на транспортот, ВМРО-ДПМНЕ вети ќе се залага за модернизација и надградба на железничката инфраструктура особено на делниците, еве каде е спомнато Битола-Кременица.

Каде ви е предвидена ставката изградба на делницата Битола-Кременица на патниот правец Битола - граница со Република Грција кон градот Лерин.

Не сакам да го потсетувам повторно младиот надобуден колега Николовски, еве вака изгледаат лажните ветувања. Кога ќе напишете дека оваа Влада ќе го изгради железничкиот правец Битола -Кременица, а ќе предвиди 150 милиони денари за трибина во Скопје и нула денари за овој железнички правец, ова се вика класично лажно ветување на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Толку околу колегата.

Инаку, да потсетам зошто овој амандман треба да биде прифатен. Заради тоа што вонредно поволната географска положба на градот Битола треба да биде искористена и за нејзино комплетно поврзување со Република Грција кон која гравитира и тоа во функција на развој не само на општината Битола, туку и во функција на развој на регионот и на самата држава Република Македонија.

Ете токму заради тоа и заради вашите предизборни ветувања барам сила новите 47 илјади евра во ребалансот, во Буџетот на Република Македонија кои ќе ги добиете и ќе ви станат достапни веќе од 1 август од дивидендата од Телеком, умно да ги искористите и да ја реконструирате железничката пруга Битола-Кременица. Тогаш ќе покажете дека навистина оваа Влада сака да манифестира развојна политика. Сака да спроведува реформи и сака да ги држи своите ветувања од предизборниот период. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници, за гласале 16, нема воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 2 за додавање нова потпрограма 2Б по Програмата 2 и раздел 04002 Програма 1, потпрограма 10 ставка 425, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Еве овој амандман кој го поднесовме со колешката Цветанка Иванова од Струмица се однесува на патниот правец Куклиш-Банско. Исто како и претходниот амандман кој се однесуваше за село Сачево-Муртино и овој овозможува со овие средства односно со овој амандман, ако го изгласаме, да го скратиме патниот правец од Струмица за Банско како туристичко место во струмичкиот регион.

Амандманот се однесува на еден патен правец од Куклиш до Банско каде имаме големо скратување од една страна, а од друга страна имаме

поврзување на цел регион во подножјето на планината Беласица односно Струмица-Куклиш-Банско понатаму Габрово, Мокрино, Мокриево и се излегува на граничниот премин Ново Село. На еден начин овој патен правец е како транзит во струмичкиот регион односно растеретување на сообраќајот на постоечкиот патен правец Струмица - Ново Село.

Би сакал да ги запознаам колегите дека дел од овој правец кој ја поврзува Струмица со граничниот премин Ново Село дел е веќе завршен некаде 7-8 километри кој е во застој околу 5 години.

Изгласувањето на овој амандман е од големо значење за струмичката регија за растеретување на сообраќајот на постојниот патен правец кој би требало товарните возила да ги насочи од Струмица спрема Куклиш-Банско и да се излезе на граничниот премин Ново Село. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, за гласале 16, нема воздржани, 44 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3 потпрограма 30 ставка 481 раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници,

Со овој амандман се бара да се обезбедат средства во Буџетот како би се овозможило решавање на станбеното прашање на жителите од слечиштето Рамина кои, поради санација на истото, ќе останат без своите домови.

Ова ќе претставува многу голем и горлив проблем затоа што се работи за сто и повеќе домаќинства кои поради градежните работи и поради лизгањето на земјиштето не можат повеќе да живеат во своите куќи на овој дел и таму ќе треба да се направи комплетно расчистување на теренот и повеќе да не се дозволи да се врши градење на станбени објекти на овој дел од градот.

Но,останува проблемот каде овие луѓе ќе живеат понатаму, бидејќи нивните живеалишта или слечиштето ги направи небезбедни за живеење или поради санацијата ќе останат без истите, бидејќи треба да бидат срушени и теренот да се расчисти.

Беше понудено едно решение со тоа што за сите оние чии домови не беа безбедни за живеење Владата претходно им обезбеди средства за живеење под кирија, но такво решение не може долгорочно да опстои и за овие луѓе ќе мора да се бара соодветно решение.

Знаеме дека Владата од претходниот Буџет и Буџетот за оваа година кога претходно расправавме немаше предвидено средства за санација на слечиштето Рамина и по инсистирање на пратеничката група на СДСМ министерот прифати еден амандман со кој се предвидоа средства за втората фаза на санација на слечиштето, но сега останува прашањето како ќе се решава проблемот со куќите за живеење на овие граѓани кои ќе останат без истите.

Во овој амандман се предвидува да се обезбедат 10 милиони денари како би почнало да се решава ова прашање и овој проблем, се надевам дека колегите ќе го пдоржат амандманот, бидејќи знаеме дека и Владата откако премиерот лично се увери дека е ова тежок проблем и дека навистина треба да се решава, ќе најдат сили и ќе дозволат овој амандман да се изгласа. Исто така се надевам дека овој проблем нема да заврши тука во своето решавање се додека сите оние кои ќе останат без своите домови не им се најде соодветно решение.

Затоа апелирам да се даде подршка за овој амандман како би можеле пред време да го превенираме проблемот, а не потоа кога луѓето ќе останат без своите домови да бараме оправдување дека некој друг бил виновен или дека не знам кој е одговорен. На време согледување на овој проблем и почнување со негово решавање во голем дел ќе помогне слечиштето Рамина да се разреши на најдобар можен начин.

Затоа пелирам за подршка. Благодарам

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, за гласале 19, нема воздржани, 45 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3 потпрограма 3Б категорија 48 ставка 488 и раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20 категорија 42 ставка 426, поднесен од пратеникот Миле Пачемски под архивски број 07-2979/19.

Дали како предлагач сакате да кажете нешто, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам потпретседателе,

Овие амандмани под реден број 100, 101 и 102, ги повлекувам во склад со договорот што е постигнат помеѓу партиите. Значи, реден број 100, 101 и 102 и 103, од предлагачите.

**Иван Анастасовски:** Не, за тоа ќе треба предлагач е друг на тој амандманот под број 103. Вие како предлагач имате апсолутно право да ги повлечете амандманите под реден број 100, 101 и 102. Значи, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 прогрма 3, подпрограма 3б, категорија 48 ставка 488 и раздел 09002 програма 2, подпрограма 20, категорија 42 ставка 426, поднесен од пратеникот Миле Пачемски, под архивски број 07-2979/20.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 прогрма 3, подпрограма 3б, категорија 48 ставка 488 и раздел 09002 програма 2, подпрограма 20, категорија 42 ставка 426, поднесен од пратеникот Миле Пачемски, под архивски број 07-2979/22.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 прогрма 3, подпрограма 3б, категорија 48 ставка 488 и раздел 09002 програма 2, подпрограма 20, категорија 42 ставка 426, поднесен од пратеникот Нада Станчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор предлагачот.

**Нада Станчевска:** Амандманот е повлечен.

**Иван Анастсовски:** Во тој случај амандманот е повлечен.

Почитувани колеги во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандман на раздел 02001, прогрма 2, подпрограма 20, категорија 42 ставка 420 и раздел 09002 прогрма 2 подпрограма 20, категорија 42 ставка 426 и тој е составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Колеги, морам овде од технички причини да објавиме пауза до 15 минути, додека да биде сценариото приготвено со амандманите кои треба да ги довршиме, за Буџетот.

Ви благодарам.

(Пауза од 15 минути)

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 18,25 часот)

Молам, пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Во меѓувреме координаторот на пратеничката група Јани Макрадули во име на предлагачите на амандманите ги повлече амандманите под реден број 104, од 100 до 117, 129, 132, 133, 134, 136, 137, 143, 164, 172, 178, 179, 180, 183, 188, 191, 192 од реден број 200 до реден број 210, 212, 213, 220, 225, 226. Од реден број 227 до 249, 251, од реден број 260 до реден број 272, 278, од реден број 280 до реден број 291, 294, 296, од реден број 298 до реден број 304, 312, 322, 332, 341, 342, 365, 366, 368, 373, 375 и 376 од списокот на редоследот на амандмани, по кој Собранието води претрес.

Предлагачите на амандмание ги повлекоа амандманите по архивски број 07-2979/159, /157, /160, /162, /163, /148 и /154 и по нив нема да водиме претрес.

Предлагачите на амандманите ги повлекоа амандманите под архивски број 07-2979/2, /35, 33/, /3, /12, /34, /21/, /24 по кој Собранието нема да води претрес.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3 потпрограма 3б ставка 488 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Оливер Спасовски под архивски број 07-2979/ 54.

Го молам претставникот на владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван министер,

Овој амандман кој што го поднесов се работи за изработка односно довршување на локален водовод во селото Жеглјане општина Старо Нагоричане. Тоа е со преку одредени проекти кои што беа финансирани од неколку донатори, е започнат со градба во неколку фази, се завршени. Мислам дека со овие средства кои што се предвидени со амандманот ќе може да се доврши со што трајно ќе се реши проблемот на жителите од ова населено место, заради тоа што навистина немаат една од основните потреби кое што е за егзистенција во тој аспект апелирам да пратениците го поддржат овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 15, еден се воздржал од гласање, 50 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3 потпрограма 3б ставка 488 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Оливер Спасовски под архивски број 07-2979/ 55.

Го молам претставникот на владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министер,

Амандманот кој што е поднесен исто така се работи за доработка на флекална канализација која што е започната да се грди, пред две години финансирана од страна на Минисерството за животна средина во тоа време. Значи една фаза од изградбата на флекалната канализација е завршена, се работи за село Тромеѓа во Куманово, каде што навистина имаат сериозна потреба од изградба од оваа канализациона мрежа, заради тоа што пред се доаѓа до загадување на изворите со кои што обезбедуваат вода за пиење, преку локалниот водовод кој што го имаат изградено жителите од ова населено место. Од тој аспект мислам дека требаше да се размисли да барем со некој дел се помогне на овие жители од село Тромеѓа, мислам дека пратениците би требало да го поддржиме овој амандман и да овозможиме дозавршување на овој проект кој што е од огромно значење и за општината Куманово и за жителите од населеното место Тромеѓа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 19, пратеници, воздржано нема, против гласале 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3 потпрограма 3б ставка 488 и раздел 13001 програма 2 потпрограма 2а, ставка 489, поднесен од пратеникот Никола Ќукрчиев.

Го молам претставникот на владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Не се прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Како што оди работата да ги повлечеме и овие амандмани можеби ќе беше подобро, ама се надевам дека министерот ќе може бар дел или нешто да прифати.

Имено овој амандман го поднесов за да се изврши реконсрукција на патниот правец Негорци и Сермени. Овој правец е во една многулоша руинирана состојба иако се работи за локален пат, реално општина Гевгелија и покрај тоа што врши и во моментот определени интервенции на истиот, сепак, не е во можност самата да изврши комплетна реконструкција на овој пат, инаку се работи за патен правец во должина од околу 12 километри, широк 4 метри, кој заради местоположбата има стратешко значење, не само за самата населба Сермени, туку би рекол повеќекратно значење, особено ако се има предвид фрекфенцијата, развојните потенцијали на тоа подрачје и стратешките определби на граѓаните на општина Гевгелија за развој на интегриран туризам и културен развој. Со реконструкција на овој патен правец од Негорци до Сермени мислам дека ќе се подобри и трајно ќе се реши еден проблем со кој што ќе се обезбедат клучните услови за еден нов регионален развој во тоа подрачје. И токму од тие причини денес дека е многу добро да Владата на Република Македонија го подобри развојот на тој дел од Републиката и со извршување на реконструкција на овој пат ценам дека ќе допринесе за повеќекратен равој на населеното место Негорци и Сермини. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 17, 2 се воздржале од гласањето, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3 потпрограма 3б ставка 488 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/ 115

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелте.

**Трајко Славески:** Не се прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Барате збор така?

Има збор пратеник Цветковска Благородна, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе.

Сметав дека овој амандман ќе се прифати бидејќи се предлага заради обезбедување на средства за доизградба на водовод во село Кркља, кое село гравитира со граничниот премин Деве Баир. Околу тоа село има и други помали села како што е Узем, ова село е од стратешко значење бидејќи има голема фрекфенција кон граничниот премин Деве Баир, и изградбата односно доизградбата на водовод бараме некаде 5 милиони денари, со што трајно ќе се реши проблемот на граѓаните на

жителите од ова село. Човечки е да им се помогне на жителите, бидејќи навистина се наоѓаат во многу неповолна ситуација. Тука се голем број на жители во ова село, од расфрлен тип, такви се и селата во Крива Паланка повеќе, неодбиен тип, и мислам дека овде човечки беше да им се помогне на луѓето со минимални средства. Локалната заедница не е во состојба, што беше во состојба направи, меѓутоа бараме дополнителни средства за да може да се доврши водоводот во ова село. Ги замолувам пратениците да го поддржат овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 16, нема воздржано, 49 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3 потпрограма 3б ставка 488 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-32979/ 120

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелте.

**Трајко Славески:** Не се прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратенци, од кои за гласале 18, нема воздржано, против гласале 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3 потпрограма 3б ставка 488 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-32979/ 122

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Не се прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник госпоѓа Цветковска Благородна, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман се предлага заради обезедување на средства за водоснабдување на висока зона на лев брег на Крива Река во Крива Паланка.

Граѓаните во високите зони на градот се соочуваат со недостиг на вода за пиење. Причина е лошата конфигурација на теренот. Изградба на станбени објекти и десниот профил на постојаната мрежа. Проблемот би се решил со зафаќање на водите од Калин Камен и од Станечка Река, пречистени во фабриката за преработка на вода за пиење.

Водоснабдувањето ќе се врши со цевковод од фабриката до првиот резервоар и од првиот до вториот, а потоа ќе се користи постојаната водоводна мрежа. За израмнување на часовата нерамномерност во потрошувачката на вода е предвидено изградба на два посебни резервоара. Мислам дека овој амандман заслужува внимание и министерот требаше малку да поразмисли дека треба да се прифати, затоа што е од многу големо значење за граѓаните на овој град. Без вода, едностано остануваат целиот летен период, а без вода во овие услови на оваа горештина е многу тешко. И покрај тоа што општината даде многу средства, локалната заедница, но за патот помогна и околу ова, но нема доволно средства целосно да им го реши овој проблем. Јас мислам дека ќе имаме сите човечки слух да им помогнеме на овие луѓе во разрешување на овој проблем. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, од кои за гласале 16, нема воздржани, 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 3 потпрограма 3Б ставка 488 Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов, под архивски број 07 - 3979/123.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе. Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, гласале 45, од кои 9 гласале за, нема воздржани, 36 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 3 потпрограма 3Б ставка 488 Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов, под архивски број 07 - 3979/124.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе. Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

За збор е јавен пратеникот госпоѓа Цветковска Благородна, повелете.

**Благородна Цветковска:** Не ме изненади ова, затоа што гледам дека амандмани кои бараат многу минимални средства министерот како воопшто да не е запознаен со вакивте проблеми. Се работи за многу мали суми, така да и овој амандман ќе го образложам, се предлага заради обезбедување на средства за изградба на брана на Станечка река. Зголемувањето на потребите од вода во овој град е условено од зголемување на бројот на жителите, а зголемување бројот на жителите е од постојаната миграција на село - град. Да се надеваме дека оваа Влада ќе ја прошири и индустријата на овој град и други причини, ја наметнува потребата од барање на нови изводници на вода. За решавање на овој проблем е анализирана можноста за зафаќање на површинските протечни води на Станечка река, а таму ги има, за што е изработена студија за неповолен профил. За комплетно решавање на проблемот предвидено е да изведе брана која ќе формира акумулација за сезонско израмнување, која во голема мера ќе го подобри водоснабдувањето на овој град. Мислам со ова ќе решиме еден голем проблем за жителите на градот Крива Паланка. Но за жал, министерот повторно пак, со некое негово размислување ваквите амандмани, едноставно како да ги брише, не доаѓаат во предвид, тоа не е ништо, тоа не значи ништо и покрај тоа што се работи за луѓе, за судбина на луѓе, за луѓе кои се дават во нечистотија. Немаат едноставно вода за пиење, а овде немаме никаков слух и срамота е да се одбиваат вакви амандмани. Жителите слушаат на овие места каде што живеат и затоа ги предлагам овие амандмани.Треба ли лично да ви се обратат господине министре, од вас да бараат помош, со туби носат вода по два километри. Дали за пиење, дали за хигиена во своите домови. Општината не е во состојба, локалната заедница да го реши овој проблем. Затоа и се обраќаме овде, сметајќи дека ќе најдеме разбирање во Ребалансот на буџетот да се обезбеди дел колку што можат финансиски средства да се реши овој проблем. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои за гласале 15, нема воздржани, 48 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 3 потпрограма 3Б ставка 488 Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов, под архивски број 07 - 3979/126.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе. Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави пратеникот госпоѓа Цветковска Благородна, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе, благодарам почитуван министре.

И жителите ќе ви искажат голема благодарност од една голема населба Бојанов дол кој бараат обезбедување на средства за изградба на фекална канализација. И ако ова не сме во состојба да им пружиме малку барем инвестиции, барем малку нешто да им се помогне, нека ви служи на чест. Благодарам и нема потреба повеќе да образложуваме. Ова е навистина да немате слух за ништо. За луѓето воопшто, кога требаат гласови имате, а за вакви работи немате воопшто слух. Благодарам уште еднаш.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Се извинувам.

**Благородна Цветковска:** Не се смејте вие.

Има збот министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Затоа што на евтин начин се сака, наводно да се заработат или да се изгубат гласови од нечија страна, јас навистина молам почитуваната пратеничка да не го користи Парламентот за таков начин на пресметка со своите политички противници, затоа што со овие средства што таа ги предлага, буквално не може ништо да се заврши. Не е тоа начин како да се решаваат работите, односно проблемите на луѓето.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Навистина очекувам од вас, согласно вашите ингеренции да го штитите дигинитетот на работата на законодавниот дом, токму од местото

на кое сега се наоѓате. По којзнае кој пат сме сведоци на нарушување на атмосферата за работа во ова Собрание, предизвикана од претставник на Владата на Република Македонија кој денес е тука меѓу нас да го брани предлогот за Ребаланс на буџетот за 2007 година, поднесен токму од Владата на Република Македонија. Ваквото непримерно однесување, ваквата груба повреда насочена кон функцијата пратеник во ова Собрание, требаше да биде сакнционирано од ваша страна.

За жал, вие немате ниту капацитет, ниту сенс, ниту одговорност што не реагирате на вакви груби напади. Очекувам токму од вас да ја штитите функцијата пратеник, токму во салата на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Ви благодарам.

Почитуван потпретседателе, навистина зачудува односот и на министерот и вкупно Владата кон нас пратениците и најискрено ми е жал што вие како раководство на Парламентот ниту во една ситуација не станавте во заштита на нас пратениците. Значи, ако само Владата во оваа држава е најпаметна и Никола Груевски и Трајко Славески знаеле да ги решаваат проблемите во Република Македонија, дајте сите ние да им дадеме ним неограничена власт и да видиме што е толку стручно што тие можат да го направат за граѓаните, а не со секоја изјава да кажуваат дека ние сме кочничари, дека некој чекал од нас, меѓутоа никогаш да кажат што е тоа што се чека од нив. Ветуваа економски просперитет, го нема, ветуваа вработувања, ги нема, ветуваа решавање на проблемите, ги нема. Што сега пратениците ги вреѓаат овде дека вака не се решавале проблемите. Ние имаме законска и уставна надлежност, имаме право да поднесуваме амандмани, имаме право да ги браниме. Ако министерот не знае на друг начин да го брани својот предлог на Ребаланс и да се спротивстави на аргументите на опозицијата, нека не се јавува за реплика и нека не не навредува. Навистина тоа како се случува, главни виновници во државата се само пратениците, или опозицијата. Не држи тоа. Мислам дека сите заедно, на ваквиот однос на Владата и посебно на министерот за финансии и на премиерот, навистина да ставиме крај. Не сме ние овде дежурни виновници. И ние имаме мандат од граѓаните и ние имаме право да дискутираме и да укажуваме на проблемите од таму од каде доаѓаат. Ако не можат да ги решат, нека не бараат и вината повторно да ја префрлаат на друг со тоа што ќе ги обвинат дека не им се издржани аргументите. Навистина на овој начин само се деградираме самите себеси, ја деградираме и државата и институциите во неа.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам.

Навистина, со секое јавување за збор, министерот Славески, посебно тој, а и другите министри од Владата на ВМРО-ДПМНЕ секогаш ја користат приликата на арогантен и самобендисан начин да се обратат кон институцијата Парламент и кон нас пратениците. Конкретно за последниот скандал, мислам дека е недопусливо министерот кој е гостин и институционално е потчинет на Парламентот, да ни држи лекции и да ни кажува да не користиме Парламентот за вакви работи, за амандмани, што е многу нормално, мног легитимно. Зарем не треба ние да и се обрќаме на Владата, или да ни се забрани да говориме, или да бараме нешто од Владата, или овој проблем што го бараше пратеничката Благородна Цветковска, не може да се реши на ваков начин. А проблемите кога за тоа ќе има политичка волја или добра волја ВМРО-ДПМНЕ, за се што нив ги интересира, што е од интерес на Владата, на комодитетот на извршната власт за да трошат пари за непосредни спогодби и договори во четири очи, само незнам кога ќе почнат истраги за тоа и кога ќе почне да се апси за тоа, за такви слоупотреби, за тоа може да се најдат пари, а за да се изгради некој пат, водовод да не се мачат луѓето, за тоа не може. Може само кога ви требаат гласови. Значи, не може Парламентот да се користи само за политички поени и за маркетинг на Владата, кога тоа му треба на ВМРО-ДПМНЕ.

Исто така, вчера се случи, вие не предупредивте за еден амандман на своја одговорност, демек, внимавајте што правите, ако изгласате спротивно на тоа што го рекол министерот, на своја одговорност. Министре и почитувани претставници на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, не сте вие од Господ дадени. Која е пак таа ваша одговорност. Што се замислувате вие овде. Има да се научите на некој ред, на некоја култура, прво политичка, елементарна, да го прочитате Уставот кој е кој во институциите и овде да ни солите памет.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник Цветковска Благородна, повелете.

**Благородан Цветковска:** Немав намера да се јавам, меѓутоа ми се јавија граѓани токму од тие места, од селото Крклља, се јавија и голем поздрав до министерот и добро ја предупредија извршната власт. Ако министерот е избран од нашите редови овде и ако граѓаните го избрале, да не смета во работата на пратениците, бидејќи амандманите треба овде во овој законски дом да се разгледуваат. Тоа е нивно барање. Истовремено кажуваат, го прашуваме господинот министер дали и тој носи по два километри вода до неговиот дом и дали и тој има вакви услови на живеење како што ние живееме и дали приоритет на министерот и на целата Влада, на чело со господинот премиер Груевски, е изградба на споменици. Нас не ни требаат споменици, нас ни треба основно да ја одржуваме хигиената и да имаме здрав живот. Тоа го порачуваат и го поздравуваат министерот граѓаните од село

Конопница, граѓаните од село Кркља и лично ќе дојдат да го посетат и да се обратат до него, затоа што тој лично доаѓал и се обраќал до нив.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 55 пратеници, од кои за гласале 12, нема воздржани, 43 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 3 потпрограма 3Б ставка 488 Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Роза Топузовска Каревска и Слободан Најдовски, под архивски број 07 - 3979/150.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе. Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам потпретседателе, благодарам почитуван министре, сосема накратко.

Амандманот го имам поднесено за 100.000 евра, за водовод во село Рилево, Прилепско.

Ќе ви кажам, во живото никогаш не сум бил во тоа сел, но гледајќи на една од телевизиите, еден прилог.

(од место министерот му дофрла да зборува за Кравари)

За Кравари, во ред министре, сосема накратко.

Кравари е селото каде што живеам господине министре. Во тоа село во живото селани се направиле со самопридонес, водовод, канализација, телефон, улици, амбуланти, се со самопридонес.

Минатата влада даде еден милион денари за еден бај пас на водоводот, да се појача водата. Сега ви барам три милиони денари за канализацијата во Кравари, за да се направи уште еден крах, да се поврзе петтиот канал за кој претходно имав еден амандман, имаше госпоѓа Бендевска и би ве замолил, јас знам дека нема да поминат сите овие три што ги имам предложено, но би ве замолил, во таа рпограма што ја има при Владата, за водоводи и канализации, за овие три амандмани, да се заангажирате, затоа што општината Битола по однос на овие два амандмани кои се за канализации нема доволно средства да го реши тој проблем.

Би ве замолил во таа програма да ги земете во предвид овие амандмани. Сепак амандманите не ги повлекувам и сакам да се гласа за да видиме кој оди во овие населени места кога се изборите и ветува се и сешто, а кога ќе дојде во Парламент да гласа за амандманите не ги подржувам. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 53 пратеници, од кои за гласале 14, 1 се воздржал и 38 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 13009 Програма 3 Потпрограма 3Б ставка 488 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482 поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Слободан Најдевски под архивски број 07-2979/151

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен. Има збор пратеникот господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Бидејќи се однесуваат сите на исти ставки, овој е за канализацијата во Долно Оризари.

Канализацијата во село Долно Оризари, кое што е уште малку ќе се спои со Битола се гради некаде од 1995 година. За изградба на таа канализација селаните во најголем дел ја финансираат со сопствен самопридонес. Државата Република Македонија доделува средства за изградба на оваа канализација за да се дозаврши секогаш кога ќе не е ВМРО - ДПМНЕ на власт. Морам да ви кажам повеќе пати таму добива на избори ВМРО - ДПМНЕ, а досега им нема дадено ни еден денар за таа канализација. Претходната влада им додели 100 илјади евра.

Јас би ве замолил господине министре со оглед на тоа што општината Битола нема доволно средства, средствата ги користи повеќе за други намени, за кои што не е моментот сега да зборуваме. Би ве замолил доколку не се изгласа овој амандман повторно ќе ве упатам на програмата за канализации и водоводи кога вие во Владата на Република Македонија ја носите оваа програма да одвоите 100 илјади евра за канализацијата во село Долно Оризари за да конечно заврши системот на канализација бидејќи еден дел од домаќинставата во селото се уште не се приклучени на канализацијата. Тие луѓе во оваа сиромаштија повеќе од 600 евра по домаќинство имаат издвоено како самопридонес. Редно е како држава барем уште еднаш да им се помогне и да го завршиме тој процес. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата гласале 58, од кои за гласале 15, нема воздржани и против гласале 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3Б ставка 488 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482 поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Слободан Најдовски под архивски број 07-979/152.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

На почетокот кога беше по овие три амандмани кажав дека во ова село не сум бил никогаш, но гледав еден прилог на една од националните телевизии и гледав како старци од 70-тина и повеќе години мака мачат затоа што немаат вода за пиење, вода за основните потреби. Според тој прилог на телевизија имало некоја пресметка во општината Долнени дека 100 илјади евра кошта изградбата на водоводот на ова село. Ова ви го кажувам врз основа на прилогот кој што беше на еден од националните програми.

Навистина да не ја тераме расправата во друга насока, господине министре од рекламата за добра фризура, која што вие рековте дека е 100 илјади евра ќе направевте еден голем себап ако дадевте во едно село да се изгради еден водовод. Рекламиравте нешто што е работа на банките самостојно да се рекламираат. Не сакам да навлегувам од кои причини и зошто го правевте тој спот. Но, еве откажете се од еден таков спот во иднина, дозволете едно село, едни старци кои што останале, 70-80, колку се таму да живеаат да им овозможиме остатокот од својот живот да го поминат и да имаат една чаша вода да се напијат. Нема да изгубите ништо со едно било која од вашите реклами. Ова сфатете го најдобро намерно. Погледнете уште еднаш кога ќе ја правите програмата за водоводи и канализации, бидејќи и сега нема да го усвоите овој амандман, но погледнете кога ќе ја правите таа програма помогнете им на тие луѓе. Тие луѓе зависат од вас и неколку министри кои заедно седите во Владата и ја изработувате таа програма. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Роза Топузовска Каревска.

**Роза Топузовска Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, еве за разлика од мојот почитуван колега Слободан Најдовски јас сум била и во Рилево, Долгаец, Костинци, Пешталево, Слепче, Зрзе, а како може да не се биде кога таму се наоѓаат најубавите репрезенти од велелепната поствизантиска уметност. Сум била да ги видам, да ги документирам и да напишам по нешто за нив.

Сметам дека овие села треба да се покаже поголема грижа за нив, и како што кажа мојот почитуван колега во најголем број од нив живеаат луѓе кои се на повисока возраст, имаат повеќе години, но и тие почитувани колеги заслужуваат да имаат барем услови за најелементарен живот и потреби.

Токму поради тоа, почитувани колеги, Македонија има со што да се претстави, со што да се пофали, со што да се гордее. Имаме културно наследство како што нема дури ни пошироко на Балканот и светот. Затоа кажувам дека нам не ни требаат восочни фигури, откажете се, ја повикувам Владата и премиерот да се откажат од восочните фигури кои претставуваат врв на невкус и кич и парите да ги пренамениме онаму каде навистина ќе бидат покорисни, па кога можеби овие села ќе имаат водовод и останати работи кои им се потребни за елементарно живеење, можеби некои од помладите генерации ќе се вратат таму затоа што тоа го прават во летните месеци, доаѓаат на родните огништа да работат на нивите и да заработат барем нешто за живот.

Се надевам дека ова не се големи средства и нема да го оптоварат буџетот на Република Македонија, ве молам почитувани колеги пратеници да го изгласаме овој амандман. Тоа е малку за буџетот, а многу за луѓето кои живеат таму. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 21, нема воздржано, 31 гласале против. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3Б ставка 488 и Раздел 13001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 425, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Дефинитивно ми е јасно која ќе биде судбината и на овој амандман, бидејќи од претходните видовме дека министерот во Владата на ВМРО - ДПМНЕ има аверзија да дава пари за вода, за подобрување на условите за живот на граѓаните.

Ги одби амандманите за вакви и слични намени за водоснабдување, за решавање на проблемите за кривопаланечко, за селата во прилепско, во битолско, слушавме од колегите.

Со овој амандман бараме 4 милиони за зголемување на ставката во буџетот за водоснабдителни и канализациони системи во Република Македонија. Средства кои ќе бидат наменети за единиците на локална самоуправа.

Почитуван министре ве известувам дека по проверката во документот на ребалансот на буџетот може да се констатира дека оваа ставка од 94 милиони што била до сега останува и понатаму иста. Парите со кои предлагаме да се зголеми оваа ставка за 4 милиони ги земаме од договорните услуги кои сте ги зголемиле од 9 на 13 милиони. Кога веќе не давате образложение зошто не сакате да ги зголемите средствата за водовод и канализација, тогаш барем заслужуваме образложение зошто сте ги зголемиле за 4 милиони, колку и ние бараме, ја бараме разликата што сте ја доделиле како повеќе пари за договорни услуги на Министерството за транспорт и врски. Ајде одговорете за тоа што досега нашите амандмани се базираа на тоа да земаме пари од несуштински трошоци во буџетот, од луксузирање на извршната власт, договорни услуги, од оние пари со кои склучувате договори нетранспарентно во четири очи без тендери, што правите реклами.

Министре, овој амандман може да ве чини неколку реклами во пари, меѓутоа, да ви порачам дека од реклами не се живее, граѓаните не живеат од реклами, посебно не ако се тие реклами правени на штетен начин дури штетни можат да ви бидат ако се правени без тендери, со непосредни спогодби во четири очи. А обратно, од вода се живее. Значи, направете нешто хумано, направете нешто несебично, не мислете само на вашиот политички рејтинг и после ја обвинувате опозицијата дека опозицијата прави политички рејтинг. Да не сакате да не постои опозиција, да нема амандмани, да не се носи буџетот на Парламент, туку на Влада како ќе ви каже премиерот така. Јас не знам дали на седниците на Влада, освен на тие отворените кога се глуми, дали имате храброст да му се спротивставите на премиерот како што се обраќате на пратениците од опозицијата.

Направете нешто човечко пред се, нешто што има приоритет, еве направете споредба што е поважно во овој сушен период водата или рекламите на Владата. Тоа ви е изборот очигледно, вие си ја фативте страната, не се сомневавме каква ќе биде вашата одлука, но наше е да ве предупредиме, наше е да ве повикаме, да побараме, тоа е демократски, тоа треба да го слушне јавноста и да видат граѓаните кој за што се залага.

Вашата програма што постојано ви ја повторува колешката Бендевска, ја немам тука, ќе направам копија за некои други седници и ќе почнам и јас да ви читам што сте ветувале во програмата. Вие повеќе пари ќе заштедите на овие телевизиски спотови, реклами во весниците, нема да имате потреба од такви реклами по медиумите, ако си ја исполнувате програмата кон граѓаните, мислам на изборната и пак ќе си победите на избори, но вака ако не си ја почитувате својата програма нема опозицијата да ви биде крива.

(во 19,17 часот со седницата продолжи да раководи господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието)

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Кондарко.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Се надевам дека ќе интервенира главниот предлагач на буџетот, тоа е премиерот на Владата и во овој момент претставникот на Владата ќе го замени со друг претставник, бидејќи така претставникот што може да го замени и во Собранието никогаш повеќе не кажал од "не се прифаќа" така што да не влеземе непотребно во одолговлекување наљ целиот процес.

Амандманите се уставен инструмент кои им стојат на располагање на пратениците и со вакви амандмани или амандманите се вистински начин како да се овозможи да се решат работите. Тоа е да се овозможат пари за инфраструктурни проекти, а не пари за спортски сали без греење и без осветление. Декларативните заложби за било што што ги прави Владата, знаеме дека денеска е 31 јули, 19.30 часот, не знам дали ќе имаме нова седница до полноќ за да се донесе законот за јавно обвинителство и совет за јавни обвинители и судски совет како што вети господинот Груевски во Брисел, можеби тоа ќе им текне на ВМРО - ДПМНЕ, но очигледно е дека политиките на Владата не се преточуваат во пракса.

Имено, една од клучните декларативни заложби што ги прави Владата, тоа е дека се залага за децентрализацијата. Како ќе процениме дали една Влада се залага за децентрализација најдобро тоа да го видиме во буџетот, а не на некој спот. И Љубчо Георгиевски 2002 година на Мечкин Камен однесе 20 илјади луѓе, веројатно со истите автобуси, па катастрофално беше поразен на 15 септември.

На луѓето не им требаат реклами во весници, спотови, платени автобуси и нови поделби. На луѓето од кратовските села Трновац, Крилатица и Кетеново им треба вода. Бидејќи коалициониот партнер на господинот Груевски им ја секнал таа вода. На Валандово и странските инвеститори, не само домашните, останаа без род нивните лозја затоа што недоволно е вложувањето во водоснабдувањето. Да не зборувам за многу блиску до нас ако се пробие патот преку Теферич

па да стигнеме до Сопиште или од другата страна до Скопска Црна Гора каде сакате, повторно се мачат со водоснабдување.

Ако сакаме да ги решиме работите тогаш на градоначалниците, на советите на општините ќе им префрлиме повеќе пари за вакви проекти во делот на водоснабдување и канализациони системи Потпрограмата 3Б и Програмата 3 од Министерството за транспорт и врски, бидејќи очигледно многу градоначалници се поуспешни во својата работа отколку она што министрите за оваа година го покажале.

Министерот за транспорт и врски откако направи веројатно најголем долг во историјата на едно јавно претпријатие за толку краток мандат, додуша издаде книга дечкото, на почетокот не можевме да го симнеме од телевизиските камери, но сега кога треба да се зборува за водоводи, кога треба да се зборува за реални проекти, за социјални станови не можеме да го видиме и само праќа соопштение во јавноста. Но, за тоа не му пречело договорните услуги да ги зголеми за 4 милиони во своето Министерството за транспорт и врски. Ниту знаеме зошто, ниту знаеме каде ќе одат тие пати, освен можеби во реиздавање на книгата за како се пропаѓа едно претпријатие јавно во Скопје или пак како се пропаѓа едно Министерство.

Затоа, сосема е нормално, природно, пратениците бидејќи сите доаѓаме од некоја општина и тие од позицијата, веројатно не мислат дека тука ќе останат вечно, ќе се вратат да разговараат за реални проблеми. Тие се, водоснабдувањето, канализационите системи од програмата 3Б. И затоа бараме пари. Не мислиме дека спортската сала во која што на 20 км кај Ново Село нема трафостаница или пак северната трибина која што едвај не можеме да ја наполниме, на пример ни со Русија. Во овие услови стадионот, за жал, не го наполнивме ни на фудбалски натпревар со Русија, без разлика колку ќе упаѓаат ВМРО-ДПМНЕ во фудбалската федерација. Мислиме дека тие пари не се она што им треба на жителите на Трновец, Крилатици, Кетиново, на скопска Црна Гора, во Сопиште итн. Има посериозни проблеми и тука е разликата помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Не мислиме дека кампањите, рекламите се долгорочни, политички позитивни потези. Напротив, и она што секогаш го зборуваме политиката за децентрализација за фискална децентрализација. Гледаме дека е само заложба, затоа што Владата одвојува помалку пари за тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа. Знаеме дека е законска обврска за три посто од персоналниот данок да се префрлува како трансфер до единиците за локалната самоуправа, пратеничката група на СДСМ бараше тоа да се подигне на 4,5 бидејќи се намали стапката на персонален данок, но тоа не се прифати, помалку пари се праќаат кон општините, селективен е пристапот. Слушаме дека некој градоначалници велат дека се врши етничка и политичка дискриминација во распределбата на средствата за проекти поврзани со водоснабдувањето и канализационите системи и ни таа законска обврска од 3% не се остварува, бидејќи Владата вика се зголемуваат приходите од даноци, од песонален, од ДДВ, но помалку пари одат во општината. Зошто ни таа основна компонента или законска обврска не се исполнува. Тоа ќе го ценат граѓаните и ќе знаат дали во Трновец, Крилатици и Кетоново повеќе ќар ќе имаат од северната трибина во Скопје, ќе видиме кога ќе се изгради дали повеќе ќе имаат ќар од восочниот Тодор Александров или пак ќе имаат проект кој ќе им донесе вода во нивните домови. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Збор има господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Се извинувам што по втор пат се јавувам за збор, ќе бидам краток.

Почитуван министре,

Ова е премногу симптоматично со овие договорни услуги во сите институции, во сите министерства, екстремни, видливи, зголемувања на овие ставки во Буџетот. Да не ја шириме сега работата, јас го повторував овие денови за различни амандмани и еве конкретно за овој амандман. Значи, вака не може. Барам да ми одговорите. Еве го Буџетот зошто и од кој зорт, од која мака, со кои потреби Министерството за транспорт и врски побарало, за вие да им дадете 4 милиони плус за договорни услуги, на седница на Влада морало некој да бара и морало некој при тоа да даде некое образложение за тоа. Значи, кои биле причините за тоа. Зошто се зголемени еве тука конкретно овие договорни услуги.

Понатаму, сигурно Владата имала некои причини за да го прифати таквото барање. Кои биле тие причини на Владата за да го прифати барањето за зголемување на ставката на договорни услуги на ова Министерство.

Понатаму, врз основа на кои критериуми Владата одлучила тоа да го одобри и зошто баш толку пари и колку. Можеби Министерството барало уште повеќе пари или помалку пари. Зошто Владата баш толку дозволила 4 милиони.

Понатаму, како ќе се трошат тие пари и кои ќе бидат бенефитите од трошењето на овие пари за договорни услуги. Кој ќе ја прави контролата на трошењето во крајна линија. Значи, ова веќе станува навистина проблематично. Каде и да погледнеме секаде енормно се зголемуваат ставките за договорни услуги. Дали си најдовте, вчера реков, вентил за ненаменско, нетранспарентно, сомнително трошење на парите партиско или не знам какво. Дали е тоа можност потенцијална за криминал и корупција и манипулација со трошењето на држаните пари, на државните обврзници. Што треба ова да значи?

И, уште едно прашање на крајот. Ако сте нашле 4 милиони да ги зголемите во Министерството за транспорт, конкретно за овој амандман, бидејќи од таму ги бараме овие 4 милиони да се

пренаменат за водоснабдување, да одговорите од каде од друго место сте ги извлекле, за да му ги дадете на ова Министерство за договорни услуги. Значи, мора тоа е Буџетот врзни садови, не знам или многу пари имате и не знаете како да ги трошите. Мора од негде да земете за негде да дадете. Само вие секогаш ја одбирате погрешната страна. Наместо да дадете за нешто корисно вие за договорни услуги давате пари. Тоа се прашањата на кои се надевам бидејќи не сте пријавен повторно ќе премолчите и нема да одговорите. Меѓутоа имаме и други амандмани и за тие, ви реков, секаде не бараме ние пари од Буџетот некои нереални пренамени. Бараме од оние средства што не се суштински од кој немаат ќар граѓаните, од кој има ќар комодитетот и луксузирањето на извршната власт. Е, тоа сакаме да го направиме да и ги скратиме парите на власта, за трошење од страна на минстрите и на владините институции.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Кондарко.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 16, воздржани нема, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 3 за додавање нова потпрограма по потпрограма 3Б категорија 48 ставка 484 и Раздел 05001 програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам министерот да се произнесе.

Има збор министерот.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе, амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандман.

Збор има пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман што го имам поднесено, значи пак ќе повторам со колешката Цветанка Иванова, бидејќи сите амандмани за Струмица и струмичкиот регион ни се поднесени заеднички.

Се однесува за и до сега за што дискутираа моите колеги пратеници за водоснабдување за одредени населени места, дали беше за Крива Паланка, Прилеп, Битола итн, еве и за струмичкиот регион со колешата имаме поднесено амандман со кој бараме некаде околу 40 милиони денари за водоснабдување на неколку населени места, пред се би рекол приградски населби на градот Струмица. Тоа се селото Дадиље, Добреици и Градско Балдовци

кои гравитираат со градот Струмица и селото Просиниково кое неколку километри одалечено од Струмица. Не случајно имавме исто така еден амандман во вчерашната расправа со кој баравме зголемување на ставката А0 односно зголемување на сумата за децентрализација каде што побаравме со колешката Цветанка Иванова за зголемување на средствата кои ќе ги додели Владата во сферата на децентрализација во ставката А0 некаде за 6,8%. Заправо овие средства можеби ако беше одобрен овој амандман кој што го имавме поднесено вчера овие општини кои што требаше да ги добие овие средства можеби ете кога Владата не дозволува, кога не прифаќа амандмани, кога не дава средства за изградба на водоводна мрежа односно за водоснабдување на населените места кои што ги бараме со колегите пратеници, можеби овој амандман што го имавме вчера поднесено ќе беше добро да биде прифатен и можеби барем едно од овие населени места од овие четири кои што јас ги имам овде пред мене ќе можеа да дојдат до вода. Но, тоа е што го имаме односно вистината е дека Владата барем до досегашната расправа за сите амандмани дали се работи за Прилеп, како што реков, дали се работи за Скопје, Крива Паланка, Струмица, Битола не додели ниту еден денар за водоснбдувањето. Затоа јас не очекував овој амандман да биде прифатен, но се надевам дека ќе добијам подршка од колегите пратеници барем од струмичкиот регион. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да гласаме по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласале само 49 пратеника би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласање имало присутни 64 пратеници така да гласањето е валидно.

Значи, гласале 49 пратеници, за гласале 12, воздржано 1, против 36.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 3 потпрограма 3Б категорија 48 ставка 488 и Раздел 13001 програма 2 потпрограма 2А категорија 48 ставка 489, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Борис Кондарко, Славица Грковска и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Со оглед на тоа што станува збор за последен амандман со кој бараме пренасочување на средства во корист на Министерство за транспорт и врски подпрограми кои се однесуваат за изградба и капитални инвестиции во однос на снабдителни и канализациони системи беше токму од оваа говорница. Да ви прочитам еден многу занимлив и убав текст.

Во Република Македонија и во новиот милениум постојат голем број населени места со проблеми за квалитетно водоснабдување проследено со огромни загуби во мрежите од речиси 50%, а многу населени места воопшто и немаат изградено водоводна мрежа. Речиси секој град во Република Македонија посебно во летниот период има недостаток од вода. Исто така постои недоволан покриеност со пречистителни станици за вода и одведување отпадни води. Владата на ВМРО-ДПМНЕ во својот мандат кој веќе трае 11 месеци ќе се залага меѓу другото "трансформација на локалните водоснабдителни системи во регионални системи за водоснабдување следејќи ги светските трендови за подобро, поквалитетно, поефтино и ефикасно водоснабдување, реконструкција и рехабилитација на постоечките водоснабдителни системи, нивна автоматизација и оптимизација преку модерен систем за набљудување". Исто така, Владата на ВМРО-ДПМНЕ во својот мандат вети изградба на нови и рехабилитација на постоечките водоводнимрежи во соработка со локалните власти и изградба на пречистителни станици со најсовремена опрема за контрола на квалитетот на водите. И, ова ветување го завршува со следниот цитат "знаејќи Владата на ВМРО-ДПМНЕ дека е водостопанството тесно поврзано со земјоделството и производството на храна ќе реализирале проекти за обезбедување здрава вода за пиење, обезбедување техничка вода за индустријата, превентивни мерки за одбрана од поплави и антиерозивни дејствија". Исто така, ќе се залагале и за измена и дополнување на законот за води со што финансиски и институционално ќе го стабилизирале водостопанството. Изгледа, токму од тука почитувани, најмногу заради почитуваниот млад колега Николовски. Еве вака изгледа буквално лажните ветувања, измами што до 5 јули минатата година пред граѓаните на Република Македонија ги правеше оваа Влада предводена од вашата партија ВМРО-ДПМНЕ. Со овој амандман бараме 50 милиони денари токму за оваа програма за да може во ваша корист да не се плашите и срамите од контактите со граѓаните на Република Македонија. Ќе ве потсетувам и наредните три години доколку издржите со овој мандат на секое ветување во оваа портокалова книшка во име на граѓаните на Република Македонија прелесно ветувавте, претешко остварувате. Затоа доста те со скапи реклами во функција на рекламирање на нешто што не постои. Нема резултат, нема капитални инвестиции. Овој ребаланс на Буџет 84% непродуктивно ќе го трошите 16% отпаѓаат на изградба на спортски сали, изградба на трибини на спортски објекти, нема инвестиции за водоснабдување, нема инвестиции за капитални, нема реконструкции на патишта и железнички пруги, за тоа пари оваа Влада нема бидејќи не сака да вложува, навистина да инвестира во она што се вика ефективен развој на нашата држава. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на  65 пратеници, за амандманот гласале 56, за гласале 11, воздржани нема, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 3 за додавање нова потпрограма 3Г по потпрограма 3В категорија 48 ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров под архивски број 07-2979/316.

Го молам преставникот на Владата  да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе, амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 65 пратеници, за  амандманот гласале 50,  за гласаа 10, воздржани нема, против 40.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во присуство на 65 пратеници гласаа 50 пратеници, за гласаа 10, воздржани нема, против 40.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по мандманот на Раздел 13001 програма 3 за додавање нова програма 3Ѓ по потпрограма 3Б и ставка 488 категорија 48 ставка 488 и Раздел 04001 програма Д потпрограма Д5 ставка 425, поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Со овој амандман предлагам 25 милиони денари од ставката - Договорни услуги од програмата на Владата на Република Македонија да се пренаменат за изградба на топлификационен систем "Топловод" во Битола, на потегот од левата страна на реката Драгор, поточно од месноста Црн Мост, до Домот за народно здравје. И тоа е еден од проектите кои се влезени во комуналната програма на Советот на општина Битола. Само мал дел од нова Битола е покриен со една топлана која обезбедува ефикасно затоплување на граѓаните на општина Битола.

Морам да потсетам, во интерес на вистината, токму за овој проект Советот на општина Битола почетно имаше издвоено средства за изградба на нова топлана кај месноста Црн Мост за да може да се опфати и дел од централното градско подрачје со ваков систем за затоплување.

Морам да потсетам дека токму со овој проект, во очи на предизборната кампања, советниците од ВМРО-ДПМНЕ од Битола заработија солидни поени од страна на граѓаните. За жал, до овој момент, заради недостаток на средства, граѓаните на општина Битола не можат да добијат ваков топловоден систем, кој не само што ќе овозможи приклучување на голем број на семејни куќи на овој потег, туку ќе можат да се приклучат и следните институции: Централниот регистер, УНИ Банка, Гимназијата "Јосип Броз Тито", Катастарот, Средното економско училиште, Архивот, Апелациониот суд, Основниот суд во Битола, Секретаријатот за внатрешни работи и секако Домот за народно здравје.

Сметам дека овие средства и не се преголеми и нема да бидат товар, до колку се издвојат и пренаменат за оваа, навистина добра идеја и апелирам разбирање од страна на пратениците од владеачкото мнозинство, го интерес на толку голем број на амандмани за општина Битола, барем еден, а овој верувајте е со најнизок износ на средства, да се прифати, за да може да се види дека навистина Владата на ВМРО-ДПМНЕ, предводена од господинот Груевски не заборавила дека некаде на југот постои една општина која се вика Битола. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Бидејќи немаме повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеници за амандманот гласаа 59 пратеници, од кои за гласале 13, нема воздржани, 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 3 за додавање нова потпрограма 3Ѓ по потпрограмата 3В категорија 48 ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Со една реченица да објаснам зошто Владата не го прифаќа амандманот. Имено, станува збор за дополнителни средства што пратениците ги бараат за патниот правец Радовиш - Струмица, кои како што е познато е еден од приоритетите на Владата на Република Македонија за оваа година.

Пред продолжението на седницата проверив со министерот Јанакиевски, тоа што ми беше познато, дека средства за оваа година, во обемот кој е неопходен за оваа делница, се обезбедени од страна на Владата на Република Македонија и нема потреба од таков амандман.

Оттаму, Владата не го прифаќа овој амандман.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, почитуван министре, пратениците од струмичкиот регион и кога беше Буџетот во 2006 година имавме поднесено амандман и мојот амандман што го имав поднесено до колешката Цветанка Иванова го поддржаа и тогаш ни беше кажано дека овој патен правец е во програмата за 2007 година.

Јас имав и пратеничко прашање до надлежното министерство за овој патен правец и ми беше одговорено дека во 2007 година се средуваа имотно - правните односи на оваа делница, меѓу Радовиш и Струмица и дека патниот правец најверојатно, моето дополнително прашање беше да ми се одговори дали оваа година ќе се прави патот, или ќе се прави во2007 година и колку километри ќе се изгради од овој патен правец. Но, дополнителен одговор не добив на моето прашање и еве сега министерот Славески кажа дека овој патен правец ќе се гради, јас добро не го разбрав, дали во оваа 2007 година или во 2008 година. Колку што имам сознанија, оваа година овој пат нема да се гради. Не треба да се чека многу за да се увериме дали ќе се гради, бидејќи сме сега 31 јули, остануваат уште неколку месеци и ќе видиме дали нешто ќе се направи на овој патен правец.

Инаку за колегите пратеници кои поретко доаѓаат во Струмица, би сакал да кажам и да ги запознаам дека овој патен правец кој не е изграден односно кој е коцка која е поставена некаде во 1954/55, се уште ние од струмичкиот регион возиме по овој пат односно коцката која е веќе 55 години поставена на овој патен правец.

Должината за која бараме средства за да се отстрани оваа коцка и да се изгради пат, е некаде, јас секој ден патувам за Струмица и ја имам мерено километражата, изнесува некаде 10 километри и 200 метри.

Според кажувањето на министерот останува да се надеваме дека во оваа 2006 година ќе се решат овие проблеми односно имотно - правните односи на оваа делница и дека пролетта 2008 година полека ќе почне да се гради овој патен правец. Затоа ќе го потсетам министерот, ќе му кажам дека некаде во март, април следната година не почне да се гради овој патен правец, ние пратениците односно јас и колешката Цветанка Иванова и пратениците од струмичкиот регион, пак ќе реагираме и пак ќе бараме овој патен правец да почне со градење.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Има збор господин Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Благодарам.

Како што кажа министерот, ние за време на паузата разговаравме со министерот за финансии и телефонски со министерот за транспорт и врски, јасно ни беше укажано дека средства за патот Радовиш - Струмица се обезбедени, што секако е извонредно добра вест за струмичани. Меѓутоа, јас сепак сакам да апелирам до министерот за финансии кој не сомнено има издвоено средства за тој пат, да се проконтролира на првата следна седница на Влада, наменски, аналитички, средствата за патниот правец Радовиш - Струмица односно така наречен М - 6, бидејќи овде пред мене ја имам програмата на фондот за магистрални и регионални патишта за изменување и дополнување на годишната програма каде што се одвоени 5 милиони денари за експропријација, што формално беше и реалниот проблем зошто овој пат до сега не се градеше. Меѓутоа во мој личен разговор со министерот за транспорт и врски, тој ме информира дека конечно експропријацијата е завршена, дека средствата се обезбедени, ќе се исплатат, што реално веќе нема објективни пречки зошто овој пат да не се изгради.

Тоа што сакам да апелирам до министерот овде е да се укаже, во средствата што ги има добиено Министерството за транспорт и врски поточно фондот за магистрални и регионални патишта, дали 130 милиони денари кои се издвоени со ребалансот се за М - 6 патот Радовиш - Струмица или се распределени и за некои други. Доколку е втората варијанта, тогаш повторно може да се случи да има недостаток на средства, па во декември кога ќе се носи буџетот за 2008 година да мора тогаш да интервенираме.

Министре, апелирам, тоа во најкраток можен рок да го усогласите со Министерството за транспорт и врски затоа што навистина не само што е срамно за Струмица, Радовиш и за Македонија, туку големи штети трпат Струмичани особено ако знаеме дека, би сакал сите пратеници и цела македонска јавност тоа да го знае, 500 илјади тони земјоделски производи годишно се транспортираат по калдрма која е од 1953 година. Овој пат има карактер и на меѓународен пат, ако се знае дека понатаму се поврзува со Петрич во Република Бугарија и со Кукуш во Република Грција. Од тука ја поздравувам финализацијата на експропријацијата и одвоените 5 милиони денари и конечно сите да смогнеме сили, независно позиција или опозиција, овој пат да се направи и конечно овој регион да заличи на економски развиен регион и барем приближно, не бараме автопат туку пат, да заличи на просекот што го има Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Витанов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 57 пратеници, од нив 14 за, 1 воздржан, против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 3 за додавање нова потпрограма 3Ѓ категорија 48 ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам господине потпретседателе.

Ќе бидам краток бидејќи гледам се создава нервоза затоа што има уште амандмани кои треба да се поминат оваа вечер, но сепак ние ги имаме поднесено амандманите и сакаме да кажеме нешто за нив.

Да ги запознаам колегите дека овој амандман се однесува за карго аеродромот кој одамна е планиран и проектиран и кој треба да се гради во Струмица.

Јас овде сакам да го изразам незадоволството во име на сите пратеници, без разлика од која партија доаѓаат, од струмичкиот регион затоа што последната изјава на премиерот Груевски беше дека таков карго аеродром се планира да се гради во Штип. Од кои причини тоа го кажа премиерот не знам. Дали е подобро да се гради таков аеродром во Штип до каде доаѓа железничка пруга, или во Струмица каде немаме ниту железничка пруга, а немаме ни пат за кој пред малку расправавме. Значи амандманот е поднесен за обезбедување на средства за

изградба на агрокарбо аеродром во Струмица каде треба да се гради, бидејќи Струмица е регион која е најголем производител на зеленчук од каде треба да се транспортира до одредени дестинации ова производство. Тоа е едната причина. Другата причина е што Струмица нема железница.

Знам дека министерот го одби овој амандман, но ја користам говорницата да пренесам до министерот за финансии, тоа да дојде и до ушите на премиерот Груевски, да заборави да гради агро карго аердром во Штип, туку тоа треба да се направи во Струмица.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Бидејќи немаме повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 65 пратеници за амандманот гласаа 53 пратеници, од кои за гласале 9, воздржани 3 , 41 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 3 за додавање нова потпрограма 3Ѓ по потпрограмата 30 категорија 48 ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Го повлекувам амандманот.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 3 за додавање нова потпрограма по потпрограмата 3Е категорија 48 ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров, под архивски број 07-2979/321.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Овој амандман со колешката го поднесовме за изградба односно обезбедување на средства за патниот правец Ангелци и Седларци.

Не би сакал да објаснувам на колегите пратеници ниту пак на министерот зошто е потребен и колку е важен овој патен правец, бидејќи гледам ниту министерот ниту парламентарното мнозинство не сака да поддржат ниту еден амандман, дали се однесува за Битола, Струмица, Прилеп и затоа моето образлагање за овој амандман ќе биде краток, за патниот правец Ангелци - Седларци, бидејќи министерот не го прифаќа, а парламентарното мнозинство секогаш гласа против.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Бидејќи немаме повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 57 пратеници, од кои за гласале 12, воздржани 2, 43 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 програма 3 за додавање нова потпрограма по потпрограмата 3Е категорија 48 ставка 482 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров и Зоран Витанов, под архивски број 07-2979/322.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман го имаме поднесено со колешката Цветанка кој се однесува на општина Босилево за патниот правец Моноспитово - Еднокуќево. Тоа е патен правец кој општина Босилово со Одлука која ја донесе советот на Општина Босилово без разлика од која партија доаѓаат или на која политичка опција припаѓаат, беше донесена одлука да се гради овој патен правец во што се успеа делумно. Градоначалникот на општина Босилово заедно со советниците од општината донесоа Одлука и патот беше тампониран. Општина Босилово има вложено финансиски средства во овој патен правец, но до овде се застана, бидејќи општината не е толку моќна финансиски да го доизгради овој пат, односно да оди во втора фаза асфалтирање на овој патен правец.

Затоа барам поддршка од колегите пратеници да го поддржат овој амандман за да се асфалтира или доизгради овој патен правец кој е од големо значење за село Моноспитово.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

Има збор господинот Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Една кратка информација, само од едно село од тие села кои ги опфаќа овој пат, 80 илјади тони земјоделски производи излегуваат годишно, а немаат патна инфраструктура. Мислам дека е ова сериозна загуба ако не се направи тој пат и во секој случај ако се направи бенефитна анализа, министре, ќе се види дека средствата се

минимални во однос на тоа колку ќе се добие во земјоделието од тој регион.

Апелирам овој амандман, не се значајни средства, а многу значајно за ова население, бројките кажуваат, да го изгласаме.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Витанов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Во салата се присутни 64 пратеници, амандмањот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 49 пратеници, од нив 14 гласаа за, 1 воздржан, против 34.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3, подпрограма 3Е, за додавање нова подпрограма 3И, категорија 48, ставка 482 и раздел 09002 програма 2, подпрограма 20, ставка 426, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев, под архивски број 07-2979/41.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Бидејќи толку бавно читавте, што не знам за кој амандман станува збор, но се едно.

**Бесим Догани:** Ако сакате ќе ви го прочитам.

(повторно го чита амандманот)

**Никола Ќуркчиев:** Почитувани колеги пратеници,

Овој амандман го поднесов со надеж дека предлагачот на Буџетот односно министерот за финансии ќе го разгледа и прифати, меѓутоа, гледам особено заради тоа што дел од други колеги инсистираат овој пат кој се наоѓа во многу лоша состојба да се обезбедат средства и да се направи итна реконструкција или надградба на истиот.

Имено, се работи за патниот правец Гевгелија - Богданци, тоа е регионален пат кој се наоѓа во многу лоша состојба.

Ценам дека нема потреба да потенцирам голем број на аргументи заради тоа што голем број на пратеници особено во овој летен период се надевам дека го поминале тој патен правец кој е многу важен како за регионално така и од меѓународно значење. Тоа е патниот правец кој ја поврзува Гевгелија, Богданци, Дојран, со граничниот премин.

На овој патен правец сообраќајот е мошне интензивен, а состојбата на делницата е на одделни места не лоша, туку би рекол многу лоша, катастрофална особено ако се земе потегот од Богданци кон раскрсницата со Стојаково и Ѓавато и од тие причини, колеги пратеници, почитуван министер очекував дека овој амандман треба да биде поддржан. Се работи за делница од 4,5 односно 5 километри. Не мора да се издвојат средства за целата делница до Богданци која е од прилика 8 километри, меѓутоа, иако перспективно ако се размислува, мора да се има во предвид една комплетна надоградба и проширување на оваа делница.

Мислам дека министерот ќе го прифати амандманот на колегата Шутаров иако тој побара итни средства за санирање на ударните дупки од овој пат и очекувам дека ќе го поддржи овој амандман заради тоа што навистина е неопходно потребно.

Уважен министре, уште еднаш апелирам до вас да го прифатите овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Во салата се присутни само 60 пратеници, па би ги замолил пратениците кои се надвор од салата да влезат.

Сега имаме 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање, ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 60 пратеници, од нив 10 гласаа за, 1 воздржано, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3 потпрограма 3Е за додавање нова потпрограма зи категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 426, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев под архивски број 07-2979/ 42

Го молам претставникот на владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Мислев дека министерот ќе биде расположен и ќе го прифати овој амандман, особено заарди тоа што се работи за амандман кој што е поврзан многу важно би рекол, со патниот правец Е75, односно коридорот 10. Амандманот почитуван минситер мислам дека треба да биде прифатен и мора да се обезбедат средства за довршување на кружниот тек за безбедно поврзување на сите патници кои што имаат прилика да се движат по автопатот Е75 особено на правецот кај што мислам дека имавте можност да го разгледате амандманот, се работи за патниот правец Скопје-Гевгелија, и клучката која што се работи за поврзување на населеното место Негорци и Прдејци.

Имено амандманот го предлагам меѓу другото и заради тоа што Владата ќе сноси сериозни одговорности и последици. Заради тоа што иако во Буџетот беа предложени средства за продолжување на патниот правец Смоквица Демир Капија, кој што беше завршен според буџетот, меѓутоа гледаме дека допрва ќе се равботат проекти за тој патен правец, апелирам да бар од Гевгелија до Смоквица овој дел биде пуштен званично во употреба се додека не се реши клучката кај Прдејци, која што преставува потенцијално жариште за голем број на сообраќајни би рекол незгоди, нема да може да биде пуштен во употреба и тоа не е сериозен проблем само од за граѓаните од општина Гевгелија туку и за Република Македонија. Имено со пуштање на употреба на делницата од автопатот Скопје - Гевгелија на протегот Гевгелија - Смоквица, цело едно населено место. Буквално остане отсечено без никаква комуникациска поврзаност ни херметички затворено. Особено заради тоа што го немаме ни алтернативниот пат кој што се наоѓа во не знам каква состојба, за кои што беа издвоени средства во буџетот, меѓутоа еве после година дена нема ниту еден денар ни за тој патен правец. Се работи за населено место Прдејци односно за завршување на кружниот тек кој што е започнат, и бидејќи тоа значи небезбедно поврзување на автопатот Е75 со регионалниот пат П103 Прдејци-Негорци, мислам дека ќе мора да се обезбедат средства за завршување на оваа клучка. Постојното сообраќајно решение господин министер не ги задоволува ниту потребите на населението на граѓаните од населеното место, ниту пак било кое технички или безбедносни стандарди кои што морат да бидат исполнети на е еден магистрален пат како што е Е-75. Ќе бидам слободен да кажам дека мора да се обезбедат средства заради тоа што оваа клучка претставува висок степен на ризик на сите патници кои што се движат по патниот правец Е75 односно Куманово-Гевгелија. Во прилог на оправданоста на овој амандман е фактот што ситуацијата со отпочнување на реализацијата на овој кружен тек условно речено клучка е чиста бидејќи на крајот на 2005 година, почетокот на 2006 година заврши процесот на експропријација на приватното земјиште на кој што треба да се гради клучката и се надевам на една ваша добра волја да се прифати амандманот и да се реши овој проблем за кој што граѓаните во секоја прилика се спремни да дискутираат, а се надевам знаете дека најавија дека ќе излезат на протести и ќе го блокираат патниот правец Гевгелија-Скопје. Се надевам дека нема да дојде до тоа и дека почитувани колеги ќе го прифатите барем вие овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 67 пратеници, за амандманот гласаа 54, за гласаа 9, воздржани немаше, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3 за додавање нова потпрограма 3Ж по потпрограмата 3е ставка 482, категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставки 426 и 464, поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трако Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека е коректно со оглед на тоа што овој и следните два амандмани се поднесени од страна на наш колега, господинот Тале Герамитчиоски, коректно е барем да се прочита краткото образложение зошто ги поднел овие амандмани. Нема да го злоупотребувам времето, но сакам и граѓаните кои ја следат работата на Собрането, да знаат. Значи, господинот Герамитчиоски предлага 152 милиони денари, од Министерството за финансии, функции на државата предвидени во ставката други тековни расходи, да се пренаменат, да се продолжи со реконструкцијата и изградба на маѓистралниот пат Радовиш - Струмица. Се надевам дека овој амандман ќе допре барем до пратениците кои доаѓаат токму од овие места, од Радовиш и Струмица. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, за амандманот гласаа 46, од нив за гласаа 9, воздржани немаше, против 37.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3 за додавање нова потпрограма 3ѕ по потпрограмата 3е ставка 482, категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставки 426, 464 и 482, поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски

Го молам претставникот на владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање имаше само 60 присутни пратеници, со доаѓањето на господинот Најдовски сега сме 61, затоа амандманот го ставам повторно на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласаа 56, од нив 10 гласаа за, воздржани немаше, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 3 за додавање нова потпрограма 3и по потпрограмата 3е и ставката 482, категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставки 426, 464 и 482, поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 53 пратеника, од нив 8 гласаа за, воздржани немаше, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001програма 3 за додавање нова потпрограмата 3и по потпрограмата 33 и ставката 488, категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Никола Рилкоски.

**Бесим Догани:** Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе, амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Никола Рилковски, повелете.

**Никола Рилкоски:** Почитувани пратеници, во интерес на времето и на трпението ќе се потрудам кратко и телегравски само да кажам зошто го поднесов овој амандман.

Имено, се работи за обезбедување на средства за доизградба на колекторскито систем за заштита на Охридското езеро од отпадни загадени води на потегот од Лагадин, Елешец до селото Пештани. Познато ни е дека на овој простор се лоцирани најголемиот дел од плажите и селото Пештани како веќе една туристичка селска населба во летниот период е пребукирано и дури 3-4 пати повеќе се присутни туристи, отколку што има и жители, а колекторскиот систем не функционира, така што опасноста од загадување на езерските води на Охридското езеро на овој потег се и тоа како актуелни.

Заради тоа, од тие причини барам да се дозволи да се одредат бараните средства за доизградба на овој потег. Само да потсетам, подржувам и добро е штона овој потег во просторот кај Градиште ќе се гради и ќе се отвора живеалиште како атрактивен момент од историскиот период на овој простор, меѓутоа не е тоа што ние ќе отвориме такво живеалиште ако просторот односно водите каде што ќе доаѓаат гостите да го посетуваат тоа живеалиште не се доволно чисти и заштитени еколошки. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рилкоски.

Бидејќи нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 62 пратеници, од нив 16 гласаа за, 1 воздржан, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 3 за додавање нова потпрограма 3И по потпрограма 3) З и ставката 489 категорија 48 ставка 482 и раздел 16101 програма 2 потпрограма 2А ставка 482 поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Ова е еден проект на Советот на општина Битола кој зазема свое место во комуналната општинска програма. Се предлага со овој амандман издвојување на 200 милиони денари од Агенцијата за млади и спорт, каде што се предвиделе енормно огромни средства за изградба на спортски сали , а во корист на изградба на кружнио ттек на сообраќајот на влезот во градот Битола од страната на Прилеп. Ова е една дамнешна идеа со која се занимава Советот на општина Битола. Навистина неуредноста и немањето на инфраструктура не упатуваат дека станува збор за влез на една навистина голема општина како што е градот Битола. Заради немањето финансиски капацитет во општинската буџетска каса, овој амандман се надевам дека, иако станува збор за сериозни средства, навистина верував дека со оглед на тоа не само што станува збор на втората по големина

општина во Република Македонија, мислев дека Владата предоводена од ВМРО-ДПМНЕ Ќе умее да му помогне во работата на градоначалникот кој е од истите партиски редови, за да може навистина она што општината го наумила и го има како сериозен идеен проект, да се оствари во стварност.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Бидејќи нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 65 пратеници за амандманот гласаа 53 пратеници, од нив 9 гласаа за, воздржан нема, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворм претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 3 за додавање нова потпрограма 3И по потпрограма 3) 3 и ставката 489 категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 категорија 48 ставка 483 поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе,

Овој амандман изискува средства во износ од 60 милиони денари за изградба на заобиколницата за тешки товарни возила на магистралниот пат кој од Скопје води кон граничниот премин Меџитлија. Верувајте дека фрекфенцијата на проток на тешки товарнивозила, со оглед на тоа што Битола се наоѓа на крстопат и на патот кој води кон граничниот премин Меџитлија кон Република Грција, заради тоа општина Битола години со ред маки мачи со навистина тешко оштетување на градските сообраќајници. Ни една од градските сообраќајници кои природно водат кон излезот од градот кој се упатува кон преминот Меџитлија, не е во состојба, нема капацитет да ги издржи огромниот број на тешки товарни возила. Овој е еден од проектите, кој Советот на општина Битола му дава сериозен приоритет.

Повторно ќе зборувам дека општината навистина е во тешка финансиска состојба не може да работи на вака сериозни проекти, комунални проекти. Затоа, барам подршка , сериозна подршка од страна на пратениците од владеачкото мнозинство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Бидејќи нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник за амандманот гласаа 52 пратеници, од нив 10 гласаа за, воздржани немаше, против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандмнот на раздел 13001 Програма 3 за додавање нова потпрограма 3Е по потпрограма 3Е и ставката 482 категорија 48 ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставки 426, 464 и 482 поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Потпретседателе, само да објаснам за што се работи, бидејќимојо тколега Тале Герамитчиоски е отсутен. Имено, јас сакам да дадам подршка на овој амандман, затоа што средствата кои што се бараат соовој амандман се насочени за реконструкција и изградба на третата коловозна лента на магистралниот пат Градско-Прилеп. Мислам дека сите оние колеги пратеници кои што секојдневно го поминуваат овој пат, а и оние кои од време навреме патуваат по него, знаат како изгледа овој пат, во каква состојба е и да не зборувам колку сообраќајни несреќи се случуваат секојдневно на овој пат.

Почитувани колеги пратеници, мислам дека е неопходно да се продолжи со реконструкцијата и изградбата на трета лента на еден од најфрекфентните патишта во Република Македонија, на кој што многу граѓани на Република Македонија ги изгубиле своите животи, а добар дел поминале и со тешки телесни повреди.

Почитувани колеги пратеници од парламентарното мнозинство, очекувам дека ќе дадете подршка на овој амандман, затоа што сите ние мора да си признаеме дека еден човечки живот вреди многу повеќе од една восочна фигура од музејот на Мадам Тисо. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам потпретседателе.

Сосема накратко, само да ве потсетам колеги пратеници, посебно вие од претходниот состав на Парламентот. Во овој Парламент се водеа долги расправи за два патни правци секогаш во Република Македонија, тоа е патот од Штип, РадовиШ за Струмица и за тоа имавме посебна Информација во претходниот состав на Парламентот и донесовме одредени заклучоци и по тогашната Влада нон стоп, посебно од

колегите од ВМРО-ДПМНЕ од тој крај упатуваа критики зошто не се одвојуваат средства за тој патен правец. Само пред неколку минути имаше амандман со кој што се бараа средства за тој патен правец. Пратениците од парламентарното мнозинство не го изгласаа тој амандман. Значи, тогаш кога беше за гласање по Информацијата и Заклучоците поинаку размислувавте, а сега поинаку. Тоа е по однос на тој правец.

Во однос на сегашното барање и амандманот од господинот Герамитчиоски за патниот правец кој што е од Росоман преку Плетвар за Прилеп и Битола се бараат одредени финансиски средства. Владата на Љубчо Георгиевски кога беше премиер на крајот на својот мандат, почетокот некаде на 2002 година започна и заврши еден дел со изградба на трета лента од неколку километри. После тоа Владата која што беше од СДСМ и ЛДП од претходниот мандат изгради уште една делница и останува уште еден добар дел од овој патен правец кој што е нависитна во изразито лоша состојба. Колегата Панче еве ми кажува дека веќе се прави експропријација и дека ќе се работи на тој патен правец. Иако, сите знаеме дека воведувањето и изградбата на трета лента не е бог знае колку сигурно, но сепак ја подобри ситуацијата. Мислам дека е добро конечно еднаш да смогнеме сили во овој Парламент и овој амандман да го изгласаме, барем еден правец да направиме делумно како што треба.

Јас само ќе ве потсетам коелги пратеници од ВМРО-ДПМНЕ дека за изградба на овој патен правец имате и децидно наведено во вашата Програма за модернизација и изградба на овој регионален патен правец. Не е добро ако тоа се чека последната година од изборите, па да се донесат таму машини и да се каже дека ќе се работи на тој патен правец. Неопходно е ако сакаме да го развиваме тој дел и врската со Република Грција и со Република Албанија што побрзо да се изгради патниот правец од Градско преку Плетвар за Прилеп. Да кажам една флоскула да речам се надевам дека пратениците од парламентарното мнозинство ќе ме подржат, знам дека нема да ме подржат, но би замолил Министерството за финансии и Министерството за транспорт да го имаат ова предвид и преку Фондот за патишта да направат напори до некаде да се санира состојбата на овој патен правец. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Со закаснување се јави Димевска Катерина.

Госпоѓо Димевска, дали сте за збор или за реплика? Повелете.

**Катерина Димевска:** Благодарам потпретседателе.

Во интерес на времето ќе кажам само една реченица. Сакам да се надоврзам на дискусијата на господинот Слободан Најдовски дека ние како пратеници од општина Прилеп на нас една од приоритетните заложби е изградба и доизградба на оваа патна делница. Исто така, да појаснам дека е веќе почнато со експропријација на земјиштето и почнати се активностите на ова патна делница.Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарма и јас.

Бидејки нема повеќе приајвнеи за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, за да може службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 55 пратеници, од нив 15 гласаа за, воздржани немаше, против 40.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандмнот на раздел 13001 Програма 4, потпрограма 48 ставката 482 и раздел 09001 програма 2 потпрограма 42 ставка 425, поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Значи, станува сосема јасно дека Владата не подготви предлог на ребалансот на Буџетот, туку готова чиста ситуација, која се менува само до колку првиот министер односно премиерот одлучи да биде тоа така и тоа е непроменлива ставка. За жал, тука отпаѓа секоја можност Собранието да може да влијае врз одлуките на Владата односно онака како што и законодавецот.

Законодавецот предвидел Владата да дава предлози до нас, а ние парламентарците, преку собраниска дебата, почитувани пратеници од владеачкото мнозинство да изнајдеме најдобро можно решение во корист на граѓаните кои не гласале. За жал, повторно ќе речам, претпоставувам дека одите на варијанта дека ние пратениците ќе дигнеме раце од сето ова и ќе ги повлечеме сите амандмани на кои работевме во законскиот термин.

Затоа и понатаму со цела волја ќе продолжам да се борам, бидејќи граѓаните на Битола заслужуваат дел од колачот наречен државен Буџет и тие од свои средства издвојуваат и го полнат тој Буџет. Значи, не може овде да говориме за распределба на државни средства кои е бидат концентрирани 98% во Скопје. Исто така тука да говориме дека ние ќе донесеме закон за рамномерен регионален раст. Претпоставувам дека некој ќе седне, ќе направи статистика колкав

процент ќе бидат упатени кон останатите подрачја, различно од градот Скопје.

Значи, со овој амандман барам, инсистирам да размислите, дали само во Скопје треба да ги насочуваме средствата или општина Битола навистина има потреба од вакви финансиски средства. Јас не барам пари за општина Битола за договорни услуги, не барам пари за други останати трансфери. Барам пари за капитални инвестиции. Овие 80 милиони предлагам согласно програмата на општината да им помогнеме да се уреди влезот во градот од страна на патниот правец од Охрид кој навистина ниту е инфраструктурно подготвен, ниту има доволно осветлување за да означува влез во вториот по големина град во општината. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Бидејќи немаме повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 55 пратеници, од кои за гласале 11, нема воздржани, 44 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 потпрограма 10 ставка 464 Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставки 426 и 464, поднесен од пратеникот Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи немаме повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 54 пратеници, од кои за гласале 11, нема воздржани, 43 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14003 програма 1 потпрограма 10 ставка 421 и Раздел 10001 програма Д потпрограма Д5 ставка 482, поднесен од пратеникот Марјан Додовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван господин заменик министер.

Ова е првиот амандман од серијата на амандмани кои ги имам поднесено, кои се однесуваат за работата и функционирањето на Управата за хидрометеоролошки работи. Сакам да истакнам дека се работи за исклучително важна установа во нашата држава која во изминатиов период во многу наврати е консултирана и барано мислење во однос не само на временската прогноза во моментот, туку и за она што не очекува во наредниот период. Меѓутоа, тоа не е единствена активност која ја има Управата за хидрометеоролошки работи, бидејќи се работи за една голема и комплексна установа и за нејзино нормално функционирање потребни се минимални услови, а за сето тоа да се реализира потребни се и финансиски средства. Во моментов со Буџето со кој располага Управата за хидрометеоролошки работи верувајте не може да се платат и најелементарните активности во рамките на Управата. Значи, што се нарекува од плаќање на комуналните обврски кои ги има Управата за хидрометеоролошки работи и до она минимум што се нарекува за пробијни ракети, најразлични лабараториски истражувања, како хидролошки така и еколошки, а да не говориме за оние големи меѓународни проекти кои ги реализира а и треба да ги реализира Управата за хидрометеоролошки работи.

Во периодот на координација за тоа како ќе тече денешната сеница по повод амандманската расправа, со министерот за финансии и другите колеги, овде беше продискутирано како да се изнајде најдобро решение дел од овие амандмани да бидат прифатени, или на некој начин повлечени. Во делот на овие амандмани начело од министерот Трајко Славески беше истакнато дека веќе со пуштениот циркулар, државните установи, вклучувајќи ги и министерствата, меѓутоа тука е и Управата за хидрометеоролошки работи, дека овие планирани средства Управата за хидрометеоролошки работи треба да ги предвиди за следниот буџет. Во таа насока факт е дека овој амандман е одбиен и дека следните амандмани ќе ја доживеат истата судбина. Јас би напомнал во која насока се движат моите амандмани.

Дел од амандманите се однесуваат пред се за спроведување на противградобијната заштита, првенствено беше овој период - април - октомври 2007 година, меѓутоа најверојатно ќе треба и за до крајот на оваа година.

Понатаму, финансиски средства кои се потребни за реализација на проектот за стимулирање на врнежи во Република Македонија што е веќе во владина процедура. Понатаму за планирани серии, за хидролошки и еколошки мерења во државата, потоа хидрометеоролошки работи кои треба да се реализираат на целата територија на Република Македонија. Знаете дека комплетниот мониторинг и на водите и на воздухот во најголем дел го покрива Управата за хидрометеоролошки

работи, покрај Министерството за животна средина, Републичкиот завод за здравствена заштита, меѓутоа, како установа има многу теренски задачи и обврски, а најголем дел од услугите кои ги даваат на Управата за хидрометеоролошки работи, се и поединци и институции и установи на кои Управата за хидрометеоролошки работи е должна и тука постојат голем број на заостанати сметки кои треба да бидат покриени, кажав за најелементарните, од електричната енергија, потоа телефонски сметки и она што се нарекува плати за оние кои ги реализираат овие активности со градобијните ракети.

Јас ќе се држам до она што ние го дискутиравме и што беше најавено на координацијата. Очекувам дека овие амандмани кои ги имам поднесено ќе бидат со посебно внимание земени во наредниот период и за следниот Буџет и да не бидеме изложени на гласање, надгласување и прегласување, факт е дека нема да поминат овие амандмани.

Почитуван потпретседателе, јас би ве замолил амандманите од 157 до 162, амандманите од 165 до 169 и амандманите од 184 до 187, како реден број во првиот предлог кој беше доставен до нас како листа на амандмани за кои ние ќе дискутираме, јас ќе ги повлечам и очекувам дека ова што го имав како дискусија и она што како пишан документ е останато како поднесени амандмани дека со цела сериозност ќе биде земено за следниот буџет.

Ве уверувам дека ако сега беа 15 амандмани, доколку не бидат прифатени за следниот буџет, дека ќе имаме многу, многу поголема бројка.

Јас би повлекувам амандманите во насока на редоследот кој беше истакнат.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Додовски.

Значи, сите амандмани на име Марјан Додовски се повлечени, до амандманот 196.

Значи, амандманот е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 програма 1 потпрограма 10 ставка 424 и Раздел 09001 програма 2 потпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 програма 1 потпрограма 10 ставка 424 и Раздел 09001 програма 2 потпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 програма 2 потпрограма 20 ставка 420 и Раздел 09001 програма 2 потпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 програма 2 потпрограма 20 ставка 423 и Раздел 09001 програма 2 потпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 програма 2 потпрограма 20 ставка 425 и Раздел 09001 програма 2 потпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 програма 3 потпрограма 30 ставка 420 и Раздел 09001 програма Д потпрограма Д5 ставка 482, поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 програма 3 потпрограма 30 ставка 421 и Раздел 10001 програма Д потпрограма Д5 ставка 482, поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 програма 3 потпрограма 30 ставка 423 и Раздел 10001 програма Д потпрограма Д5 ставка 482. поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 програма 3 потпрограма 30 ставка 424 и Раздел 10001 програма Д потпрограма Д5 ставка 482, поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 програма 3 потпрограма 30 ставка 425 и Раздел 09001 програма 2 потпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Отворам претрес по мандманот на Раздел 14001 програма 3 потпрограма 30 категорија 46 ставка 464 и Раздел 09001 програма 2 потпрограма 20 категорија 46 ставка 464, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ под архивски број 07 - 2979/195.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Многу кусо, во интерес на времето.

Овој амандман го поднесов во име на група производители на грозје од Кавадарци од кои добар дел беа и членови, поддржувачи на владиното мнозинство, мислам еден од нив се средна и со колегата Ѓорчев, беше тука пред 2-тина дена, кои од Владата со Ребалансот бараат да се издвојат средства за да се откупи грозјето, особено што со сушата во Република Македонија и со пожарите приносот на грозје и оваа година ќе биде намален.

Сметав дека Владата ќе имаше сенс иако реално кажано со Ребалансот издвои поголем дел средства за земјоделството. Сметам дека е недоволно и ако го прифатеше овој амандман сметам дека ќе се најдеше можност на овие земјоделци да им се помогне.

Во интерес на времето, да не го ставам на гласање, јас го повлекувам овој амандман.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рахиќ.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 програма 3 потпрограма 30 категорија 46 ставка 464 и Раздел 09001 програма 2 потпрограма 20

категорија 46 ставка 464, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ под архивски број 07 - 2979/196.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе.

Во Отоманското царство имало јок ефенди и тамал ефенд. Тамал биле тие што потврдуваат, а јок ефенди многу ретко кажувал не. Очигледно тука е обратно. Нашите министри за финансии или заменици се јок ефенди, перманентно викаат не.

Овој амандман требаше да биде за грозјето а не за тутунот, ги сменив редоследите.

Сакав да кажам дека во Република Македонија во подрачјата на Радовишко, Струмичко, Кумановски, а посебно Пелагониско, во регионите на селата во околината на Прилеп, Битолско и Крушевско, Житоше, Лажани, Борино, месности каде се произведува најдобриот ориентален тутун. Проблемот е што оваа владеачко мнозинство многу пред тоа им ветуваа на земоделците дека ќе им го платат тутунот. Трагедијата е во тоа што сега е новат берба, најверојатно на есен односно пред Нова Година ќе почне да се предава новата реколта, а уште не е платена старата. Значи не е платен основната цена, а не да се платени премиите.

Очекував дека, особено по овој сушен период ќе има повеќе пари за тутунот, меѓутоа, очигледно дека се нема сенс за оваа категорија на луѓе кои даваат власт.

И уште една работа, бидејќи немаме трпение да се слушаме, а бидејќи во Република Македонија популизмот е  основна мерка, она што ни рече колегата Додовски, ако продолжиме вака да се однесуваме, најверојатно за Буџетот ќе поднесат 2000 амандмани. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рахиќ.

Ви благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 програма 3 потпрограма 30 категорија 46 ставка 464 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците Ацо Киров и Цветанка Иванова под архивски број 07 - 2979/340.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Еве јас во интерес на времето имам неколку амандмани, ќе бидам колку што можам пократок.

Овој амандман се однесува за обезбедување на средства за настанатото невреме во селата Дабиле и Просениково. Не знам колку заменик министерот е запознат, но министерот за земјоделие, неколку пати дискутираме на Комисијата за земјоделие  е запознат дека овие две населени места имаат поднесено елаборат, според кој елаборат треба да се оделат средства за овие две населени места. Значи, за Просениково и за Дабиле. Министерот за земјоделие неколку пати кажа дека нема да биде проблем, прво образложението му беше дека општина Струмица не поднела на време, односно два дена пред истекот на рокот, но после тоа кога му кажавме дека без рзлика дали се два дена или еден ден, или еден саат до истекот на рокот, треба тоа да се земе во обзир. Министерот за земјоделие ветуваше дека ќе се обезбедат средства за овие села, Просениково и село Дабиле кои што настрадаа 2006 година во невремето. Но и до ден денес нема средства, еве сега заменик министерот кажа дека нема средства, но јас и колешката Цветанка Ивановска и понатаму ќе бараме средства и ќе го потсетуваме министерот за земјоделие, заменик министерот за финансии, министерот Трајко Славески, дека овие средства мора да ги оделат од Буџетот за исплата на село Просениково и село Дабиле, без разлика дали тоа ќе биде 105, 15%, 20% итн. Ако треба и 5% ќе бараме, но не се откажуваме од овие наши барања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

Бидејќи немаме повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање во салата имаше 60 пратеника, затоа ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Бидејќи во моментов во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставам повторно на гласање. Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи во моментот во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставам повторно на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 53 пратеници, од нив 11 гласаа за, воздржани немаше, против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 програма 3 потпрограма 30 категорија 46 ставка 464 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците  Ацо Киров, Цветанка Иванова, Тале Герамитчиоски и Верица Филипова под архивски број 07-2979/337.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандман.

Збор има господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Еве и овој амандман кој што го поднесовме ние со колегите од СДСМ, се однесува за обезбедување на средства односно за премиите кои што беа договорени со тутунопроизводителите односно со нивното здружение. Овие средства кои ги бараме во висина од 300 милиони денари се средства кои треба да обезбедат премија од 15 денари по килограм тутун за реколта 2005-2006. Значи, 15 денари исплати Владата, а овие 15 денари кои што беа договорени се уште до ден денеска не се исплатени. Исто така, кога расправавме за Буџетот овие средства ги баравме за тутунопроизводителите и тогаш министерот односно Владата не ги одобри. Еве и сега заменик министерот кажа дека овој амандман не го прифаќа.

Сепак како и на претходниот амандман јас и колешката Цветанка Иванова не се откажуваме од овие средства и ќе ги бараме и со Буџетот. Бидејќи, еве само за едно потсетување, иако беше договорено 30 денари по килограм тутун, а ВМРО-ДПМНЕ обеќаше 50 денари, 60 денари, така ги убедуваше граѓаните обезбеди само 15 денари. Значи, едно е да обеќаш, друго е да исполниш. Затоа ние не сме баш како ВМРО-ДПМНЕ да бараме по 60 денари, но 30 денари кои се договорени со претходната Влада, со тогашниот премиер Владо Бучковски јас и колешката Цветанка Иванова и понатаму ќе ги бараме од Министерството, од Владата да ги обезбеди овие плус 15 денари. Значи, бараме 30, а не 50 како што ВМРО-ДПМНЕ обеќаше во претходната кампања. Благодарам.

(Во 21,07 часот со седницата продолжи да раководи господинот Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието)

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Знам дека работиме после работното време, меѓутоа имаме многу сериозна задача пред нас, дебатираме за ребалансот на Буџетот и секаде во светот во сите парламенти кога се дебатира за Буџетот, за ребалансот, тогаш се посветува значајно внимание, затоа што тоа е нешто што во голема мера ги засега, без исклучок, сите граѓани на Република Македонија.

Токму поради тоа ги молам колегите за трпение да се сослушаме, затоа што министерот или заменикот министер, ќе си го каже своето мислење околу одреден амандман и потоа тука нема што да се направи. Ние пратениците сме тие кои можеби ќе се согласиме да дадеме поддршка на некои од амандманите дотолку повеќе ако се работи за амандман за кој што сме се залагале поголем број на пратеници. За волја на вистината можеби некои од нив кога биле дел од парламентарната опозиција, а сега се дел од парламентарното мнозинство.

Почитувани колеги пратеници, сакам да ве потсетам за што се работи. Се работи за исплата на премијата која што беше изгласана, за која што се говореше и се дебатираше многу некаде значи пред изборите во 2006 година, кога без исклучок пратениците се залагаат дека тутунопроизовидителите заслужуваат да ги добијат овие 30 денари, дури и пратениците од тогашната опозиција односно пратениците од ВМРО-ДПМНЕ говореа дека 30 денари се малку правејќи популизам на маката на тутунопроизводителите. Јас сега нема да зборувам за тешкиот живот на тутунопроизводителите што значи да се произведува тутун и на крај таа макотрпна работа со колку средства се наградува, средства кои не се доволни ни за една пристојна достојна живеачка, што би рекол народот.

Токму поради тоа почитувани колеги пратеници не се работи за големи средства и јас би ве замолила она што сите кои бевме во претходниот состав на Парламентот им го ветивме на тутунопроизводителите, а пратениците од парламентарното мнозинство во многу поголем износ им го ветуваа на тутунопроизводителите во предизборната кампања да собереме сили и да го изгласаме овој амандман зошто, верувајте овие средства не се многу, а за тутунопроизводителите значат живот. Токму поради тоа сметам дека нема во голема мера да го нарушат Буџетот на Република Македонија единствено што може да придонесат да премиерот Груевски да направи две помалку восочни фигури во музејот на Мадам Тисо. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека во ова време кога Република Македонија се наоѓа во неколку вида на, слободно можам да кажам, елементарни непогоди една причинета од пожарите, но многу поважна и друга причинета исто така од климатските непогоди во Република Македонија, а тоа е високите температури да предизвикаат многу лоши последици во овогодишното производство, генерално во земјоделството. Но, мислам дека кога земјоделците, во овој случај, конкретно за овој амандман тутунарите можат да станат во 4 часот наутро и да работат на полињата до 11 часот навечер, можат и колегите пратеници да бидат трпеливи и да слушаат кога разговараме за многу суштински работи. Оттука ме изненадува неприсуството на министерот за финансии Трајко Славески кој што одлучи да не учествува во понатамошниот дел на оваа расправа со цела почит кон заменикот не мислам дека тој има директна одговорност во составувањето на овој

Буџет. Впрочем, министерот за финансии рече дека е одговорен небаре ни донел Буџет како на САД, а не фаличен продукт кој што заслужува не 360 туку 3600 амандмани.

Од таа причина почитувани колеги не може со таква леснотија да се однесувате кон едно прашање кое што засега голем дел од популацијата на Република Македонија. Веројатно дел од вас бидејќи учествувавте во изборната кампања сте сведоци тие што бевте во четворка дека колешката Силвана Бонева даваше прес-конференции од ниви кога велеше дека ќе бидат обештетени земјоделците. Поминаа година дена тоа не е случај. Бевте сведоци кога колешката Силвана Бонева во тој момент, случајно ја земам како пример, можеби во еуфорија од тоа што го напишал некој друг во таа портокалова белешка или памфлет, велеше на земјоделците не само што им се малку 30 денари за премија туку ние ќе дадеме дупло 60. Имавме ситуации некои други партии барем во четвртиот изборен регион каде што јас бев кандидат, велат не 60, 80, 100. Како да лицитираат со камчиња на со денари. Помина година дена во тој временски период СДСМ и минатата Влада плаќањето на премијата на тутунопроизводителите ја стави и ја постави како законска обврска. Значи, таа да не биде предмет на волја политичка, на една или на друга влада, туку да биде обврска на секоја почнувајќи од таа, така и на секои идни влади. Значи, кога денес збориме за плаќање на премиерата на тутунопроизводителите, не зборуваме дали Трајко Славески е доблесен да најде пари или не, или Груевски да си ја исправи лагата, туку и едниот и другиот да го почитуваат законот во кој што се вели: од кои средства на кој начин и во кој износ ќе се плати премијата на оние кои што произведуваат тутун. Во времето на изборната кампања, поточно се извинувам пред тоа, беше исплатена речиси во цела Македонија 15 денари или првата рата од оваа премија. Подоцна беше многу наскоро исплатена и втората рата. Јас можам да ви ги пренесам искуствата на примерот Конче каде што 90% населението произведува тутун, дека не е исплатена ниту еден денар од старата премија, за новата не станува збор. И не може една Македонија која што не произведува авиони од типот на ЕРБАС или АРИЈАНА ракети туку произведува тутун и се гордее со тој производ да не исплаќа премија на нашите производители. Не можам да разберам да нема пари за премијата, а да има пари Тутунскиот комбинат во Прилеп да троши на рекламен материјал, да троши на адвокати, да троши на разно-разни договорни услуги при тоа не исплаќајќи пари на оние за кои се упатени. И ова што го бара колегата Ацо Киров заедно со другите пратеници од СДСМ е само капка на ублажувањето на големиот проблем. Ама не може во денешно време кога е во прашање дали следниот род на оние кои што произведуваат тутун воопшто и ќе биде род, бидјеќи ако отидете кај нив, јас ќе ги упатам министерот Славески и Груевски да излезат малку од тие блиндираните возила и да прашаат и да видат дека денеска ако порано имало еден тон принос сега заради времето има 500 кологрими. Значи два пати помалку. Тоа ќе го чуете и во Житоше за што говореше Есад Рахиќ. Значи, во целата оваа ситуација 300-те милиони денари кои што се бараат не се бараат попусто, се бараат многу конкретно, за нешто што претставува обврска на оваа држава. Во спротивно можеби оние кои произведуваат тутун и да ја тужат државата, бидејќи таа не го реализира она што овие пратеници го усвоиле со закон. Колку што јас се сеќавам, корегирајте ме ако грешам, дел од вашите пратеници во тоа време и гласаа за тој закон. Ама велеа ние ќе направиме повеќе, ајде повелете. Ако имате закон со кој што ќе речете 60 денари на тутунопроизводителите ние ќе гласаме веднаш. Ама не може да велите 60, а при тоа да не им го исплатите она што им е законска обврска, 15 за минатата година и 30 за оваа година. Јас не знам каде е границата на вашата нечуствителност да не кажеме безобразност, да не се исплаќаат оние пари, а пари има. Па, министерот за финансии се фалеше во еден временски период дека во овој Буџетот има суфицит, замислете, она кое што до пред година дена од истава оваа говорница кога го усвојувавме ребалансот на нашиот Буџет го критикуваше. И сега може пратениците да седат надвор од салата, да чекаат да помине мремето, но има луѓе кои ја гледаат оваа седница па можеби не ја гледаат, но чекаат дали од утре можеби парите што им ги ветила Владата ќе ги добијат. На овој начин вашата лага не само што не се намалува таа и се зголемува. Ама на страна вашата лага, проблемот исто така останува голем и горлив. И во тие луѓе што произведуваат тутун има членови од ВМРО, има членови на СДСМ, и на НСДП, и на ДУИ, и на ДПА, бидејќи тие апсолутно не бираат партиска боја, но бараат надокнада за својот труд. И со прифаќањето на овој амандман што не е техничка работа да се разбереме ќе дадете показател, ќе дадете пример дека мислите и вие не само СДСМ или ако сакате заради суетата прво ВМРО, а после СДСМ да помогне на оваа категорија граѓани која што апсолутно не е мала. Месеците си врват, манипулациите што се правеа години наназад со организирање на таканаречени протести за плаќање на тутунот нема да го даде резултатот, бидејќи сега луѓето си го бараат својот или си го бараат вреднувањето на својот труд. Пак ќе речам, тоа не е волја на еден или двајца, тоа е законска обврска донесена од овој законодавен дом. Можеби од други пратеници, ама државата или периодот на Македонија не започна од ВМРО-ДПМНЕ и нејзината коалиција на 5 јули. Таа ќе заврши 2010 година некое време ама после тоа некој друг треба да ја продолжи или кажете јасно и гласно, ако не мислите да плаќате премија сменете го законот. Барем да не чекаат луѓето, бидејќи како што сте тргнале не само што нема да ја плаќате премијата туку и оној закон што беше прва ваша одлука, да ве потсетам, на први или втори септември кога го намаливте ДДВ од 18 на 5% не даде резултати. Јас не знам дали

сте се спуштиле во изборните единици каде што ве избраа граѓаните да видите дека ѓубривото денеска е поскапо од пред една година. Дека репроматеријалите се поскапи од пред една година. Дека мазутот за кој што им ветутавте субвенции не ги носите. И капак на целтото тоа не се исплаќа ни премијата. Е, па што повеќе да направат луѓето, да престанат да живеат уште малку. Бидејќи како што сте тргнале ќе го одземете  на крајот и правото чесно да се живее што е загарантирано уставно право.

Затоа уште еднаш повикувам, јас не знам дали министерот Трајко Славески толку нема живци да ја следи седницата, ама мислам дека е добро да се врати и да даде предлог од каде ако не може од оваа ставка, или ако овозможува од оваа ставка па другите барање да се покријат но во секој случај држава што се грижи за граѓаните, прво се грижи за нив, а после за се останато. И за да некого терате да спортува во спортска сала мора да биде и здрав и жив и најаден и да има желба тоа да го прави. А да го има сето тоа мора да има пари. На овој начин вие им го одземате елементарното право на луѓето за живот. Тоа ќе ви го кажат и во Дабиле, и во Просениково, и во Босилово, и во Конче, и во Житоше и на други места, бидејќи тоа е основниот начин за егзистенција на овие луѓе. Кога бев пред некое време неколку пати кај нив велам, добро дали доаѓаат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ кај вас, велат, не заборавија, зашто тоа го прават, затоа што ветија многу работи кои што не сакаат да ги остварат. Јас им ветив, добро јас ќе ги потсетам, бидејќи ако 60 денари ветија чесно е барем последна година да каже, бива или небива. Да каже колешката Силвана Бонева  за целиот струмички регион дали бива оваа Влада да даде 60 денари или не. Па, дури откако ќе го дадете одговорот јас знам дека нема да ги дадете тие пари, да речат е, сега имаме намера да ги исплатиме старите 30 денари што мораме да ги почитуваме како законска обврска. Ако не го прифатите овој амандман ќе покажете дека не само што не го почитувате правото на граѓаните, во овој случај оние кои произведуваат тутун, туку не го почитувате и законот што го изгласал овој законодавен дом. Две грешки за иста работа и око не ви трепнува. Веќе ќе дојде грозјето, ќе дојдат другите култури во септември пак ќе ја отвориме оваа расправа. Ако сега ја пропуштите шансата барем малку да се помогне, тогаш дефинитивно во септември ќе не очекува сериозен крах на она што значи елементарен живот на земјоделецот во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика три минути госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе,

И покрај договорот што го постигнавме до колегите од опозицијата се со цел граѓаните на Република Македонија посебно институциите да можат да функционираат и до утре да го донесеме ребалансот на Буџетот, ако може и вечерва, се воздржуваме од реплики, меѓутоа, не можам да премолчам зборување лаги во овој Парламент.

Почитуван колега Игор Ивановски, слободно можете цела кампања на Силвана Бонева да ја прегледате и на ВМРО-ДПМНЕ најдете едно место каде имам изустено дека ВМРО-ДПМНЕ ќе исплаќа премија од 60 денари. Ве молам вакви ноторни лаги да престанете да кажувате. Тоа не е вистина ниту во овој Парламент, можете да ги проверите стенограмите никогаш немам кажано 60 денари.

Значи, тоа е едно, за лагите.

Друго ВМРО-ДПМНЕ предвиде за земјоделието двапати повеќе средства за потик и развој на земјоделието, за помош, за субвенции, за премии. Она што вие не го исплативте а 40% од премиите на тутунопроизводителите не ги исплаивте, ние тоа го направивме. Исплативме по 15 денари и уште 15 денари за годинава. Значи, не сме исплатиле помалку, одколку што имате исплатено вие. И, уште нешто, не само тоа во Законот за тутун кој што го носевме во овој Парламент, ние тогаш како опозиција јасно зборуравме дека треба фиксно да се утврди сите пари кои што се собираа од цигарите треба да одат за премија на тутунопроизводителите. Вие тогаш зборувавте нешто сосема друго. Конзистнентни треба да бидат вашите ставови и тогаш и сега. Ние тогаш велевме јасно и гласно не треба овие пари да се делат за се и сешто, како што е поттикнување на развој на севкупното земјоделие, поттикнување на извозот, значи 15% од тие пари одеа за поттикнување на извозот благодарениен на тоа што донесовте таков закон. Сега зборувате нешто сосема друго како да заборавивте дека вие сте тие кои што го носите законот и тогаш зборувавте нешто сосема друго. Значи ВМРО-ДПМНЕ води сметка за земјоделците и тоа го покажа и ќе го покажува во иднина, ќе им помага на земјоделците, за тоа што донесовме Буџет кој што е дури повеќе од 2 пати повеќе за нив, одколку што тоа го направивте вие. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, Една минута контра реплика пратеник господин Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Колешке Силвана Бонева, јас кога велам општина Ново Село, Струмица, Босилово зборувам за Република Македонија. Не знам вие за кои општини мислите, да не мислите за во Грција, за Турција. Значи јас кога идам таму ми велат посети ја Силвана Бонева што ни зборуваше, ако јас лажам значи мислите дека сите ве лажат. Мислам дека работата е обратна, дека вие треба да се потсетите што зборувавте. И, колешке Бонева, ако вие сметате дека 30 денари се малку, јас лично сметам дека се малку, тогаш СДСМ направи закон за толку. Јас сега мислам дека е ред вас да ве видиме каков вие закон ќе донесете. Ако мислите повеќе, повелте, ама вие и тоа што ние сме го донеле, не го прифаќате. Тоа е разликата. Кога идам таму ми

велат, па добро Силвана Бонева овде баш во оваа нива даваше изјава дека сите ќе бидат обештетени од градот. Кога одев после една година велат дадоа само на 10 фамилии што се членови на ВМРО, сите други не заборавија. Е, па тоа е раликата.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник Најдовски Слободан, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Прво, за да се потсетиме, господин Ивановски не е во право, ВМРО не бараше 60 денари, ама не беше ни 30. Амандманот на госпоѓа Бонева беше за 50 денари. Амаднамнот ви стои госпоѓо Бонева и сега имате исто таков амандман во склоп на измените на законот за измени на Законот за тутун и тутунски преработки. Кога ќе дојде тој закон ќе го видите. Но, тоа е најмалку битно. Оваа расправа отвора едно суштинско прашање, дами и господа. Тоа го дискутирав кога беше општата расправа по Буџетот. Во Законот за тутун и тутунски преработки членот 51 вели следново:"за поттикнување на примарното земјоделско производство и тутунското производство се одредува надоместок по три денари од продадена кутија цигари кои ќе бидат исклучиво за таа намена ". Тоа значи од март минатата година, дами и господа не дава државата од Буџетот за премииите. Затоа, госпоѓо Бонева, се зголемени средствата за премии, не дава државата. Даваат сите оние кои што купуваат секој ден цигари, тоа е нов надоместок, нова давачка. Е, сега што е суштинското прашање, дами и господа. Суштинското прашање е што до крајот на 2005 година во Република Македонија се перодаваа редовно над 200 милиони кутии цигари. Тоа значи дека секоја година сега во 2006, па во 2007 треба да има минимум 600 милиони денари кои што ќе бидат наменети за премии во примарното земјоделско производство и тутунопроизводството. Кога тогаш дискутиравме сите беше интенцијата дека тие пари ќе бидат за тутунопроизводителите. Но, што е сега главното? Според она што ни го даде како информација Министерството за финансии, првите 6 месеци се собрани само 630 милиони денари вкупно од надоместоците за здравство по пет денари од кутија, три денаир за тутунопроизводството и еден денар за екологија по девет денари од кутија. Помножете го или поделете го 630 милиони со девет денри, ќе добиете дами и господа, количината колку кутии цигари се продале во Македонија. Се продале 70 милиони кутии цигари. И, ако до крајот на годиата да продолжи со ова темпо, ќе се продадат 140 милиони кутии по девет денари, пресметајте тоа се некаде милјарда двеста шеесет и двеста седумедесет милиони. Јас прашувам каде се тие 600 милиони кои што фалат од тие надоместоци. Тоа е основното прашање, дами и господа. Затоа ја нема премијата за тутуноптоиводителите.

За да не должам многу да придуржувам јас кон договорот, не знам колку заменикот министер за тоа сега во овој момент е спремен да одговори. Но, мора да го пставиме суштинското прашање, зошто Република Македонија во 2007 година ќе изгуби 21 милион евра по основ на ДДВ, акцизи и надоместоци од цигарите. Каде ќе одат тие 21 милион евра од давачките од цигарите? Тука треба да го поставиме суштинското прашање.

Второто прашае е, ве молам точно треба да кажете за кои намени ќе ги потрошите финансиските средства кои што се строго определени со закон. Петте денари за здравство, колку тоа ќе бидат пари, трите денари за примарното земјодлеско производство и тутунопроизводството и еден денар за екологија. Тие се строго наменски одредени со закон. Ве молам, еднаш дајте информација зошто во Република Македонија годинава ќе има за повеќе од милијарда цигари или повеќе од 50 милиони кутии цигари помалку продадени од 2005 година. Тоа е суштинското прашање. Ако тука одговорима, тогаш и Владата ќе има дополнителни 600 милиони денари за субвенции во земјоделието. Не знам зошто се крие тој податок и од нас пратениците и од јавноста. Овој амандман кој што го имаат поднесено колегата Ацо Киров, Цветанка Иванова и Тале Герамитчиоски како и Верица Филипова не е амандман кој што бара дополнителни средства од Буџетот на Република Македонија. Тој е амандман кој што врз основа на закон следува за оваа намена. Затоа, кога зборував во општата расправа реков поттценети ви се приходите односон само по тој основа имате помали приходи за 21 милион евра. Тоа е суштинското прашање и треба на таков начин да му пристапиме.

Би заклучил со тоа, не им давате на тутунопроизводителите од Буџетот, туку им кратите од парите кои што сите оние пушачи кои купуваат цигари во Република Македонија ги плаќаат исклучиво за таа намена. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал и јас исто така да ја изразам својата подршка на овој амандман, со кој што се предвидуваат средства за премија за откупениот тутун, наместо 15 дсенари да изнесува 30 денари и мислам дека покрај се она што се случуваше при откупот на тутунот, како и задоцнувањето на неговата исплата и исплатата на премијата од страна на оваа Влада, иако во предизборието ветуваше поголема премија и навремена исплата на откупениот тутун, тутунарите се доведени во многу незавидна положба. Во велешкиот регион постојат голем број на семејства кои поради немање можности за вработување, својата егзистенција ја остваруваат преку одгледување и продажба на тутунот. Со такво производство се занимаваат и граѓаните од населените места

Бузалково, Црквино, Оризари, Иванковци, Лозово, Дурфулија, Караманово и сите тие многу беа незадоволни при откупот на тутунот од минатогодишната реколта кога просечната постигната цена беше пониска од цената која што беше постигната претходната година, а исто така и премијата се исплати со големо задоцнување од страна на оваа Влада и беше само 15 денари. Сметаме дека оваа година ќе биде уште полоша ситуацијата поради сушата. Видовме дека прогнозите кои што се однесуваат на приносите кои што се очекуваат или бербата на тутунот ќе бидат катастрофални и навистина Владата мора сериозно да размисли уште сега како ќе го реши ова прашање, бидејки станува збор за една од стратешките култури во Република Македонија,од која се остваруваат значајни девизни средства од извозот, но и од која што егзистираат голем број на семејства во Република Македонија.

Затоа, мислам дека е редно овој амандман да се прифати и да се обезбеди премија за сите тутунопроизводители од 30 денари. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Рахиќ Есад, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе,

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Мислам дека имаме во одредени моменти погрешна формулација, не да се даде на тутунопроизводителите, тукуда им се врати. Она што и претходно говореа моите коелги и сите вие, тутунот е еден од најјаките извозни артикли во Република Македонија. Кога расправавме за Буџетот со заменик министерот за земјоделие за делот на проблемите на тутунопроизводителите, во еден неврзан разговор ми рече 100 илјади евра има едно семејство што заработува од тутунот во село Житоше. Во село Житоше цело село не земало 100 илјади евра за тутунот, затоа што колешке Бонева, не се работи за премија. Дел од производителите во Долненска општина ги немаат земено парите за тутунот, не премиите. Затоа, ова што го кажуваат колегите сметам дека на овие луѓе треба да се помогне, затоа што ако Република Македонија во извозот тутунот претставува важен артикл, ако оние луѓе како што спомна еден од колегите стануваат наутро во 4 часот и работат до 23 часот, нижење, калапење и слично, се работи некаде околу 9 месеци сезоната, сметам дека заработката на еден шлепер од 100 до 250 илјади евра е голем грев кон овие луѓе што го произведуваат тутунот.

Второ, со влезот на Република Бугарија во Европска унија нив им се намалува контигентот за извоз и се отвора простор во Република Македонија да произведуваме повеќе тутун. За тоа се потребни субвенции. Значи, по тој сегмент до колку се дадат нови луѓе, а особено што го потенцираа и моите колеги поради сушната година, поради ниската цена, поради се она што се слуша, сметам дека и парламентарното мнозинство и опозицијата треба да го подржиме овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки, нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот,

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги замолувам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласањето.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 11 пратеници, 1 се воздржал, 47 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 Програма 3 потпрограма 30 категорија 46 ставка 464 раздел 09002, Програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците Ацо Киров, Цветанка Иванова, Тале Герамитчиоски и Верица Филипова под архивски број 07-2979/338.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 Програма 3 потпрограма 30 категорија 46 ставка 464 раздел 09002, Програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците Ацо Киров и Цветанка Иванова, под архивски број 07-2979/344.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Не се прифаќа Амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник господин Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Не сум изненаден од министерот Трајко Славески што не го прифати овој амандман. Инаку, само накратко да кажам дека овој амандман го поднесовме со колешката Цветанка Иванова за невреме во село Сушица, кое беше се случило на 3.06. оваа година. Јас слушнав дека таму има невреме, не сум бил на денот, но еве ние како матична Комисија добивме еден материјал односно елаборат од општина Ново Село каде што припаѓа село Сушица и каде што има проценето односно комисијата која била на терен има проценето околу 25.179.000 штета.

Овој амандман што не го прифати министерот Славески се однесува на, да не кажам, мизерни 240 иљади денари. Инаку, почитуван министре овие 240 иљади денари не се напишани од моја рака. Јас побарав 2.400.000, 00 денари. Сега вие 240 иљади не прифаќате и не ме чуди тоа што не се подготвени да прифатите поголема сума. Инаку ако ги дадевте овие 240 иљади денари за 500 куќи тоа е по 250 денари на една куќа ќе дојдеше. Инаку во мојата пресметка, овде најверојатно службите имаат погрешено, имав пресметано рамномерно секоја куќа од село Сушица да добие по 6 000 денари иако штетата е многу поголема. Инаку тоа е најголемото село со најголемо производство на тутун во струмичкиот регион. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Повелете министре.

**Трајко Славески:** Тука имаат направено грешка во една нула. Имено се работи за 240 милиони, не 240 иљади денари односно 40 милиони евра.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник Ацо Киров. Повелете.

**Ацо Киров:** Не знам како е напишано. Во последниот дел од образложениот стои 240 иљади денари. Нема логика да бараме 240 милиони денари, затоа што вкупната штета е многу помала. Сега каде е направена грешката не знам.

**Иван Анастасовски:** Го повлековте амандманот?

**Ацо Киров:** Не го повлеков.

**Иван Анастасовски:** Добро.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 60 пратеници. Според тоа гласањето не е валидно.

Сега имаме 62 пратеници и го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеници, за гласале 11, воздржан 1, против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 3 Потпрограма 30 категорија 46 ставка 464 Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратениците Ацо Киров и Цветанка Иванова, под архивски број 07-2979/345.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии и повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот кој е во вкупна вредност од 240 милиони денари, не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесена од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров, под архивски број 07-2979/326.

Го молам претставникот на Владата на се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Ацо Киров. Повелете.

**Ацо Киров:** Сега можам малку повеќе да кажам околу овој амандман затоа што неколку пати со министерот Трајко Славески дискутираме и го прашувам и до ден денес ми нема одговорено на тоа што го барам.

Почитувани колеги пратеници овој амандман се однесува за премија или субвенционирање на пченицата за оние индивидуални земјоделци кои имаат под 1 хектари пченица.

Јас и во општиот претрес кажав дека многу малку индивидуални земјоделци имаат посеално по 1 хектар пченица и кажав, дали 10% од земјоделците ќе земаат од оваа премија што ги следува земјоделците за оваа година.

Министерот Трајко Славески кажа дека има, јас пак ќе ве потсетам и нема да ви реплицирам, сакам да ми одговорите дека има 50 милиони денари за субвенционирање на пченицата, бидејќи оваа година била сушна. Јас повторно ве прашувам и нема повеќе да должам дали овие 50 милиони денари се за оние по килограм пченица, значи за оние кои немаат над 1 хектар, или и овие 50 милиони што ги кажавте и ги има во ребалансот, се за над 1 хектар. Барам само едно објаснување, нема да ви реплицирам, да ми кажете дали се по килограм пченица, а не по хектар.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Би сакал, исто така, ако може министерот да се изјасни дали поради лошата година и сушите Владата планира да ги намали критериумите за доделување субвенција за пченица за оние кои оствариле приноси под 2500 килограми од хектар, а исто така дали е предвидена и субвенција за оние кои имаат насеано под 1 хектар површина под пченица, бидејќи тоа е суштинско прашање и го очекуваат многу земјоделци. Кај мене се обратија земјоделците од велешкиот и од светиниколскиот регион и навистина ме интересира која ќе биде политиката на Владата по однос на ова прашање. Исто така дали Владата планира да ги ослободи од концесија оние кои добиле под закуп државно земјиште, исто така поради лошите приноси, големата суша и тешката година за земјоделците.

Навистина е потребно, доколку министерот за финансии, за ова суштинско прашање се произнесе.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ствам амандманот на гласање ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата има 62 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, за гласале 11, воздржан 1, против гласале 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 Раздел 09002, Програма 2 Потпрограма 20 ставка 487, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Во интерес на времето го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 483 и Раздел 10001 Програма Д Потпрограма Д5 ставка 482 поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 Програма 4 Потпрограма 40 ставка 420 и Раздел 10001 Програма Д Потпрограма Д8 ставка 464 поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 Програма 4 Потпрограма 40 ставка 421 и Раздел 10001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 425 поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Амандманот на Раздел 14003 Програма 4 Потпрограма 40 ставка 425 и Раздел 09001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 425 поднесен од пратеникот Марјан Додовски е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 4 Потпрограма 40 ставка 464 и Раздел 09001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? Има збор пратеник Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам господине потпретседателе.

И овој амандман е сличен на амандманот пред малку што се однесуваше на субвенционирање на пченицата за оние кои имаат над 1 хектар.

Овој амандман го поднесовме со колешката со цел да обезбедиме средства за оние сточари кои имаат по 5 грла говеда. Не случајно го поднесовме, од причини што еве и вие од позицијата и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство знае дека многу мал број на сточари пријавиле за 2007 година или пополниле лист за грлата односно говедата што ги поседуваат. Тоа не можат да го сторат од причина што многу жители во Македонија имаат само над 5 грла. Овие земјоделци односно сточари ќе ги земат сите средства кои се предвидени во програмата на Министерството за земјоделие, а тие што имаат по 5 грла нема да земат ништо. Овој амандман со колешката Иванова го поднесовме со цел да бидат субвенционирани и оние под 5 грла, а тие се 80% во Република Македонија кои немаат над 5 грла.

Јас и во многу претходни дискусии реков дека парите што треба да ги земат од субвенциите ќе ги земаат тие што имаат, а оние кои немаат, сиромашните земјоделци и сточари нема да земат.

**Иван Анастасовски:** Благодарам бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 13, воздржан 1,против 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 6 Потпрограма 60 ставка 482 и Раздел 09002, Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 6 Потпрограма 60 ставка 482 и Раздел 06001, Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма Б Потпрограма ББ категорија 48 ставка 488 и Раздел 04001, Програма 1 Потпрограма 10 категорија 42 ставка 425, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Борис Кондарко, Славица Грковска и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господин Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Почитуван потпретседателе сакам на кратко да го елаборирам овој амандман што сметам дека доколку некој внимателно во Министерството за финансии го прочитал ќе видел можеби во некој дел некои сличности со онаа протокалова програма на ВМРО - ДПМНЕ, но за разлика од неа овде дадов конкретен предлог.

Мислам дека Владата претерано многу пари си доделува сама на себе за договорни услуги за кои, слично по теркот на Владата, така и Министерството за финансии како и другите министерства, станаа експерти во нетранспаретното тајно, па во некои ситуации екстравагантно трошење на народните пари.

Ако забележавте, она што во овие неколку дена дискусија го имавме , ниту еден претставник, а во овој случај министерот за финансии, ниту пак колегите од владеачкото мнозинство, не даваат објаснување зошто Владата толку пари даваат за договорните услуги, веројатно затоа што сакаат да го продолжи трендот на трошење надвор од законските процедури, а и трошење за одредени работи кои апсолутно не се приоритет во оваа држава.

Една од работите која треба да претставува проблем број 1 на секоја Владата, вклучително и на оваа е како да се намалува сиромаштијата во Република Македонија. Постојат различни начини и мерки, директни и индиректни. Впрочем и во високо развиените земји ќе видите дека постојат мерки кои подразбираат решавање на проблемите на најзагрозениот слој на граѓани.

Во Македонија, статистиката во континуитет покажува дека имаме стабилност, високо, за жал, ниво на сиромашни граѓани кои во овој момент доколку знаат што прави Владата ќе бидат не само сиромашни туку и разочарани што не им се реализираат проблемите.

Ако можете да анализирате што се случи за една година од оваа Владата, ќе видите дека главниот изум на оваа Влада е да отвара народни кујни, како што тоа се правело во периодот 1945 -1950 година и сега шетаат министрите или некои други претставници и се фалат дека отвориле народни кујни, замислете. Во 21 век клучната мерка на оваа Влада, за разрешување на сиромаштијата или во најмала рака, бидејќи таа не може да се разреши веднаш и многу тешко со класични административни мерки. Клучната мерка на оваа Влада е како да отвара народни кујни и тоа се фали, се рекламира, оди од градови во градови, на тој начин апсолутно грешејќи ја насоката и начинот на кој сиромаштијата во Република Македонија ќе се намалува. Погледнете само што се случува сега. Се прави обид, претпоставувам дел во завршна фаза, да се фискализираат продавачите на зелените пазари, мерка против намалување на сиромаштијата, ама тоа не може да го разбере министерот за финансии и директорот на УЈП и ги викаат продавачите на овие земјоделски производи, да им држи семинари и курсеви како да гористеле фискална каса, замислете. Наместо да го усоврши паушалниот систем за плаќање на данок, тој влегува во друга ситуација каде применува можеби шведски модел во рурална и не развиена Македонија. Ние имаме ситуација каде што на земјоделците или на оние што се сиромашни, кои потекнуваат токму од тие рурални подрачја, следниот амандман има слична таква содржина, Владата им воведе нови даноци, па така сега кога ќе одат колегите од владеачкото мнозинство и министрите, во онаа кампања, како ја нарекуваат, комуницираме итн, ќе треба да им објаснат на луѓето зошто имаат три нови давачки и од оној скромен данок им ги земаат парите.

Значи, кај што не даваат, таму земаат. Епа, така не се бори против сиромаштија. Не се бори против сиромаштија кога парите ги давате во договорни услуги. Ако Владата си го зголемила буџетот на 10 или 15 советници за кои не знаеме колку ги плаќаат, тоа не значи дека е добро за граѓаните на Македонија, тоа е добро за луѓето таму. Можеби е добро ако го зголемите обемот на луѓе ангажирани оние кои ги прават рекламите на Владата, но тоа нема да го подобри животот на сиромашните.

Токму затоа, гледајќи од една страна под број 1 да алиментираме средства кај единиците на локалната самоуправа и оние програми кои значат намалување на сиромаштијата, а од друга страна тоа да не го одземеме од места каде ќе предизвика други проблеми, се одлучивме да одземеме 46 милиони од онаа ставка која Владата, не само што ја користи лошо, туку ја злоупотребува. Да се даде во програми кои ќе значат подобрување на животот на граѓаните кои се директно загрозени, оние кои влегуваат во категоријата на најсиромашни во Република Македонија.

Јас не знам како мисли Владата со игнорантен и арогантен однос да го решава тој проблем. Можеби ако го прашате министерот ќе рече ја отварам оваа кујна и ќе стави течно гравче која, за тој ден можеби ќе функционира, мислејќи дека го решил проблемот. Ама, така не се решава

проблемот. Не се решава проблемот со отварање народни кујни, тоа е само еден процент од целиот концепт, а вие во вашата програма сте напишале дека ќе го намалувате јазот помеѓу богатите и сиромашните, дека ќе се намалува сиромаштијата, но јас не видов таков податок, па дури и оној владин, по желба на премиерот и министерот, Завод за статистика. Дури ни таму. Не видов еден егзактен податок каде тоа се намалува.

Ќе биде неблагодарно во континуитет ајде што се одбиваат амандманите за тутунарите, ајде што се одбиваат амандманите за производителите на пченица, на земјоделците, за инфраструктурни проекти, да се одбијат амандмани како овој кои подразбираат средства за намалување на сиромаштијата, тоа треба да биде благородна идеја на секоја Влада. За жал, оваа Влада, се покажа дека повеќе сака да дава средства за скапи авио билети на министрите и за нивните блиндирани возила отколку за сиромашните. Македонија има 15 или 17 министри, но затоа има по илјада или 10 илјади сиромашни. Не може одредени средства да се даваат во огромен број на одредена елита, а да се одземаат од оние на кои во овој момент најмногу им требаат.

Тука ќе завршам апелирајќи на совеста која, за жал, претставува мислена именка во оваа сала. Се гледа дека пратениците и министрите се брзаат да заврши оваа работа не гледајќи дека со усвојување на овој буџет, тоа ќе го кажеме понатаму, се кочи целокупниот економски развој на оваа држава. Не само што се кочи економскиот развој им ги одземате и им ги влошувате елементарните права на граѓаните.

Јас не можам да разберам кога ќе си отиде министерот или некој друг навечер, ќе си легне и ќе рече доделив толку и толку милиони денари на 10 луѓе во онаа зграда на Илинденска, а одземав толку и толку милиони денари на огромна популација на луѓе. Како може некој така да се однесува и око да не му трепне. Вие можете да одлучите да не комуницирате со луѓето, но тоа ќе можете да го правите еден ден, пет дена, десет дена, три месеци, некој месец ќе треба да се вратите таму од каде ве избрале и да дадете отчет, но не во партиската просторија на ВМРО - ДПМНЕ или на другите партии, таму надвор на улица каде сте ги барале гласовите, па тогаш ќе ги видите резултатите на ова што го правите.

Јас не сум среќен толку многу бидејќи ќе го доживеете тоа, граѓаните ќе бидат тие кои ќе ги трпат последиците. За вас ќе помине, но тие пак ќе останат во ваква ситуација. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, за гласале 9, нема воздржани, 48 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма Б Потпрограма ББ и Раздел 04001 Програма 1 Потпрограма 10 категорија 42 ставка 426, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Борис Кондарко, Славица Грковска и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Со овој амандман бараме од Владата на Република Македонија да издвои и да го зголеми износот на средства во ребалансот на буџетот пари за програмата за ревитализација на селата која се однесува во вид на дотации на единиците на локалната самоуправа.

Во понудениот ребаланс на буџетот од Владата, Владата предвидела само 10 милиони за оваа намена. Ние сакаме да придодадеме уште 46 милиони пари кои ги земаме од ставката во буџетот предвидени за други тековни расходи на Владата.

Почитуван министре упорно за секој амандман повторувам и пак ќе ве прашам зошто од постојните 10 сте ги зголемиле другите тековни расходи на Владата на 56 милиони. Тоа се приближно 4,5 пати зголемени средства за трошење на пари во Владата и тоа замислете под други тековни расходи. Дали ова претставува транспарентно и рационално трошење на парите. За што ви служи оваа ставка други тековни расходи и за што ќе ги трошите овие пари. Упорно не добиваме одговор затоа што во многу ставки на државни органи и институции на буџетот на Владата на Република Македонија токму овие ставки тековни расходи, договорни услуги, купување на мебел, опрема, возила итн енормно, фрапантно, фантастично ги зголемувате со овој ребалас на буџетот. Ова навистина станува симптоматично. Не знам дали Антикорупциската комисија или не знам кој треба да поведе постапка по службена должност ова да го преиспита. Што се случува, 4,5 пати за 46 милиони еве конкретно оваа ставка, овие пари бидејќи ги бараме за програмата за ревитализација на селата, за рамномерен регионален развој за што носевте закон и за што наместо децентрализација направивте рецентрализација и си ги приграбивте сите овластувања од општините наместо да оди тој процес напред, го вративте назад, се ставивте под владина капа, сега не сакате да дадете пари за тоа, но пари секогаш има, има 46 милиони, има 4,5 пати зголемување, јас не знам која е причината, бидејќи се работи за буџетот на Владата самата Влада си предложила самата

Влада си одобрила. Што разговарате на седница на Влада, кои се причините, кои се критериумите за 46 милиони да зголемувате други тековни расходи и што подразбирате како ќе ги трошите тие пари за реклами, за непосредни спогодби, тоа ви е омилена тема, а за водовод, земјоделие, тутунарите, нема пари.

Повторно ја позајмив од колешката Весна Бендевска оваа портокалова програма и пак ќе ви прочитам еден цитат. Во глава 3 - развој на земјоделието велите: Развојот на инвестициите и унапредувањето на земјоделието во наредните четири години ќе дадат значителен придонес во вкупниот економски раст на земјата. Значи, вие планирате економски раст, а за земјоделието не давате пари. Јас не знам каков ќе ви биде растот, како ќе го стимулирате, како ќе инвестирате во оваа гранка.

Понатаму цитирам: Во Република Македонија има 180 илјади семејства кои работат и живеат од земјоделието. Уште побитно дека токму македонските земјоделци произведуваат речиси 90% од храната која ја конзумираме. Тие одржуваат, внимавајте, плодна почва и ги негуваат убавините на селските средини. Сега, ако сакате да ја реализирате програмата, повелете еве ви можност, бидејќи на вас односно на Владата не ви текнало, умот ви оди само во други тековни расходи, договорни услуги и да трошите пари за непосредни спогодби еве ви шанса да се справите со овој амандман и да дадете повеќе пари за развој на селските средини односно ревитализација на селата. Како вие мислите да го ревитализирате селото, природно е, логично е дека во селските средини граѓаните се занимаваат со земјоделие. Ова што го цитирав е токму за развој на земјоделието. Во градот не се развива земјоделието или не се развива земјоделието со склучување на тендери со непосредни спогодби во четири очи, со трошење на пари за други тековни расходи и договорни услуги. Да не ви читам понатаму или ајде да ви читам, ние чувствуваме голема должност и обврска да го стимулираме развојот на земјоделието и на земјоделците да им обезбедиме пристојни услови за работа и живот. Нашата политика ќе биде насочена во овие компоненти.

Или на пример на страница 102 велите: изработка на проект за македонско село како национална туристичка атракција, па уште сте ставиле рок 31.12.2006 година, ве згази времето министре. Што е реализирано, дајте да видиме кое македонско село сте го направиле национална туристичка атракција. Вие немате поим што сте ветиле. Испаѓа дека е ова шарена лага, какво земјоделие какви бакрачи ќе развивате, какви туристички атракции. Важно пари за договорни услуги има колку сакате.

На крајот, бидејќи еднаш ви се запамети една славна изрека министре кога говоревте за даноците како граѓаните треба да ги плаќаат даноците, мислам дека и за тоа направивте една кампања, не знам дали беше тендер или непосредна спогодба како граѓаните да плаќаат даноци, кажавте во Собранието една славна реченица, ќе се обидам да ја парафразирам, дека на граѓаните ќе им олеснело и психолошки ќе се растеретеле кога ќе го плателе данокот, а не прашувате дали на граѓаните им ги зголемивте платите, дали ги вработивте, од каде ќе ги плаќаат тие даноци со вашата економска прогресивна политика. Сега да ве прашам дали вас, бидејќи не давате од вашиот личен буџет, туку од државниот буџет ќе ви олесни или психолошки ќе се растеретите, по таа логика, ако наместо за други тековни трошоци и договорни услуги дадете повеќе пари за ревитализација на селата, за земјоделието, за национални туристички атракции итн.

Ако се сеќавате пред неколку месеци го носевте Законот за рамномерен регионален развој, таму кажувавте, ветувавте дека ќе инвестирате во руралните, во селските средини. Ништо од тоа. Со тој закон освен што си ги приграбивте ингиренциите за централната власт, ништо друго не направивте. За се ќе биде надлежна Владата, Владата одлучува каде ќе даде каде нема да даде пари и еве излегува вашата скриена намера, партиски интерес, партиска политика на виделина дека ништо не важи оваа портокалова програма и дека со овој ребаланс си ги трошите парите само за владини потреби, за ваши луксузирања, за ваши комоции и евентуално за покривање на трошоците за рекламирање и одржување на личниот рејтинг на премиерот, на вашата партија ВМРО - ДПМНЕ итн.

Со оглед на вашиот искажан став и за претходните амандмани за слични наши предлози за пренамена на буџетски пари, ние не одземаме од суштински работи кои се битни за функционирање на државата или Владата, напротив, сакаме да ја дестимулираме Владата да троши ненаменски, недомаќински, нетранспарентно за оние ставки каде што сакате можете да си бутнете внатре други тековни расходи, договорни услуги и после тоа ќе речете кога некои органи на прогон или на истрагата или некои ревизии ќе направат проверка дека законот се спроведува не селективно за сите подеднакво дека тоа се прави со политичка мотивација и со политичка заднина.

Јас не знам каде ќе биде крајот на овие сомнителни и потенцијални жаришта за извор на корупција. Тоа се сите овие ставки во буџетот каде енормно по неколку пати без никаква логика, без никаква оправданост да сте ги зголемиле за 4 милиони од 10 на 14 ајде да ви поверуваме, но да ги зголемите од 10 на 56, значи за 46 милиони, навистина не знам или претходно сте кубуреле со пари, не знам како сте работеле или сега ќе се расфрлата со пари после ребалансот. Претеравте без усул и не знам како ова ќе заврши. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да утврдиме точен број на пратеници присутни во салата.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Гласањето е валидно, гласале вкупно 50 пратеници, за гласале 11, нема воздржани, 39 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усови амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 15001 Програма Б Потпрограма Б1 ставка 432 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Со овој амандман се бараат средства за исплата на работниците кои беа прогласени за технолошки вишок по основ на ФЕСАЛ 2 аранжманите, а кои по нивното прогласување за отварање на фирмите не им беа исплатени овие средства кои беа предвидени со аранжманот.

Тука, пред се, се работи за работници од Порцеланка - Велес, мислам дека и за дел од работниците од Агрокомбинатот Лозар.

Молам пратениците да дадат поддршка, верувам дека има и други стопански капацитети во изборната единица број 3 во Република Македонија на кои по основ на средства од аранжманот не им се исполнети сите обврски, имаат побарување од државата.

Апелирам амандманот да биде изгласан.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 51 пратеник, за гласале 8, воздржани нема, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Ги молам колегите да седнат на своите места.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15001 програма 5 потпрограма 52 и Раздел 02004 програма 2 потпрограма 20 категорија 40 ставки 401, 402 и 403, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Борис Кондарко, Славица Грковска и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен

Има збор господин Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министре,

Сосема накратко во однос на овој амандман кој што се однесува на зголемувањето на средствата во делот на програмите за социјалната заштита во Република Македонија. Имајќи во предвид дека имаме намалување во делот на социјалната заштита во Република Македонија со овој Буџет и со ребалансот. Значи, околу 551 милиони, а се префрлаат во стоки и услуги, мислам дека на тој начин се покажува спротивно заложбата на Владата на Република Македонија за зголемување на социјалната сигурност на граѓаните на Република Македонија тоа што впрочем и беше едно од ветувањата и заложбите пред изборите. И во делот на социјалната заштита преку вработувања, активни политики на лица со отворање на сопствени фирми, вработување на самохрани мајки и на деца без родители, итн. итн, сето тоа станува една заложба која што не би можела да се реализира доколку немаме доволно средства предвидени во Буџетот на Република Македонија. Заради тоа побаравме со овој ребаланс да се обезбедат дополнителни средства и навистина да преминеме кон активни мерки за кои што Владата постојано ни укажува при донесување на било кој законски проекти кои што се однесуваат за решавање на статусот на категорија на граѓани во Република Македонија кои што имаат потреба од тоа и во таа смисла мислам дека народните кујни кои што се отвараат би требало да ги замениме со повеќе финансиски средства со кои што ќе отвориме нови фирми, ќе имаме нови вработувања и на тој начин да покажеме дека навистина сакаме да реализираме нешто повеќе во делот на социјалната заштита на граѓаните во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Вкупно гласале 53 пратеник, за гласале 8, воздржани нема, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15010 програма 2 потпрограма 48 ставка 483 и Раздел 04001 програма Д5 потпрограма 42 ставка 425, поднесен од пратеникот Весна Бендевска под архивски број 07-2979/247.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финанисии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе, амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Збор има госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Значи во интерес на конструктивноста и ефикасноста при донесувањето на ребалансот на Буџетот се откажав од голем број на амандмани меѓутоа го задржувам правото и да говорам по нив генерално. Ова е првиот од амандманите со кои барав дополнителни средства заради подобрување на условите за опремување на објектите на детска заштита во Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги.

**Весна Бендевска:** Со исто вакво образложение на вкупна сума од 133 милиони денари очекував разбирање за една мошне важна општествена тема како што е детската заштита во Република Македонија. Значи, грижата на државата за детските градинки и другите објекти за детска заштита е од огромна важност за Република Македонија бидејќи токму во овие објекти, тоа е првата институција во која децата започнуваат со својот процес на образование и воспитување. Токму во објектите за детска заштита децата во најрана возраст го градат својот став и мислење за воспитно образовниот процес и се стекнуваат со првите вештини и знаења кои понатаму ги прошируваат во текот на образовниот процес. Без солидна база, без солидна институционална подршка на објектите за детска заштита не можеме да говориме дека спроведуваме политика токму во овој правец. Да не зборувам за третманот на вработените токму во овии институции за детска заштита. Нивните плати се очајно мали, очајно мали плати значат демотивираност за работа, а ова е навистина суптилна област, бидејќи токму во објектите за детска заштита започнува перманентниот процес на образвоние, односно креирање на европски ориентирани млади граѓани на Република Македонија. Во предлог ребалансот раздел 15010 општествена заштита за деца се вели дека дејноста згрижување и воспитување на децата претставува организирана дејност од јавен интерес која се спроведува во јавните установи за деца и детските одмаралишта во согласност со програмата за развој на дејности и утврдените стандарди. Остварување и цели следи понатаму, е дека дејноста на згрижување и воспитување на децата како организирана дејност од јавен интерес се остварува во рамките на годишната програма за заштита на децата во 2007 година и воглавном, значи во текот на првите седум месеци оваа година била насочена кон редовно обезбедување на средства за функционирање на јавните установи за деца т.е детските градинки, воспоставување на стручен надзор врз исхраната на децата итн, итн. Но, бројките покажуваат сосема спротивна ситуација. Токму оваа една од карактеристичните програми општествена заштита на децата каде што предлагачот на ребалансот на Буџетот читај Владата на Република Македонија предводена од премиерот Груевски, смета дека е програма која треба во услови кога во ребалансот се проектираат значително поголем број приходи да се намали. Значи, програмата општествена заштита на деца се намалува од 850 милиони со ребалансот на 832,800,000 денари. И јас морам да прокоментирам ставка по ставка. Бидејќи токму овие бројки говорат каква политика спроведува Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ во оваа програма општествена заштита на децата. Тоа значи вака, платите и наемнините се намалуваат за цели 20-тина милиони денари. Значи ли тоа дека ќе отпуштате вработение со оглед на тоа што платите се и онака очајно мали. Или пак, тековните тренсфери до единиците на локалната самоуправа се намалуваат за речиси 8 милиони денари. Значи ли тоа дека повторно ќе ги доведете општинити со оглед на тоа согласно законот за локалната самоуправа една од надлежностите е токму одржувањето на објектите на детската заштита или детски градинки. Овие бројки тоа го говорат. Или пак, градежни објекти во програмата капитални расходи се намалени за цели 3 милиони денари. Така ли ќе ги одржувате и реконструирате детските градинки во Република Македонија. Во програмата 2 дејност на детски градинки и одмаралишта потпрограма 21 ребалансот во споредба со Буџетот на Република Македонија трпи намалување од речиси 22 милиони денари. Или тоа повторно значи, драстично намалување во стапката плати и наемнини на вработените во детските градинки, но заради тоа два ипол пати зголемување на ставката договорни услуги. Ова е специјална ставка која предлагачот на овој ребаланс најмногу милува да ја полни. Значи, ќе повториме ако треба и по стоти пат. Се намалуваат платите, се намалува капиталните расходи за градење и одржување на објектите на терет на зголемување на ставката договорни услуги. Или програмата за децентрализација во овој раздел повторно бележи намалување од речиси 8 милиони денари што навистина говори дека и покрај декларираните намери дека оваа Влада ќе го продолжи веќе започнатиот процес на децентрализација на власта прави нешто обратно. И онаму каде што веќе, минатата Влада на СДСМ успеала да ја спроведе децентрализацијата вие не само што не го продолжувате тоа, туку обратен процес правите централизирате нешто што веќе навистина бележеше успех. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, бидејќи на почетокот рековте за повлекување, дали тоа важеше за овој амандман или за некој од наредните ако добро ве разбрав.

**Весна Бендевска:** Значи, очекувам господине потпретседателе, да имате разбирање јас

повлеков повеќе од 40-тина амандмани. Дозволете ми доколку одлучам некои од амандманите да повлечам на време ќе ви кажам.

**Иван Анастасовски:** Ви Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат ќе пристапиме кон гласање.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ги молам колегите да седнат на своите места.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласањето.

Во салата има 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, гласале 45, за гласале 7, воздржани нема, против 38.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 програма 25 потпрограма 48 ставка 482 и Раздел 04001 програма Д5 потпрограма 42 ставка 425, поднесен од пратеникот Весна Бендевска под архивски број 07-2979/267.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финанисии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе, амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Збор има госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

За волја на вистината, разделот Министерството за образование и наука во овој ребаланс добива значително поголем број на средства за кој ние се уште сметаме дека не се доволни. Дозволете да елаборирам зошто е тоа така.

Значи, овој амандман го предлагаме за подобрување на катастрофалните услови во кои се наоѓат во голем дел од основните училишта во Република Македонија особено училиштата кои се лоцирани во руралните средини. Грижата за образованието на најмладите ученици претставува основа за нивната натамошна образовна надградба посебно ако ги земеме предвид законските измени кој ги донесе токму овој парламентарен состав со кој средното образование е веќе задолжително за сите граѓани на Република Македонија. Со средствата кои ги предлагаме може да се изврши дополнителна реконструкција на училиштата и на тој начин директно ќе ги заштитиме оние што ни се најбитни. Тоа се децата и ќе придонесеме...

**Иван Анастасовски:** Колеги, ве молам да се сослушаме. Ве молам, продолжете.

**Весна Бендевска:** Значи, навистина се обидувавме да бидеме крајно коректни. Се обидувавме да придонесеме активност за што побрзо да го донесеме ребалансот на Буџетот. Дозволете работевме на овие амандмани, дозволете најкратко што можеме да елаборираме по нив. Сметам дека со дебата ќе може да ве убедиме и вас почитувани колеги од владеачкото мнозинство барем еднаш доколку не се работи за ваша лична корист да гласате против ставот на предлагачот на ребалансот на Буџет. Значи голем дел од училиштата во Република Македонија се градени пред неколку десетици години, истите веќе се комплетно дотрајани. Состојбата е навистина алармантна посебно во основните училишта кои се лоцирани во руралните средини.

**Иван Анастасовски:** Колеги ве молам да се сослушаме.

**Весна Бендевска:** Цела македонска јавност сме сведоци на не навремено почнување на школската година на дел од училиштата исклучиво заради лошите и неподносливи услови за одвивање на настава. Ако се сеќавате во 2005 година Утрински весник дури и организираше и медиумска кампања со наслов "да им помогнеме на нашите деца" при што голем број на граѓани, институции беа повикани да донираат средства за подобрување на условите онаму каде што беше навистина состојбата алармантна. Доколку најдеме сила да предвидиме поголем број средства за реконструкција на школските објекти ќе го подобриме воопшто и целиот процес. Но образование, како и условите за учење на учениците во образованието и на тој начин се во функција за заштита на маладото население и од заразни и други видови преносни болести, како резултат на влагата и нехигиената и другите навистина не хумани услови во кои се школуваат децата во руралните средини.

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги да се сослушаме, продолжете.

**Весна Бендевска:** Исто така, со реконструкција на школските објекти се спречува појавата со која голем број....

Ако навистина сметате дека падна концентрацијата, ве молам дајте пауза.

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги пратеници, да се сослушаме.

**Весна Бендевска:** Значи, баравте од нас да ви обезбедуваме кворум. Јас навистина сакам мала процедурална забелешка упатена токму до владеачкото мнозинство. Владеачкото мнозинство, сега повторно треба да побарам камерите да покажат. Вие секогаш треба да имате обезбедено доволно гласови за да можете да ги гласате проектите на вашата власт. Дозволете, кога ние можеме во навистина тешки услови да работиме до полноќ можете и вие драги колеги да го соберете вашето владеачко мнозинство. Доколку сте власт, манифестирајте на дело. Или на овој начин се обидувате да не демотивирате да ги браниме нашите предлози. Во вашата

"преродба" токму стои дека образованието ќе го доведете до ситуација на рај на земјата.

Почитувани колеги на нас е да изгласаме амандмани со цел да обезбедиме нормални услови за одвивање на настава, не само за децата туку и за кадрите кои го вршат образовниот процес, да придонесеме за развој на комплементарно неформално образование, како и за зголемени знаења кај ученици по странски јазик, компјутери и друга дополнителна настава, како и нивно натамошно професионално насочување. Исто така мораме да знаеме дека со дополнителни средства во оваа програма мораме да одиме во правец на тоа да ја зајакнеме улогата на локалната власт, ако земеме во предвид дека надлежностите се децентрализираат кон локалната самоуправа постепено уште од 2005 година, како и малиот и ограничен буџет со кој годишно располагаат помалите општини. Со тоа ќе се овозможи насочување на општината и надлежните кон квалитет на наставниот процес, училиштата и се разбира нивно унапредување, како и насочување кон останатите проблеми со кои нивната општина се соочува. Европско образование значи современо и модерно образование. Нема и не може да говорите дека сте подготвени на комплетна реформа во образовниот процес, а школските згради да бидат руинирани. Не може да распишувате тендери за 100 илјади компјутери, а во еден огромен број на школски згради имаат проблем со електричната инсталација, имаат проблем со гровови кои прокиснуваат, имаат реален проблем за комплетно уништен мебел. Образование по европски стандарди значи образование за секој еден ученик и студент, училишта достапни за секое дете подеднакви услови. Повторно ќе ве потсетам на законот што ние сите го донесовме, рамномерен регионален развој. Ние како СДСМ апсолутно веруваме дека секое модерно демократско општество мора да пружа еднакви можности кон секој поединец, а не тоа да зависи од средината во која расте. Не можеме и не смееме да форсираме различни услови на настава на деца во градските средини и руралните средини.

Како ќе зборувате почитувани колеги за настава по европски терк кога и наставниците и професорите не можат да набават ни основни нагледни средства, а немаат услови ни каде да ги чуваат. Новите кабинети и скапите автомобили кои сте ги предвиделе во програмите кои може да ги користи исклучиво мал дел од естаблишментот на Владата на Груевски нема да овозможат купување на нови географски или историски карти, нови проектори, нови училишни табли, нов училишен мебел.
Да потсетам, господинот Груевски многу пати јавно кажа и се обврза пред македонската јавност дека нема да дозволи ни во буџетот за 2006 година, ни во буџетот за 2007 година, набавување на мебел за било која државна институција, а буквално овие ставки ги зголемувате неколку кратно на товар на капиталните инвестиции, како што е предлог и во овој амандман.

И на крај да потсетам, Владата преку своето тело Агенцијата за млади и спорт најави изградба на нови 80 спортски сали, иако не верувам дека во Македонија постои граѓанин кој не се сеќава за истиот проект кој го манифестираше Владата на Љубчо Георгиевски во која министер за финансии беше токму сегашниот премиер Никола Груевски и кога од ветените спортски сали за кои се потрошија буџетски средства, сега претставуваат неми сведоци на едно катастрофално владеење со оваа држава. Премногу е ризично да ви дозволиме огромни средства, речиси 300 милиони денари повторно да ги вложите во еден ваков проект. Докажавте дека Владата предводена од ВМРО - ДПМНЕ, кога ќе се одлучи да вложува во проект, спортски сали, народот вели пиши пропало. Не може оваа Влада да говори дека е паметно средствата од граѓаните да се трошат за изградба на нови 80 спортски сали, при тоа свесно занемарувајќи го податокот во какви услови се наоѓаат спортските сали во државните основни и средни училишта. Доколку се реализира ваквиот проект, сосема извесно е дека за неколку години самите училишта и општини ќе се соочат со голем број на спортски сали кои поради не можноста да бидат одржувани, ќе се најдат во еднакво лоша состојба како и оние постојните. Во такви услови јасно е дека е потребно да се реконструираат постоечките спортски сали во рамките на постоечките училишни објекти, меѓутоа е многу побитно најпрво да се предвидат сериозни буџетски средства за реконструкција на зградите на основните училишта, особено на оние кои се наоѓаат во руралните средини. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и вам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Во моментот на гласањето во салата немаше доволен број на пратеници и според тоа гласањето е невалидно.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе го повториме гласањето.

Во салата имаме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници во салата гласале 48, за гласале 7, нема воздржани, 41 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 421, 423, 424 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 464, поднесен од пратениците Славица Грковска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници јас сум свесна дека концентрацијата веќе на сите е намалена, меѓутоа дозволете ми да кажам дека интенцијата со овој амандман беше да се зголемат средствата кои што се однесуваат за обезбедување нормално одвивање на наставата во основното образование заради тоа што се предлага зголемување на ставките за комунални услуги, греење и комуникација, за поправки и тековно одржување. Значи, целта на овој амандман беше да се предложат повеќе средства за комунални услуги, греење, поправки и тековно одржување на основните училишта заради тоа што бевме сведоци дека минатата година во текот на првото полувреме, токму во оние месеци за кои овој ребаланс е наменет, имаше проблеми во нормалното функционирање на наставата во основното образование заради недостаток на средства за греење во основните училишта. Токму заради тоа бевме сведоци на непостоење на елементарни услови за одвивање на наставата, кога учениците мораат да одат во училиште со зимски јаки заради тоа што не постоеа средства кои можеа да ги покријат трошоците за греење во основните училишта. Се надевам дека парламентарното мнозинство ќе има разбирање за овој амандман и дека ќе го поддржи.

(со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието Бесим Догани)

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни само 59 пратеници.

Ги повикувам пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам повторно на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 9, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 482 и Раздел 04001 Програма 1 Потпрограма 10 ставки 426, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Амандманот го предлагаме со цел да се одвојат повеќе средства за изградба на основни училишта заради тоа што постоечката мрежа на основни училишта не обезбедува нормално покривање на реоните каде треба да се опфатат ученици кои треба да се запишат во основно образование. Имајќи во предвид и новиот проект на деветолетката, мислам дека треба да се направи рекомпонирање на постоечката мрежа на основни училишта и изградба на нови основни училишта кои далеку повеќе ќе ја подобрат состојбата и условите за изведување на настава во основното образование.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 8 гласаа за, 2 воздржани, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 2А ставки 482 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 483, поднесен од пратениците Славица Грковска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе со оглед на тоа што намената на овој амандман беше иста како претходниот амандман, амандманот го повлекувам.

**Бесим Догани:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 2, подпрограма 2Б, ставка 482 и раздел 04001прогрма 1, подпрограма 10 ставка 420, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Мислам дека 4 одбиени амандмани за изградба и реконструкција на основни училишта се доволен аргумент за политиката што оваа Влада ја води и каков однос има кон образованието.

СДСМ цела година зборува дека ако сакаме реално да помагаме на образованието, тоа ќе го направиме со конкретни проекти, а не со воведување на веронауката.

Бидејќи 4 амандмани беа доволни да покажеме дека оваа Влада нема осет за основното образование од инфраструктурен аспект, овој амандман во име на другите пратеници, го повлекувам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 2, подпрограма 2Б, ставка 482 и раздел 09002 прогрма 2, подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Верица Филипова. Го молам претставникот на Владат да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратенците)

Бидејќи во моментот на гласање имаше само 60 пратеника, а во моментот имаме 63 пратеници во салата, амандманот повторно го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 59 пратеници, од нив 9 гласаа за, возддржани немаше, против 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 2, подпрограма 2Б, ставка 482 и раздел 09002 прогрма 2, подпрограма 20 ставка 426, поднесен од пратеникот Тале Герамитчоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 60 пратененици, од нив 10 гласаа за, воздржани нема, против гласаа 50 пратеници.

Констатирам дека Собрането не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 2, подпрограма 3Б, ставка 482 и раздел 09002 прогрма 2, подпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Ацо Киров и Цветанка Иванова под архивски број 07-2979/343.

Го молам претставникот на Владат да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Во интерес на времето, амандманот го повлекувам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 2, подпрограма 2Б, ставка 482 и раздел 16001 прогрма 2, подпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 63 пратеници од нив 10 гласаа за, 1 воздржано, 52 гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 2, подпрограма 2Б, ставка 482 и раздел 16001 прогрма 1, подпрограма 10 ставка 483, раздел 18001 прогрма 1 подпрограма 10 ставка 483 и раздел 09002 програма 2 подпрогрма 20 ствка 483, поднесен од пратениците Славица Грковска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман кој повторно се однесува на обезбедување на дополнителни средства за реконструкција на основни училишта ставка која сметавме во неколку амандмани дека треба да предложиме да се зголеми заради тоа што е невозможно да се реализира ниту една политика, која Владата ја промовираше во образованието, доколку не се изврши реконструкција на основните училишта и обезбедување на основни инфраструктурни услови за реализација на одредени проекти.

Меѓутоа, како што кажа господинот Макрадули, имајќи во предвид дека приоритетите на оваа Влада се насочени на сосема друго место во договорни услуги, во исплаќање на приватните имоти за одржување на приватните имоти на избраните и именуваните функционери Веле Самак, Виктор Мизо, Глигор Ташковиќ, Зоран Ставрески, Иво Ивановски, Перо Димшоски итн. за сметка на реконструкција на основните училишта и обезбедување на нормални услови за изведување на наставата, овој амандман го повлекуваме.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Повлечен? Во ред.

Амандманот е повлечен. Се извинувам.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 3 потпрограма 30 ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Сафет Незири, Садула Дураки и Зумрете Јакупи

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Садула Дураку, повелете.

**Садула Дураку:** Јас ќе бидам краток, мислам дека господинот Славески требаше да го прифати овој амандман од многу причини, бидејќи нема кај да ги ставиме компјутерите за секој ученик бидејќи ова училиште нема кров заовие ученици. Значи и понатаму доколку сакаме да направиме епохолно откритие во Република Македонија да се воспостават комјутери надвор од кровот на училиштето, нека повелат нека го направат тоа. Ви благодарам, и амандманот го повлекуваме.

**Бесим Догани:** Ви благодарам, господине Дураку.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 3 потпрограма 30 ставка 421 и 424 и раздел 14001 програма 1 потпрограма 10 ставка 483, раздел 09002 програма 2, подпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратениците Славица Грковска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се проинзесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам.

Амандманот го поднесовме со цел да обезбедиме дополнителни средства за непречено извршување на тековното одржување и исплата на комуналните услуги и греење во средните училишта. Образложението е потполно исто како за основното образование, заради тоа што овие месеци за кои што се однесува овој ребаланс на буџетот треба да овозможат средства за греење меѓутоа, поправки и тековно одржување на средните училишта за да може да се подготват училиштата за непречено организирање на наставата во зимскиот период за да не се доведеме во иста ситуација како минатата година кога заради непостоење на доволно средства за греење беше невозможно а се изведува наставата во средните училишта.

Меѓутоа очигледно како што реков Владата нема сенс за ваквите проблеми во образованието, очигледно приоритетите се други, и бидејќи министерот го одби амандманот, парламентарното мнозинство го следи неговиот пример овој амандман го повлекувам.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен, ви благодарам.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 3 потпрограма 30 ставка 483 и раздел 16001 програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се проинзесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Владата не го прифака амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 56 пратеници од нив 7 гласаа за, 1 воздржано, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 3 потпрограма 3Б ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 426, поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се проинзесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи во салата нема доволен број на присутни пратеници, би ги повиквал пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник, амандманот го ставам повторно на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 61 пратеник, од нив 11 гласаа за, 1 воздржано, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 3 потпрограма 3Б ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесенен од пратениците Славица Грковска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се проинзесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Со предложениот амандман се предлагат дополнителни средства за изградба и реконструкција на средни училишта, заради тоа што сметавме дека оваа ставка која што ја предвидела Владата во ребалансот е недоволна за оваа намена, а имајќи во предвид заложбата на Владата за задолжително средно образование од 1 септември 2008 година, имајќи во предвид дека постоечката мрежа на средни училишта не е доволна за почеток и нормално реализирање на оваа заложба на Владата, сметавме дека оваа ставка во Буџетот со ребалансот на буџетот треба да се зголеми, заради тоа што се тоа големи зафати, тоа е многу сериозен проект и подготовките би требало да почнат веќе о.г. доколку Владата не беше само популистички растроена кон овој проект, туку сериозна, и имаше намера да создаде нормални услови за одбивање на наставата во средно образование во услови кога парламенарното мнозинство и Владата застана зад законското решени за задолжително средно образование.

Затоа апелирам, на парламентарното мнозинство доколку имаше сериозна нанемна, со проектот Задолжително средно образование, да го прифати овој амандман, имајќи во предвид уште повеќе дека реконструкцијата на средните училишта е ноепходно потребна доколку сакаме брза реализација на проектот компјутер за секое дете. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 61 пратеник, од нив 11 гласаа за, 1 воздржано, против 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 3 потпрограма 3Б ставка 482 и раздел 16001 програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесенен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 59 пратеници, од нив 10 гласаа за, воздржани нема, против гласаа 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 3Б потпрограма 48 ставка 482 и раздел 04001 програма 1 потпрограма 42 ставка 425, поднесенен од пратеникот Весна Бендевска под архивски број 07-2979/222.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Сосема накратко, веќе станува јасно и не сакам повеќе да се повторувам, со оглед на тоа што мојата колешка Славица Грковска елаборираше околу ставот на СДСМ колку средства вреди да се вложат во програмата за реконструкција и изградба на средни училишта.

Само еден месец не дели од почетокот на новата учебна година, Законот што го изгласа и

предложи Владата на ДПМНЕ за задолжително средно образование за кој ние навистина сметавме дека ќе биде многу тешко остварлив, во интерес на сите, овој амандман го повлекувам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 4 потпрограма 40 ставка 421 и раздел 16001 програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесенен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине потпретседателе.

Природно после основното и средното дојдовме до високото образование.

Ќе дадам поддршка на амандманот на мојот колега Тале Герамитчиоски бидејќи амандманот предвидува изнаоѓање на начин како да се покријат трошоците за греење на државните универзитети и факултетите. Знаеме дека голем дел од државните факултети, особено ректоратите на универзитетите немаат сопствени средства за да го подмират овој вид на трошок и често многу државни факултети паѓаат во незавидна финансиска ситуација заради преземање на долговите кон снабдувачите на топлинската енергија.

Сметаме дека овие 20 милиони денари кои ги бараме да се тргнат од Министерството наменети за купување на мебел, опрема, возила и машини ќе бидат ненаменски употребени, ќе бидат употребени за високото образование да надмине еден проблем кој со години се таложи заради начинот на кој многу државни факултети се греат и на кој начин тоа го имаат решено.

Затоа го подржувам овој амандман на мојот колега господинот Тале Герамитчиоски и барам поддршка од парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 56 пратеници, од нив 13 гласаа за, воздржани нема, против гласаа 43 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 4 потпрограма 40 ставка 481 и 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеници Славица Грковска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Предложениот амандман имаше за цел да обезбеди поголем износ на средства наменети за изградба на објекти во високото образование. Мене ме изненадува тоа што не се прифати од претставникот на Владата еден ваков амандман, имајќи го во предвид новиот проект што се нарекува универзитет во Штип и овозможување на изградба на објект, кој ќе ги задоволи потребите на ваквиот проект на студентите кои што се заинтересирани да се запишат таму. Се надевам дека универзитетот во Штип не беше само со цел за ректор да биде избран братот на Жан Митрев кој е советник на Никола Груевски, туку вистинската цел беше излегување во пресрет на луѓето кои живеат во источниот дел на Македонија и приближување на високото образование на потребите на овие граѓани и на тој начин задржување на студентите кои се заинтересирани да студираат во Република Македонија за сметка на нивно одење надвор во други држави. Се надевам дека парламентарното мнозинство ќе има поголем осет од министерот и ќе го прифати овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, за амандманот гласаа 54 пратеници, за гласаа 13, воздржани немаше, против гласаа 41 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 4 потпрограма 40 ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Потпретседателе, амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Со овој амандман се бараше да се обезбедат средства за адаптација на Центарот за детско творештво во Кочани како би можело таму да профункционира правниот факултет до универзитетот Гоце Делчев во Штип.

Но, бидејќи министерот не го прифати, го повлекувам амандманот.

**Бесим Догани:** Ти благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 4 потпрограма 4Б ставка 482 раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеници Славица Грковска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Со овој амандман се бараат дополнителни 5 милиони денари за финансиски средства за реконструкција на објекти од високото образование и потребни просторни услови, нешто што беше спомнато и во претходните дискусии, Владата ќе го прифати овој амандман.

**Бесим Догани:** Ви благодарам. Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на предлог ребаланс на буџетот.

Отварам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 5 потпрограма 50 ставка 426 раздел 04001 програма 1 потпрограма 10 ставка 426, поднесен од пратеници Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Јас навистина сум задоволна што беше нашиот претходен амандман прифатен, заради тоа што тоа е неопходна потреба за високо образовните институции, меѓутоа се надевав дека за овој амандман исто така ќе имате разбирање, заради тоа што се однесува на ученичкиот стандард и заради тоа што за еден добар дел ученици овие средства кои што ги дели државата во смисла на стипендии и кредити навистина се неопходни, имајќи ја предвид економската ситуација на нивните родители.

Се надевавме дека со овозможувањето на зголемување на средствата во Програмата ученички стандард ќе овозможиме зголемување на ученичките кредити и ученички стипендии, меѓутоа имајќи предвид дека тоа не е можно, дека претставникот на Владата не се согласи, овој амандман го повлекувам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 5А потпрограма 48 ставка 482 и раздел 04001 програма 1 потпрограма 42 ставка 425, поднесен од пратеникот Весна Бендевска под архивски број 07-2979/295.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи, нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 62 пратеници, за амандманот гласаа 55 пратеници, од нив 10 гласаа за, 2 воздржани, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 6 потпрограма 60 ставка 426 и раздел 04001 програма 1 потпрограма 10 ставка 426, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе.

Овој амандманот го предложивме, заради тоа што сакавме да обезбедиме повеќе деца во програмата за студентски стандард, заради тоа што бевме сведоци дека Владата доцнеше со исплатата на стипендиите и кредитите на студентите и покрај тоа што ветуваше континуирано дека ќе го направи тоа секој момент. Имено, Владата само за првите два месеци од есенската сесија минатата година им исплати стипендии и кредити на студентите, за потоа да го пролонгира исплаќањето на наредните пет стипендии и со тоа практички ги доведе во незавидна состојба студентите и нивниот и онака низок стандард. Затоа, сметавме дека со обезбедување на повеќе средства во оваа ставка студентски кредити, ќе овозможиме Владата нормално да го исплаќа секој месец износот за судентски стипендии и кредити и на тој начин ќе овозможи финансиска поддршка на студентите во Република Македонија.

Се надевам дека парламентарното мнозинство ќе го поддржи овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 55 пратеници, од нив гласаа 13 за, 1 беше воздржан, 40 гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 6 потпрограма 60 ставка 486 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците Славица Грковска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Со оглед на тоа што овој амандман има за цел подобрување на студентскиот стандард исто како и претходниот го повлекувам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 6 потпрограма 6А категорија 48 ставка 482 и раздел 04001 програма 1 потпрограма 10 категорија 42 ставка 426, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Борис Кондарко, Славица Грковска и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Амандманот го предлагаме заради обезбедување на дополнителни средства за изградба и реконструкција на студентските домови за високо образование. Сметаме дека е неопходно проширување на капацитетите и реновирање на постојните и сметаме дека средставата кои што се одвоени за високото образование не треба како приоритет да имаат изградба на нови спортски сали, кои што ќе го носат името на вујкото на премиерот, за сметка на обезбедување на нормални услови за живеење на студентите во студентските домови. Заради тоа очекувам поддршка од пратениците во парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓица Грковска.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 53 пратеници, 12 гласаа за, 1 гласаше воздржан, против гласаа 40 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 6А потпрограма 48 ставка 482 и раздел 04002 програма 1А потпрограма 48 ставка 481, поднесен од пратеникот Весна Бендевска под архивски број 07-2979/300.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласање во салата беа присутни 60 пратеници, па затоа го повторувам гласањето.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеници, за амандманот гласаа 56 пратеници, од нив гласаа за 11, воздржани нема, против гласаа 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 7 потпрограма 71 ставка 425 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги и пратеници.

Од амандмани кои што се даваат средства повеќе за науката има само два и тоа едниот е поднесен од мене, а другиот од почитуваниот колеги Тале Герамитчиоски. Да бидам искрена очекував дека Владата ќе прифати еден од овие амандмани. Сега, не знам дали можеби следниот ќе биде

прифатен, но сакам да го изразам моето жалење што министерот не најде разбирање да го прифати овој амандман, кои што средства, јас знам дека навистина пратениците од парламентарното мнозинство се на крајот од трпението, но во секој случај нивната улога е малку полесна, затоа што тие тука се само да го притискаат копчето против, а ние мораме да ги следиме амандманите и да дебатираме со нив, се со една единствена цел можеби да успееме да убедиме дел од колегите од парламентарното мнозинство да дадат поддршка на нашите амандмани. Во конкретниот случај токму за оние пред да бидат пратеници се бавеле со научно истражувачка дејност и знаат што значи да се занимаваш со оваа работа, која што во никој случај не е исплатлива од материјална гледна точка, повеќе значи ентузијазам, вложување и многу, многу време посветено на нешто кое што освен сатисвакцијата што ја дава морално, не дава никаква материјална сатисвакција.

Почитувани колеги, токму во името на луѓето кои се занимаваат со наука во Република Македонија, особено оние кои работат во научните институции, поготово во 5-те национални, почитувани колеги од ВМРО - ДПМНЕ, национални институти, ако тоа нешто ви значи, се повикувам на вашиот секогаш нагласен патриотизам кој што го истакнувате, навистина се донесени во очајна ситуација.

Почитувани колеги, во научно истражувачки институти, поготово националните институти во Република Македонија, тоа се само 5 и тоа Институтот за национална историја, Институтот за македонски јазик, Институтот за литература, Институтот за старословенска култура и Институтот за фолклор, во овој момент нема средства за непречено одвивање на научно истражувачката дејност. Имено, во овој момент нема средства за научно истражувачките проекти.

Почитувани колеги, јас се извинувам што ќе го прекинам смеењето на колегите од првиот ред на ВМРО - ДПМНЕ, меѓутоа говорам за многу сериозна тема, почитувани колеги. Ако не се научно истражувачките проекти од овие 5 национални институти, како ќе говориме за она што претставува наше минато, на она на кое што треба да ја темелиме иднината, како ќе говориме за она што треба да не презентира пред светската научна јавност, потврдувајќи го нашето минато и нашиот идентитет.

Почитувани колеги многу сериозно зборувам и очекувам да дадете поддршка на овој амандман, затоа што кажав дека научно истражувачката дејност во 5-те национални институти е доведена во прашање или во овој момент комплетна замрена. Мислам дека со овие средства ќе се овозможи на луѓето кои целиот свој живот го посветиле на научните истражувања, кои немаат освен морална сатисвакција, никаков материјален бенефит, да им овозможиме достојно и понатаму да почнат да го истражуваат она што го работеле до сега, затоа што навистина, верувајте тоа е потребно на Република Македонија.

На Република Македонија и требаат научно поткрепени сознанија за нејзиното културно и духовно минато. На Република Македонија не и требаат восочните фигури од комерционалниот музеј на Мадам Тисо, без разлика чии ликови ќе бидат таму презентирани, дали ќе бидат тоа ликовите на големите дејци затоа што ни тие нема да се гордеат со тоа да бидат претставени во восочни фигури, тоа не е гордост за нив туку навреда. Уште помалку ни требаат восочни фигури на луѓе кои не ни заслужуваат да бидат спомнати во овој парламент. Еве почитуваниот колега од првиот ред ми покажува некоја репродукција или можеби книга, не видов добро за што се работи. (смеа во салата)

Јас не гледам што е смешно кога се дебатира за нешто што е многу сериозно, почитувани колеги. Со овој начин на однесување ја покажувате почитта кон нашето богато историско минато, кон богатото историско минато на Република Македонија.

Почитуван потпретседателе, дозволете ми да ја искажам мојата загриженост, знам дека колегите се релативно млади, можеби никогаш не прочитале некоја книга која говори за нашето богато културно-историско минато и затоа овие мои зборови не ги допираат, но навистина говорам најсериозно и уште еднаш ќе ве замолам да го прифатите овој амандман затоа што е од суштинско значење за нашата историја, за нашето минато, од суштинско значење да овозможиме и понатаму да ја продолжат својата научно истражувачка дејност, луѓето што работат во овие пет институти.

Јас ќе говорам се до оној момент додека пратениците од ВМРО - ДПМНЕ не престанат да се смеат на тема што е многу сериозна. Знам дека веќе е скоро 24,00 часот, но навистина оваа несериозност многу ме загрижува затоа што почитувани колеги, дебатираме за многу сериозна тема.

Не сметам дека го задржувам времето, ниту дека одземам од нечие внимание затоа што малкумина се што ме следат со внимание во оваа сала, другите кои се занимава со некоја за него поважна работа, кој се смее на сето ова што го говорам иако не гледам што е смешно, со исклучок на 5-6 колеги кои ја следат оваа дискусија и со тоа покажуваат дека знаат што значи научно-истражувачка дејност посветена на истражување на нашето богато културно - историско минато, без разлика дали се однесува на материјалното или духовното.

Почитувани колеги, со оглед на тоа што министерот не го прифати овој амандман, сметам дека вие ќе се согласите со мене и ќе дадете поддршка за тоа што сознанијата кои ги добиваме од научните истражувања на луѓето кои работат со години во овие институти, без разлика на нивните години, значи и младите ентузијасти се многу повредни за Македонија, многу подобро ќе ја презентираат Македонија надвор од границите на нашата држава и ќе бидат од поголемо

значење отколку восочните фигури на премиерот Никола Груевски. Уште еднаш замолувам за поддршка на овој амандман. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Дали некој од пријавените за реплика, или сите се за збор?

За реплика се јавува госпоѓа Весна Јаневска, повелете вашите 3 минути.

**Весна Јаневска:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Сметам дека тоа што госпоѓа Топузовска го искажа навистина е нешто за кое треба сериозно да се размисли.

На почетокот ќе кажам дека јас ќе го поддржам овој амандман затоа што темата е многу сериозна.

Она со што не се согласувам со дискусијата на госпоѓа Топузовска е тоа што опозицијата, според мене претера и во изјавувањето и спомнувањето на така наречените восочни фигури што во суштина не се тоа.

Ќе бидам многу кратка и ќе кажам нешто што сметам дека можеби ќе оди на моја штета во јавноста, но сметам дека е од историско значење за секоја земја, па и за Македонија.

Она што е изградено во Англија, во Франција, во Германија, замоците, палатите, црквите, катедралите, се изградени од некои Влади и владетели и воглавно на товар на народот или на данокот кој тој народ го плаќал. Но, и во тешки и во лесни ситуации и во периоди на војна и во периоди на процут на тие држави и затоа тоа едно но, денес тие земји имаат со што да се пофалат. Некогаш ќе мора и Македонија да има со што да се пофали и затоа сметам дека изградбата на било каков национален музеј од историска вредност е значајно дело што било која влада треба да го направи, а сите треба да го поддржиме.

Темата за восочните фигури навистина зема многу место во нашите дискусии, а се уште ние не сме го виделе проектот на она како ќе изглед и што се ќе има во таа поставка на тој музеј. Едните го нарекуваат музеј на ВМРО, а другите го нарекуваат музеј на восочни фигури, но факт е дека тоа е музеј и дека ќе биде дел од нашата историја за која ние навистина во еден извесен период сме ја занемарувале, а сметам дека треба да ја негуваме.

Инаку, повторувам, она што беше раскажано и амандманот, сметам дека министерот и Владата имаа простор да го прифатат.

Уште еднаш повторувам дека јас ќе гласам за.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Јаневска.

Една минута контра реплика за госпоѓа Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова - Каревска:** Благодарам почитувана колешке.

После големата мајка божица, тетовската Менада, мозаиците во Хераклеа и Стоби, после Архангел од Корбиново, после Ефхаристијата од Света Софија, после оплакувањето на Христос од Свети Пантелејмон, после резбата на Мијаците, навистина на Македонија нема многу да и значат восочните фигури, без разлика на кого тие ќе бидат посветени.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам потпретседателе, почитуван министре, почитувани пратеници.

Сметам дека овој амандман треба да се поддржи затоа што се однесува за средства за националните институти. Тие национални институти и требаат на Македонија затоа што тие ја презентираат и можат да ја презентираат вистината за македонскиот јазик, култура, литература, фолклор, историја и тие на најдобар можен начин може да бидат одговор на сите пропаганди од токму исти или слични такви институти во некои соседни земји. Од друга страна тие можат да ја афирмираат македонската култура во светот и тие ја имаат таа задача, затоа се и формирани. Но, за жал, тие се во таква состојба каква што се за што сите знаеме и сметам дека таквата состојба е недопустлива, не смее да продолжи и што поскоро треба да се изнајдат средства. Ако овие средства преку еден ваков амандман можат да помогнат, јас ќе го поддржам овој амандман. Но, верувам дека ни ова нема да биде доволно за да можат националните институти да профункционираат како што треба. Токму затоа, заедно со колегите од ДОМ сметавме дека треба да се обнови Министерството за наука, овој пат проширено како министерство за наука и техолошки развој каде што во тие рамки ќе може да се даде достојно место за истражувањата, за науката, за развојот, затоа што без тоа ние не можеме да го фатиме чекорот со развиените земји.

Значи, поддршка за овој амандман, а на оваа тема ќе зборувам и во иднина како што впрочем говорев и на почетокот пред дискусијата за ребалансот на буџетот.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиноска:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека и не е така доцна, 24,00 часот е и може за вакви теми да разговараме, можеме вечерва да останеме и до 02,00 часот по полноќ и до 03,00 часот, тоа ни е работа, но, тоа што го предлага госпоѓа Роза Топузова Каревска е значајно и во овој момент би сакала да ги повикам кооридннаторите на сите пратенички групи и од СДСМ и од ДПМНЕ и од НСДП. Ќе има две причини зошто го велам тоа.

Институтите за национална историја, особено Институтот за македонски јазик, кога ќе дојде, ако дојде законот за јазици, ќе има ваков проблем. Ако Институтот за македонски јазик успее во овој извесен период да го објави третиот, четвртиот и

петтиот том на Толковниот речник на македонскиот јазик, мислам дека поважно и стратешки не сме направиле ништо во државата. Таму ќе можеме да разговараме за се натаму што имаме да разговараме.

Сакам да ви кажам дека не постои држава која нема толковен речник. Институтот за македонски јазик не само што работи во лоши услови, замислете државата со толку многу независност во себе, со толку многу фалби, наспроти Илинден да го немаме толковниот речник на Македонски јазик.

Навистина мислам дека тоа не се многу пари. Околу 5-6 години седат подговени материјали, архиви, граѓа која не може да влезе затоа што нема пари за печатење. Еден ден ќе сакаме да ги отвориме нашите учебници за се она што во моментот се прави и за илинденците во Институтот за национална историја, особено за Павел Шатев, особно она што го работи господинот Зоран Тодоровски, иако размина во Архивот, меѓутоа сетоа тоа потекуваше од Институтот за национална историја. Сакам да кажам дека работат во мизерни услови, во канцеларии во кои ги немаат условите, без телефони, без пари за да појдат во странаство, за да можат да видат какви материјали ќе бидат потребни итн.

Она што, повторно велам, на седница на која ќе имаме расправа за закон за јазици, тогаш ќе треба да се повикаме на толковкиот речник за македонскиот јазик.

Го поддржувам амандманот и ги повикувам сите пратениците ца го поддржат.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Божиновска.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Колешке Топузова Каревска ја имате мојата комплетна подршКа и ви честитам за идејата да поденсете токму ваков амандман во ребалансот на буџетот. Но, за жал, ќе констатирам дека и овој ваш амандман, колку и да е добро и позитивно оценет, ќе ја доживее судбината како и сите останати амандмани поднесени од страна на опозициони пратеници.

Во Програмата "Преродба во 100 чекори" одвај една страна за наука. Чиста декларација.

Се надевам дека не се сомневате дека добро ја имам подучено и сакам ова да го разглобиме и да видиме што буквално Владата на ДПМНЕ планира во наука.

Значи политиката на Владата на ВМРО - ДПМНЕ ќе биде насочена кон создавање потик, јас знам дека оваа тема ви е табу тема, господине Грозданов вие намате ни поим од наука, но јас упорно ќе продолжам во корист на елаборација за поддршка на амандманот на госпоѓата Каревска.

Дали можеете да разберете дека Владата вели вака. Ќе вложува во инвестиции во Науката. Прво, ќе го намали одливот на домашен научен кадар за 50% до 2010 година. 50 % од домашниот научен кадар во 2010 година. Ќе ги зголемела вложувањата во научно-истражувачката инфраструктура, како услов за приемна на современи методи на истражување. Еве го ребалансот на буџетот, точка 7 во Министерство за образование и наука, програма, тежи 134 милиони денари, збир од три ставки. Стоки и услуги 103 милиони. Субвенции и тренсфери 26 милиони. Капитални расходи, читај, купување мебел, опрема и возила, скоро 5 милиони. Каде е тука научно-истражувачката дејност, каде е тука инфраструктурата за научно истражување, нула денари.

Значи, Потпрограма 72, научни институти 135 милиони денари од кои плати и наемнини 124 милиони, стоки и услуги 8 милиони, субвенции и трансфери 596 илјади, нула денари за она што било ветено, за вложување во инфраструктура за научно-истражувачка дејност. И навистина ова е најјакото ветување на ВМРО - ДПМНЕ, поттикнување и помагање на науката, преку даночната политика. Нели оваа Влада се фали дека ги намали сите даноци. Толку околу сериозноста на Владата на ДПМНЕ, да вложува во сериозен научен развој. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Ако го погледнеме часот сега е веќе полноќ и воопшто не личиме на пратеници кои од популистички причини се јавуваме да го поддржиме овој амандман. Напротив нашата поддршка е реална и суштинска и сметаме дека, ако не со овој амандман, а би сакала да се прифати амандманот, бидејќи навистина институтите се од есенцијално значење за научната мисла и за истражувачката работа и нивниот придонес е од извонредно значење за развојот на науката и истражувањето.

Вистина е дека постојат квалитетни човечки ресурсии кој работи по институтите, но работат во многу лоши услови и минимални средства. Од таа причина сметам дека има потреба од дополнителни средства за нормално функционирање и за извршување на нивната основна дејност односно научно-истражувачката работа на институтите во Република Македонија. Од таа причина пратеничката група на НСДП ќе го поддржи овој амандман.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господин потпретседателе.

Ретко се јавувам за теми кои не ми се доволни познати, но она што ме инспирира да прозборам околу овој амандман е дека се согласувам со она што рече госпоѓа Секуловска, ретко кој сега во ова време гледа парламент, така што не е за некој, да речеме оној одомаќинет израз - политички маркетинг. Но, еве имаме шанса ако не друго барем да ја надминеме Владата бидејќи

само таа вели дека работи ноќе, да докажеме дека и Парламентот работи.

Она што навистина ме разочара е односот на поедини колеги пратеници, кога зборуваше госпоѓа Топузова - Каревска.

Навистина, колеги млади членови на ВМРО - ДПМНЕ, се разочарав и ме потсетивте на периодот од 1945 до 1990 година, на периодот кога се држат големи митинзи и кога само се аплаудира, а кога митингот ќе заврши секој заборава каде бил.

Госпоѓа Божиновска многу добро изнесе во својата дискусија кое е значењето на овој амандман.

Госпоѓа Топузова која сигурно од нас 120 овде најубаво ја знае оваа проблематика уште повеќе кажуваше. Но, можам да ви кажам дека сите митинзи и сите аплаузи ќе поминат, никој не ги памети во овие 60 - 70 години, нема и вашиот митинг никој да го памети што ќе се одржи во Крушево.

Но, она што го напишале оние во овие 60 - 70 години е, тие се правите, ако сакате и вмровци и македонци и се. Но, со вашиот однос навистина се разочарав, го покажавте вашиот однос и дека само во Крушево ќе покажете колку сте национално определени, а ние од десната страна антинационално определени. Сега, кога треба нешто конкретно да направиме, имаме сосема друг однос.

Амандманот што го има поднесено госпоѓа Топузова Каревска бара 5 милиони. Господине министре, ќе се согласите, тоа е половина капка, ако може така да се подели капката на половина во овој буџет. Мислам дека за тоа можеме да смогнеме сили и да им овозможиме на тие луѓе кои многу подолго ќе останат од нас запишани во историјата на оваа држава отколку за било што друго, а верувајте ми во овој буџет како и за сите буџети наназад во овие 15 години имало голем дел на финансиски средства кои не морале да се потрошат. Не само за оваа Влада, јас тоа секогаш го повторувам, и во овие изминати 15 години можеле да се најдат пари.

Ако се овие 5 милиони проблем, тоа го покажува нашиот однос кон амандманот и кон проблематиката која е третирана со овој амандман.

Јас би го замолил министерот и координаторката на ВМРО - ДПМНЕ да им дозволат на пратениците на ВМРО - ДПМНЕ да гласаат за овој амандман. Со оглед на тоа што од пратеничката група на НСДП има став дека сите ќе гласаат, од Народна партија ќе го поддржат амандманот, еве госпоѓа Божиновска и Јаневска реагираат како независни пратенички, знам како е и кај мнозинската парламентарна група дека се чека одлучувачкиот збор на министерот или на координаторот на пратеничката група, јас би замолил да им дозволат на пратениците овој амандман да го изгласаме, бидејќи не претставува ништо во ставката од која се земаат 5 милиони, од 505.600.000 денари да се земат само 5 милиони. Таму не значат ништо, а ваму каде се префрлуваат навистина можат да имаат свој придонес. Благодарам.

(во 00.08 часот со седницата продолжи да раководи Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието)

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе.

Со амандманот се побаруваат 5 милиони денари за 5 институти кои ги има државата. Институти кои работата во субстандардни услови, бидејќи во континуитет, за жал, ние многу малку пари одвојуваме за нивно функционирање. За возврат бараме експертски мислења, анализи, ги бараме нивните истражувања. Ако е тоа така и ако секогаш сеослонуваме на она што тие го истражуваат на нивната научна мисла до која дошле со макотрпна работа во субстандардни услови, тогаш заслужуваат не само 5 милиони денари за 5 институти, туку многу повеќе, бидејќи тие ги хранат сите институции на државата со својата научно истажувачка работа.

Јас ќе дадам поддршка на овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Сосема накратко сакам да изразам голема благодарност на претставниците на политичките партии и независните пратеници кои дадоа искрена и сесрдна поддршка за овој амандман дотолку повеќе што го сфатија значењето и тежината што ја има овој амандман и само можам да изразам жалење, но сепак очекувам барем оние луѓе кои малку повеќе ќе го сфатат значењето на амандманот од ВМРО - ДПМНЕ дека и тие ќе дадат поддршка особено од колегата Шамбевски за амандманот за кој говорев затоа што почитувани колеги од ВМРО - ДПМНЕ патриотизмот и љубовта кон својата земја не се изразува со големи зборови, туку се изразува со големи дела. Ова не е големо дело, но е многу значајно за да се продолжи работата во научно истражувачката дејност во националните институти. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите уште еднаш да утврдиме точен број на пратеници кои се присутни во салата.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата имаме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен во салата вкупно гласале 58, за гласале 27, нема воздржани, против 31 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 7 Потпрограма 71 ставка 464 Раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандаманот не е прифатен.

Има збор пратеник Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседател.

Како што кажав ова е уште еден амандман кој се однесува на научно истражувачката дејност, значи само два амандмани.

Морам да го изразам моето жалење што претходниот амандман кој се однесуваше исто за истражувачката дејност во научните институти поготово за 5-те национални институти не е прифатен, се надевам дека парламентарното мнозинство поготово ВМРО - ДПМНЕ иако немаше чувство за националните интереси на Република Македонија барем во овој момент ќе имаат чувство за нешто што и самите кажаа дека нивната работа ќе биде посветена за подобрување на економската состојба во државата или како што самите велат во приоритетите и целите на Владата во програмата 7 за наука стои дека ќе настојуваат да го зголемат развојот и конкурентноста и ефикасноста во научно истражувачката дејност во функција на поддржување на постојните и стимулирање на нови производни процеси и програми заради создавање услови за подобрување на економската состојба во државата.

Преку зголемувањето на средствата кои ги бара мојот почитуван колега Тале ќе се зголеми бројот на целни научни истражувачки проекти кои ќе партиципираат во реализација и подобрување на економската клима во земјата.

Почитувани колеги од ВМРО - ДПМНЕ, уште еднаш ќе повторам, бидејќи само вие, исклучиво само вие немавте сенс за националните интереси на Република Македонија барем останете малку доследни на она што го говоревте во предизборието и врз кој се темели вашиот рејтинг, подобрување на економската состојба во државата, изгласајте го овој амандман преку кој ќе докажете дека навистина сметате дека развојот на економската состојба во голема мера се темели врз научно истражувачката дејност.

Јас не знам што ми покажуваат колегите од првиот ред на ВМРО - ДПМНЕ цело време додека јас говорам, меѓутоа навистина, почитувани колеги, ова е крајно несериозно па дури иако се однесува од некои не сериозни луѓе од ВМРО - ДПМНЕ. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 17, еден се воздржал од гласање, против 41 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 7 Потпрограма 71 категорија 46 ставка 464 Раздел 09005 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 48 ставка 483, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Борис Кондарко, Славица Грковска и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандаманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, јас и господинот Кондарко веќе повлековме еден амандман кој одвојуваше дополнително 14 милиони денари за научно истражувачка работа кој беше трет амандман на госпоѓа Роза Топузова Каревска заради тоа што сметавме дека 14 милиони денари не се доволни за научно истражувачка работа која, морам да потенцирам, не се однесуваат само на научните институти, туку се однесуваат на целиот наставно научен кадар на сите високо образовни институции во Република Македонија.

Токму заради тоа се одлучивме и се надевавме дека господинот Трајко Славески, министер за финансии, но воедно и универзитетски професор дека ќе има разбирање и дека ќе прифати барем еден од останатите амандмани кои одвојуваат многу повеќе средства. Иако тоа не го направи со амандманот на госпоѓа Каревска и амандманот на господинот Герамитчиоски кој предлагаше зголемување од 30 милиони денари, се понадевавме дека господинот Трајко Славески има разбирање како универзитетски професор за потребата од зголемување на средствата за научно истражувачка работа и дека ќе го прифати нашиот амандман, овој амандман кој ја зголемува оваа ставка за 50 милиони денари.

Само накратко, нема развој во државата доколку нема инвестиции во образованието и науката. Доколку оваа Влада е искрена во своите намери за инвестирање во образованието и науката, тогаш сметав дека треба овој амандман да го прифати. Се надевам дека парламентарното

мнозинство ќе даде поддршка на овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, за гласале 14, еден се воздржал од гласање, против гласале 42 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 7 Потпрограма 72 ставка 481 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандаманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на ребалансот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 7 Потпрограма 72 ставка 483 и Раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Потпретседателе, имаме прилика на некој начин да надоместиме за гласањето што беше претходно многу блиску помеѓу за и против за националните институти, истиот износ, среќна околност, 6 милиони денари, овој амандман се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандаманот е прифатен и е составен дел на Предлогот на ребалансот на буџетот. (аплауз)

Отварам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 8 Потпрограма 8А ставка 482 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482 поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/82.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 62 пратеници, гласањето е валидно.

Вкупно гласале 51 пратеник, за гласале 10, воздржани 1, против гласале 40 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 8 потпрограма 8А ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482 поднесен од пратеници Влатко Серафимов и Марјанчо Николов, под архивски број 07-2979/139.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни над 60 пратеници, но бројката е многу мала на пратеници кои гласале. Затоа, би замолил уште еднаш службите да го утврдиме бројот на пратеници кои се точно присутни во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници, вкупно гласале 46 пратеници, за гласале 9, нема воздржани, 37 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 3 за потпрограма 3.1 ставки 421 и 424 и раздел 04001 програма Д потпрограма Д4 ставка 425 поднесен од пратениците Славица Грковска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот се однесува на релативно мал износ од областа на образованието милион и двеста десет илјади денари, Владата го прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на предлогот на ребалансот на буџетот за 2007 година.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 3 потпрограма 3.2 ставки 421 и 424 и раздел 04001 програма Д потпрограма Д4 ставка 425 поднесен од пратениците Славица Грковска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 3 потпрограма 30 ставка 425 и раздел 16001 програма 2 потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам, амандманот на 10 милиони денари, не може да се прифати.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓица Грковска Славица.

**Славица Грковска:** Бидејќи господинот Герамитчиоски не е тука, оправдано е отсутен, сакам да кажам дека овој амандман се предвидува на зголемување на средствата на проектот Државна матура, многу сериозен проек за кој сметаме дека треба дополнителни средства, имајќи предвид дека се потребни подготовки, во тек е пилот проект и е потребна почеток на кампањата, со која што ќе им се објасни на родителите и учениците што овој проект ќе значи за нив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 53 пратеници, за гласале 10, нема воздржани, 43 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16002 програма 3 потпрограма 30 ставка 483 и раздел 16001 програма 2 потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи, нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, за гласале 10, еден се воздржал од гласање, 44 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16002 програма 3 потпрограма 30 ставка 425 и раздел 04001 програма Д потпрограма Д4 ставка 425 поднесен од пратениците Славица Грковска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе**.**

Имајќи предвид дека претходниот амандман на господинот Герамитчиоски се однесуваше на државната матура, нашиот амандман исто така се однесува на зголемување на средства што ќе овозможат подготовка и реализација на државна матура бидејќи претходниот амандман на господинот Герамитчиоски не беше прифатен, министерот не го прифаќа овој амандман, амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16101 програма 2 потпрограма 2А ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482 поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Цветковска Благородна, повлете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман се предлага заради обезбедување на средства за изградба на спортска сала во Крива Паланка. Во вашата книга која е актуелна кај нас Преродба во сто лаги пишува: "Владата ќе инвестира и во изградба на голем број спортски сали во земјата за рекреативен и врвен спорт. Како сали за вежбање, за тренинзи, натпревари на повеќе видови спортски натпревари итн." Благодарам, на Крива Паланка не и е потребна спортска сала. Нека има добри дискотеки во кои младите ќе се забавуваат, па како што е дискотеката од типот ВИП во која младите ќе ги загушуваме, ќе пуштаме солзавец и димни бомби и ќе завршуваат и ден ден денес се наоѓаат во болниците во Крива Паланка, Куманово и Скопје. Така, нека министерката за внатрешни работи, барем ќе има шанса да се прошета во Крива Паланка и да се запознае со случајот на кој веќе 15 дена чекаме. Нема потреба, благодарам од спортски сали.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 13, еден се воздржал од гласање, 45 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16101 програма 2 потпрограма 2А ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482 поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16101 програма 2 за додавање нова потпрограма 2Б по потпрограмата 2А ставка 482 и раздел 16101 програма 2 потпрограма 2 ставка 482 поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен

Има збор пратеник госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Тука ми пропаднаа сите надежи дека некои од амандманите кои се во корист на општина Битола ќе бидат прифатени, особено затоа што овој се однесува за реконструкција на општинската спортска сала Младост. Морам да признам дека е настанат технички пропуст со оглед на тоа што сметав дека 20 милиони денари се сосема доволни за реконструкцијата, во ракопис ги доставив до службите моите амандмани, сметам дека овој амандман е технички неисправен и затоа го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16101 програма 3 потпрограмата 30 ставка 463 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратениците Славица Грковска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Па, добро, ова беше изненадување за мене, заради тоа што предложениот амандман е во функција на зголемување на средствата кои што ќе овозможат развој на спортот и на младите кога сме соочени со една таква кампања од страна на Агенцијата за спорт и млади, за важноста на спортот, зголемување на бројот на часовите по физичко воспитание во училиштата. Се надевав дека овој амандман ќе го прифати министерот и очекував парламентарното мнозинство да даде поддршка за него. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 51 пратеник, за гласале 14, еден се воздржал од гласањето, против гласале 36 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16101 програма 48 потпрограмата 482 раздел 16001 програма 7 потпрограма 71 категорија 42 ставка 425 поднесен од пратениците Игор Ивановски, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Борис Кондарко, Славица Грковска и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Макрадули Јани.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине потпретседателе.

Со апел парламентарното мнозинство да се обиде да биде поконцентрирано во завршувањето на овој процес на амандманите, уште еден добар гест од опозицијата, го повлекувам овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, колега.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 18010 програма 3 потпрограмата 30 ставка 425 и раздел 18010 програма 3 потпрограма 30 ставка 464, поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Со амандманот барам по втор пат, бидејќи ваков ист амандман имав и кога го донесувавме буџетот за 2007 година. Амандманот тежи 25 милиони денари за подготовка за новиот проект под наслов Битола филмски град. Со оглед на тоа што веќе општина Битола издаде соодветен промотивен материјал кој е испратен до релевантните

филмски центри во странство, каде што Битола се обидуваме да ја промовираме како место, каде што навистина изобилува и со интересни екстериери, но и со можност, на пример, старите хали од пропаднатиот идустриски гигант Фринко може да се искористат, пренаменат и насочат за ентериерно обликување и можност за снимање на странски филмови. Проектот го подготвуваше битолскиот градоначалник, беше одобрен со средства на Советот на општина Битола и навистина наиде на солиден прием од страна на релевантните филмски центри во странство. Навистина, мислам дека ова е можност Битола да ја промовира својата култура, со оглед на значењето на Битола како град на културата, но и можност за идни и нови вработувања и за идни и нови перспективи за развој на општината. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, за гласале 13, нема воздржани, 44 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 18010 програма 3 потпрограмата 30 ставка 464 раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Божиновска Валентина.

**Валентина Божиновска:** Благодарам.

Почитуван министре, вие секогаш сте имале слух и минатиот пат кога разговаравме со донесување на буџетот за Фондот за филм, па сакав да помогнам на една група од Словенија. Се работи за три жени од Словенија кои имаат словенско потекло, во моментов се во Македонија и низ цела Словенија прават промоција за Македонија. Замислете, тие три државјанки од Словенија со живеалиште во Љубљана говорат за Гоце Делчев, Даме Груев, Питу Гули и имаат објавено по три поетски збирки. И, не само тоа, тие три жени високо образовани во времето на војната донесоа, собраа пари за кризните состојби во Македонија итн. Но, она што е интересно тие имаат свои ЦД - ња, министерот за надворешни работи, поранешната министерка за надворешни работи, сегашниот министер, амбасадорот во Словенија кога и да појдете во Словенија ќе ви кажат групата на словенките, која група се вика Пела и е раководена од еден македонец Љубен Димкаровски, прва труба во филхармонијата во љубљанската опера. Зачудувачки е кога главен лобист се трите словенки и во овој момент во Македонија сакаат да направат историско документарен филм за предците и тие да говорат за Македонија. Се обиделе неколку пати во Министерството за култура, бидејќи и во контакт со државниот секретар кој има голем слух, овој пат можат и друштва кои се надвор од Македонија да конкурираат. Но, ете, ја немале таа среќа и јас ги повикувам пратениците навистина за 2 милиони денари кои ќе изгледа на филмска лента и ќе биде на филмска лента, бидејќи само филмската лента не може без 30 илјади евра, да им дозволиме на овие луѓе кои ја презентираат Македонија, особено затоа што оваа година според податоците, многу граѓани од Република Словенија се наоѓаат во Охрид токму заради нивното лобирање да ги замолам моите колеги, почитувани пратеници и од опозицијата и од позицијата за филмот кој се вика Длабоко Црвено и е за Македонија, да поминат овие 2 милиони денари. Однапред благодарам на сите. **Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 25, еден се воздржал од гласање, против гласале 35 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 18010 програма 4 потпрограмата 40 ставка 401 и раздел 18010 програма 4 потпрограма 40 ставка 464, поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Ова е втор пат ваков амандман, бидејќи со оглед на тоа што поднесов и при донесувањето на буџетот за 2007, претставникот на Владата да не го прифаќа. Станува збор за средства потребни за формирање на втората оперска куќа во Република Македонија во општина Битола. Битола како културен центар навистина има вонредни културни промени. Меѓутоа, морам да истакнам дека сегашниот директор на Народниот театар во Битола кој е поставен од редовите на владеачката партија и се работи за еден вонредно успешен оперски пеач, самиот призна дека доставил пред Министерството за култура вакво барање, готов проект за формирање на Втората оперска куќа во Битола, која ќе има можност за нови вработувања на околу 60 лица.

Битола, навистина, ги има ваквите културни потреби и сметам дека, за жал, иако Битола ова

го бара, нема слух од страна на претставникот на Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Најдовски Слободан.

Повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, само во поддршка на овој амандман. Вие сигурно следевте кога се отвори прашањето за проектот Битолска опера, тогаш беше напаѓана централната власт дека тогашната Влада не сака да го поддржи тој проект. Сега сметам, за да се докаже спротивното, треба да се даде поддршка на овој амандман, или пак ако не се изгласа овој амандман, ќе се потврди дека и тогашната Влада и оваа биле во право дека нема оправдување за тоа. Но, јас сепак сметам дека постои потреба и да го поддржиме градоначалникот на Битола во неговите залагања, да го изгласаме овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 17, воздржани 2, против 41 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 5 ставка 424 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 8 за додавање нова Програма по Потпрограмата 8Б и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман, јас и колешката го поднесовме за музеј за битката на Беласица и јас ќе бев благодарен, не само јас туку и Струмица, ако министерот Трајко Славески, средствата што се наменети за музејот на ВМРО ги наменеше за музеј на битката на Беласица.

Амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 5 Потпрограма 50 ставка 425 и Раздел 04001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 425, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, колеги и колешки пратеници, јас апелирам овој амандман да го поддржите со оглед на тоа што сметам дека не е голем износот, а се однесува за зголемување на средствата за рано откривање и дијагностицирање и лекување на рак на дојката кај жената, нешто што веќе станува алармантно прашање во Република Македонија. Соочени сме со кампањи од страна не само на невладини организации туку и со апели од страна на здравствените работници. Затоа сметам дека треба многу сериозно да се однесуваме за вакво прашање и очекувам парламентарното мнозинство да го сфати значењето на овој амандман, да го поддржи и да овозможи зголемување на средствата за рано откривање, дијагностицирање, откривање и лекување на рак на дојката кај жената.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Морам да дадам поддршка на ваков амандман затоа што тоа е дел од нашата заедничка борба и како колешки пратенички, преку пратеничкиот клуб, меѓутоа и преку комисијата за еднакви можности каде тоа прашање го говоревме го изборивме со измена на законска регулатива, со определување на посебна ставка за овие работи и јас навистина би сакала да видам дека оние почетни средства кои Владата за прв пат во овој мандат ги издвои за третман на ракот на дојката, ќе се зголемат. Значи јас ќе гласам за овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, за гласале 32, воздржани 3, против 27 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го донесе амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 5 Потпрограма 51 ставка 425 и Раздел 04001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 425,

поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Мислам дека имаме сериозни амандмани. Имено се работи за дијагностицирање на болести, за систематски прегледи на деца, ученици и студенти.

Можам да констирам дека министерот за финансии не само што нема слух за здравјето на жените, за претходниот амандман туку сега и не одобрува средства за здравјето на децата, учениците и студентите.

Она што е симптоматично, што провејува насекаде во буџетот, во овие ставки од каде бараме пренамена на средства, се ставките веќе добро познати, за договорни услуги и тековни расходи каде на страна 124 од ребалансот, оваа ставка на Владата, од 6 милиони е зголемена дури за 8,5 пати, на 52 милиони. Значи ајде што министерот не дава пари, но сепак неговата одговорност е да одговори на што ќе се трошат овие пари. Значи за што Владата ќе ги троши овие пари предвидени како договорни услуги и врз основа на кои критериуми ги зголемила, кои биле причините што дури 8,5 пати, од 6 милиони на 52 милиони ги зголемила договорните услуги. Ние од овие 52 милиони бараме само 10. Значи на Владата пак ќе и останат многу повеќе пари за да си ги троши како сака. Меѓутоа, многу многу е проблематично како Владата безмилосно, ненаменски, не транспарентно сака овие пари да ги троши на договорни услуги. Јас да сум некој контролен истражен орган би се позабавил со целата структура на буџетот, овие ставки каде што пишува договорни услуги и тековски расходи, прво зошто се тие зголемени, по кои критериуми и што е уште поважно би го следел внимателно нивното реализирање односно трошењето на овие пари. Се надевам дека надлежните институции во оваа држава ќе почнат не селективно да го спроведуваат законот и дека еден ден и во овој Парламент и во некои други институции ќе дојдат на дневен ред и овие прашања за не транспарентното трошење на државните пари од страна на владините институции и извршната власт.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Вкупно гласале 55 пратеници, за гласале 13, воздржани нема, против 42 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 5 Потпрограма 53 ставка 425 и Раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 ставка 425, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници. Ние сметавме дека е подобро да се намалат средствата за економска промоција на Владата на Република Македонија а да се зголемат за превентивна заштита затоа што досега не сме виделе успех од економската промоција на Република Македонија од мисиите на Веле Самак и Глигор Ташковиќ кои Владата ги призна со тимот Македонија, меѓутоа очекував дека министерот за финансии ќе остане доследен на својата колумна "здраво општество" во која вели, корист од намалено производство на болестите не значи само заштеда на финансиски средства. На економски план добивките значат зголемена продуктивност на работните места и намалени загуби поради отсуство од работа. На социјален план здравите луѓе се чувствуваат посреќни.

Очекував министерот да остане доследен на неговата колумна и да го прифати овој амандман. Очигледно тоа не е така и затоа овој амандман го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 5 Потпрограма 54 ставка 425 и Раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 ставка 425, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Предлогот за зголемување на средствата за имунизација на населението во износот од 3 милиони денари се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на предлогот на ребалансот на буџетот за 2007 година.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 5 Потпрограма 57 ставка 425 и Раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 ставка 425, поднесен од пратениците Славица Грковска,

Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Со амандманот предлагаме зголемување на средствата за заштита на населението од сида, а земаме од ставката за економска промоција на Република Македонија. Тоа го направивме со цел да излеземе во пресрет на потребите за заштита на населението од оваа болест, имајќи предвид дека еден од трите милениумски цели за развој, зацртани во организацијата на ОН е намалување на смртноста кај децата, подобрување здравјето кај мајката и борбата со сидата и ХИВ вирусот. Затоа очекував министерот да го прифати овој амандман. Се надевав дека парламентарното мнозинство ќе го поддржи овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Немаше доволен број на пратеници и гласањето е невалидно.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе го повториме гласањето.

Во салата сега имаме 63 пратеници.

Го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеници, за гласале 11, воздржани 2, против 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 5 Потпрограма 58 ставка 425 и Раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 ставка 425, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господин пратеник Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе овој амандман и следните два се дел од групата на амандмани кои се однесуваа за програмите Д, во министерството за здравство, за здравствена заштита и превентивна заштита, имунизација, подигнување на средства и вложување во борбата против сида. Овие три се однесуваат на здравствената заштита на мајки и деца. Претставникот на предлагачот направи напори и прифати еден од амандманите така што овие наредни амандмани: 338,339 и 340 во редниот број на листата ги повлекувам во име на предлагачите.

**Иван Анастасовски:** Само да прецизираме. Тоа е со овој што е отворен претрес сега и наредните три. Тоа се четири амандмани кои се од истата група на предлагачи.

**Јани Макрадули:** И наредните два. Тоа се 338, 339 и 340.

**Иван Анастасовски:** Јас ги немам кај мене. Во секој случај амандманот е повлечен.

Амандманот на Раздел 19001 Програма 5 Потпрограма 58 ставка 425 и Раздел 19001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 483, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули е повлечен.

Амандманот на Раздел 19001 Програма 6 Потпрограма 63 ставка 425 и Раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 ставка 425, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули е повлечен.

Амандманот на Раздел 19001 Програма 6 Потпрограма 64 ставка 425 и Раздел 04001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 483, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 6 за додавање на нова програма по Потпрограма 64 и Раздел 09001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова...(пратениците од СДСМ го исправаат односно му сугерираат на потпретседателот на амандманите што ги чита)

Јас затоа ве прашав, јас ги немам кај мене по редоследот. Ги имам по бројот горе.

Се извинувам, само една консултација. Јас затоа ве прашав по кој редослед одевте**.**

Добро, почитувани колеги, бидејќи се разбравме со предлагачите двата амандмани кои се на програмата 6, сепак остануваат за разгледување и ќе мора почитуван министер и вие да го дадете вашето мислење.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19001 програма 6 подпрограма 63 ставка 425 и раздел 04001 програма Д) подпрограма Д4 ставка 425 поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска, и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпогица  Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Почитувани колешки и колеги,

Ние сакавме да ги зголемиме средствата за здравствена заштита на болни кои се третираат на дијализа, затоа што проблемот со бубрежните заболувања,за жал, е се уште поактуелен во Република Македонија, а секојдневно сме соочени со немањето  на недоволно капацитет за извршување на дијализа. Имаме алармантни ситуации кога од 1000 пациенти на дијализа, речиси 500 заработуваат жолтица, за среќа за сега нема информации за заболувања од сида и од ХИВ меѓу болните, меѓутоа ова се податоци кои што говорат за тоа дека треба да се зголемат средствата за оваа ставка бидејќи се случува, за тоа информираа и медумите, кога болните се дијализираат и без лекарски надзор.

Тоа е нешто кое што не смееме да го дозволиме како држава и затоа апелирам до парламентарното мнозинство овој амандман да го прифати. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Божиновска Валентина, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да го дадам својот глас за, бидејќи имавме неколку најави по медиумите и на МТВ и на А1 за сериозната состојба на луѓето кои се на дијализа, но навистина не постои држава во Европа со толку стари и скоро би рекла апарати кои не се во употреба. И не е само тоа, најчесто пациентите од Скопје за жал, без надокнада за превоз, треба да заминат и во Струга, но тоа е невозможно и потребата на секој трет ден да се дијализираат останува невозможно од едноставни причини што тие и не  можат да отпатуваат до таму.

За Чаир и знаете веќе каква е состојбата, но каде веричната дијализа е невозможно овдека во Македонија и скоро неупотреблива.

Би сакала сериозно да апелирам, за луѓето заболени од дијализа бидејќи Република Македонија особено градот Скопје како нефролошко подрачје, завзема едни од првите во Европа со заболени од дијализа. Навистина Здружението на заболените од дијализа апелираше и идејата за нови апарати кои би биле стари и би се репарирале, тоа не едобро.

Дајте да собереме сили и да помогнеме со амандманот кој го предлага госпоѓа Славица Грковска. Благодарам.

**Иван Анастсовски:**  Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Јаневска Весна, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Почитуван министре,

Вие го одбивте амандманот, јас само би сакала да кажам дека ова е сериозен проблем во Македонија и дека во иднина Владата треба да размислува, за тоа како овој проблем треба да се реши.

Јас многу кратко, нема да го трошам времето ниту ваш ниту на пратениците, но сакам да укажам на нешто што е суштински решавање на овој проблем.

Секаде во светот дијализата претставува само преоден период. . .

(Џагор во салата)

Почитувани пратеници, ова е  момент кога можете да добиете нешто што никој не може да ви го одземе. Значи ова е момент кога јас, како стручњак и како човек кој 25 години работи во здравството, можам да ви дадам информација за нешто што не сте можеле овака изворно да го стекнете.

Во животот се може да му биде одземено на човека, значи тргнувајќи од парите, преку парите претворени во материјални добра, куќи, коли, може да ви се одземе и она што се вика психичко доживување, значи некој може да ви одземе гордоста, некој може да ви го одземе достоинството, може да ви одземе член од семејството, единствено што на човек не може да му се одземе  е знаењето и неговата мисла. Мислата пак зависи од тоа колку човекот читал и учел. Во моментот ви нудам знаење за нешто, што претставува сериозен проблем во Република Македонија и кое не дај боже секој од нас во некој момент може да го искусии.  Не знаеме дали некој од нас  утре ќе има потреба од дијализа.

Дијализата не е решение. Дијализата е преодна фаза до трансплантација на бубрегот. Во Македонија пациентите по 20 години се на дијализа. Што е најстрашно, тоа што се случува е неквалитетно. Не заради оние што ги пружаат услугите на дијализата, туку заради застареноста на апарат. Не му пожелувам никому, но она што се случува во дијализата навистина ги надминува рамките на нешто што се вика очекувано во едно општество или во една европска земја.

Затоа јас ќе гласам за овој амандман. Не очекувам да биде усвоен. Но Владата мора да размислува во иднина да најде средства за правилното решение. Мора да се развие трансплантациониот центар, кој со години функционира во клинички центар, но со минимални средства, на работ на егзистенцијата, мора да се формира банка на органи и на донатори, мора законот кој е донесен и кој веќе 10 години се наоѓа во некои фиоките на Министерството да профункционира, ако треба да се подобри, да се измени да се направат подзаконските акти, и навистина на луѓето што имаат проблем со бубрезите и бубрежни болести, а треба да ја користат дијализата, да им се овозможи достоинствен живот. Ви благодарам многу.

**Иван Анастасовски:**  Ви благодарам и вам.

Има збор пратеник госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Само една реченица. Ако се немаше разбирање за друите амандмани со кои што се одвојуваат средства и се пренаменуваа во различни стафки за подобрување на економската состојба, за образованието, за тутунопроизводителите, за социјално загрозените луѓе, па еве и за науката, јас мислам дека барем овде пратениците можеме да покажеме малку повеќе разбирање и да им помогнеме на оние на кои што најмногу им требаат овие средства, кои што во еден момент барем до некаде ќе им ја подобрат здравствената состојба и ќе претставуваат зрак на надеж за нивната иднина.

Токму, поради ова ќе го поддржам овој амандман. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласањето.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, за гласале 18, од гласањето се воздржале 6, и 33 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19001 програма 6 подпрограма 64 ставка 425 и раздел 04001 програма 3 подпрограма 30 ставка 483 поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска, и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпогица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Амандманот предвидуваше зголемување на средствата за лекување на болни кои не се осигурени по ниеден основ, а меѓутоа имајќи ја во предвид политиката на Владата во здравството и како се третираат овие лица кои не се осигурени по ни еден основ, имајќи го предвид дека министерот ја продолжува линијата на оваа политика, амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19001 програма 6 за давање нова подпрограма по подпрограмата 64 раздел 09002 програма 2 подпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот . . .

(Пратеникот Ацо Киров бара збор)

Се извинувам. Не, дури сега се пријавивте.

Повелете, има збор пратеник господин Киров Ацо, пвоелете.

**Ацо Киров:** Добро, еве го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам многу. Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 28001 програма 2 подпрограма 20 ставка 488 и раздел 09002 програма А)подпрограма А0) ставка 441 поднесенод пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Не се прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Јаневска Весна, повелете.

**Весна Јаневска:** Значи станува збор за амандман во кој се бараат 10 милиони денари, за локалната самоуправа за развивање на инфраструктура во еден дел од регионот или општината Демир Хисар.

Тоа е еден регион почитувани пратеници кој се наоѓа помеѓу Кичево и Битола и кој е исполнет онака како што народот вели: "Господ дал па предал со природни убавини, со зелени шуми, планини и многу вода".Таму се наоѓаат околу 20-тина села во која живеат вкупно 2319 жители што всушност е број кој е сведен на 1/10-тина во последните 50-тина години од многу прости и едноставни причини. Луѓето се иселуваат од овој крај затоа што немаат основни услови зза живеење.

Основните услови за живеење за кои јас ги побарав односно јас и госпоѓа Божиновска ги побаравме овие средства, всушност претставуваат водоводи, канализации, улично осветлување, асфалтирани патишта, она што значи нормална комуникација на жителите меѓу себе во овој регион.

Сметам дека неопходно се потребни за зачувување на населението таму и онака кое е десеткувано, но и од едноставна друга причина за нормално живеење и нормално функционирање за оние кои таму сеуште херојски останале да се борат во 21-от век во 2007 година на пример без депонија на сметот, без фекална канализација,

без водовод, значи во денешно време, а да не зборувам за уличното осветлување.

Страшна е глетката кога се движите по патот и гледате прекрасен предел претрупан со смет и кога гледате дека во денешно време наместо да се движат автомобили, луѓето се движат сеуште со коњски запреги, пешки, или на велосипед, но не затоа што сакаат да придонесат за намалување на глобалното затоплување, туку затоа што немаат друга можност освен ова што мора да го направат така како што го направиле.

Сметам дека овие средства би придонеле за развитокот на овој регион, особено затоа што таму се произведува висококвалитетен тутун кој претставува една од поретките култури кои можат да се произведуваат, затоа што и земјиштето не е особено богато и приносот на жито, пченица, пченка или било која друга култура засадена на метар квадратен е на пониско ниво отколку во одредени други земјоделски региони,  но затоа тутунот и некои други земјоделски култури се навистина со висок квалитет.

Јас се надевам дека пратениците ќе имаат доблест ќе ме разберат во намерата и дека ќе гласаат за овој амандман. Благодрам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Се извинувам колешке вие сега се пријавивте.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревка:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Јас навистина сакам да дадам со една реченица поддршка на овој амандман затоа што навистина овој предел е еден од поубавите во нашата прекрасна Македонија и навистина, како што спомена мојата колешка, жителите од селата Вирово, Бабино, Баденик, Мреногар, Флоешница, Жван и да не набројувам други понатаму, од другаста страна, ако сакате, Големо и Мало Илино, Брезово и останатите, живеат во едни услови кои што се далеку од достоинствениот начин на живеење.

Ако овие пари се вложат таму ќе имаме можност навистина да се развие туризмот, затоа што тој дел не само што е богат со природни убавини, туку таму се наоѓаат и голем број на споменици на културата од поствизанстискиот период, вклучувајќи го и преубавиот Топлички манастир. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Во повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 55 пратеници, од кои за гласале 16 пратеници, 1 се воздржал од гласање и против 38.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 28001 програма 2 потпрограма 20, ставка 488 и раздел 09002 програма 2, подпрограма 20, ставка 482 поднесенод пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/127.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот госпоѓа Цветковска Благородна, повелете.

**Благородна Цветковска:** Добро утро потпретседателе, добро утро министре.

**Иван Анастасовски:** Добро утро и на вас.

**Благородна Цветковска:** Верувам дека министерот веќе е одморен бидејќи е веќе доброутро, имам 7 амандмани. Овде да се пазариме колку ќе ми прифатите, колку да повлечам. Ако не прифатите ќе зборувам за сите. И така е добро утро до сабајле ќе си останеме. Да бидеме на чисто.

(Смеење на пратениците во салата)

Ќе се работи, се работи за исклучиво неразвиени предели. Јас доаѓам од Крива Паланка, која има недоволно развиени . . .

(и понатаму смеење на пратениците во салата)

**Иван Анастасовски:** Ве молам да се сослушаме колеги.

**Благородна Цветковска: . . .** која има недоволно развиени подрачја. Се работи за изградба на патишта до овие села.

Амандманот што не е прифатен е за селото Баждево, кое поврзува и други села. Такви имам слични, за селото Станци, пат до селото Конопница, пат до селото Жидилово, пат до Калин камен каде што многумина од вас сте биле, изворедно место за летен и зимски туризам. Пат до село Трново. Пат до Подржиконь. Затоа ве замолувам господине минстре барем еден, два, три од овие амандмани да ги прифатите. Па, прва ви реков добро утро.

(Смеење во салата)

**Иван Анастасовски:** Се извинувам колеги, се извинувам има збор министерот за финансии, повелете.

Министерот за финансии има збор, повелете.

**Трајко Славески:** Добро,  може да размислуваме за селото со најубаво име на светот Подржиконь. Значи се испазаривме, јас не ја сфаќам поентата. Овој амандман не е прифатен.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, бидејќи тој не е овој амандман. Значи, овој амандман го повлекувате. Значи, овој амандман  е прифатен.

**Трајко Славески:** Да, овој амандман е прифатен.

2 милиони денари за селото Подржиконь.

**Иван Анастасовски:** Добро. Амандманот е прифатен и тој станува составен збор од текстот на предлогот на ребалансот на Буџетот.

Во тој случај, наредните, ако добро ве слушнав, се извинувам, амандмани се повлечени.

Амандманот на Раздел 28001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/128 е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 28001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/129 е повлечен.

Амандманот на Раздел 28001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/130 е повлечен.

Амандманот на Раздел 28001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/131 е повлечен.

Амандманот на Раздел 28001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/132 е повлечен.

Амандманот на Раздел 28001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благородна Цветковска и Марјанчо Николов под архивски број 07-2979/133 е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 28001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 04001 програма Д потпрограма Д4 ставка 425, поднесен од пратениците Рафис Алити, Блерим Беџети, Сафет Незири и...

(Реакција на некои пратеници)

Не, колегите не ги повлекоа сите, а на почетокот кога почнавме со амандманската расправа, три амандмани пратеничката група ги остави. Од кој едниот, четири амандмани оставивте. Едниот помина, а овој не е повлечен. Под архивски број 07-2979/146, тој не е повлечен.

( И понатаму реакција на некои пратеници.)

Се извинувам колеги овој амандман е повлечен во групата која на почетокот ја имав прочитано. Одиме на наредниот амандман.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 28001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 04001 програма Д потпрограма Д4 ставка 425, поднесен од пратениците Рафис Алити, Блерим Беџети, Сафет Незири и Садула Дураку под архивски број 07-2979/147.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Се извинувам, го повлекувате како предлагач.

Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 28001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Ајше Селмани, и Џеват Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

Значи, од Ајше Селмани и Џеват Адеми на Раздел 28001 програма 2 потпрограма 20. 359, не, амандманот не е повлечен, не е повлечен.

**Трајко Славески:** Амандман се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам не ве слушнав, уште еднаш.

**Трајко Славески:** Се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел од текстот на предлогот на ребалансот на Буџетот.

Отварам претрес по амандманот на Раздел 28001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Садула Дураку, Сафет Незири и Зумрете Јакупи под архивски број 07-2979/156.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандман не е прифатен.

**Иван Анастасовски:** Амандман не е прифатен.

Дали некој бара збор.

Има збор господин Дураку Садула, повелете.

**Садула Дураку:** Благодарам господине потпретседателе.

Ќе се обидам да бидам краток. Значи, амандманот поднесен за водоводот во селото Слупчане има поврзаност со амандман под број 362 под архивски број 2979/158 врз основа на програмата 2 што значи поврзаноста е таму што кога е почната работата во ова село во проектот кој што е изготвен не било предвидено донесувањето на водата и кое количество вода треба да има во ова место и од каде треба да се донесе. Подоцна во 2006 година имаме санирање на програмата така што, сега се носи вода од Липковската брана. Мислам дека ова населено место заслужува да има свој водовод меѓутоа, сигурно во делот на амандманот што е поднесен под реден број 362 ќе се поврзам со истиот за да не ви одземам многу време. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Хани Тахир, повелете.

Се откажува. Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, за гласале 15, воздржани нема, против 41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 28001 програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците пратениците Садула Дураку, Сафет Незири и Зумрете Јакупи под архивски број 07-32979/158.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник господин Садула Дураку, повелете.

**Садула Дураку:** Благодарам.

Сигурно господинот не го видел образложението кое сме го дале за овој амандман. Уште еднаш би рекол да го прочита образложението зошто треба да се усвои овој наш поднесен амандман. Значајно е проектот во кој се инвестира од Австриската амбасада за водовод во таа општина од 1.200.000 евра, но треба да партиципира со услов и Владата на Република Македонија со 265.000 евра. Јас мислам дека се додека другите влади мислат за ова подрачје и ова место, а не мисли Република Македонија за водоводот кој е меѓу две брани каде се зема вода во 21 век, а водата ја земаат другите тогаш е повеќе од тенденциозно. Се додека Австриската амбасада обезбедува 1.200.000 евра, а не е во состојба Република Македонија да обезбеди 265.000 евра дали речиси овој срам кому ќе му припадне. Уште еднаш, да не продолжам со мојата дискусија бидејќи би говорел до наутро нека го преиспита господинот овој амандман нашето образложение за 265.000 евра, а Австриската амбасада обезбедува 1.200.000 евра петпати добива нашата држава, додека, што значи едно евро даваме ние, а пет добиваме од надвор и тоа како гранд. Го повикувам уште еднаш господинот да го преиспита својот став. Барам одговор од почитуваниот господин.

**Иван Анастасовски:** За реплика или збор барате.

Вклучете го министерот.

**Трајко Славески:** Само заради појаснување.

Амандманот кој што вие го прочитавте според нашите евиденции се разликува од она што беше во образложение бро 361 архивски бро 07-2979/158 се однесува бидејќи 157 го одби Собранието на претходното гласање, сега разговараме за 158 или 1/384 под бројот под кој ние ги заведуваме за тој се однесува амандман.

**Иван Анастасовски:** Збор барате, повелете да продолжи колегата, бидејќи го прекинавме повелете има збор пратеник Дураку.

**Садула Дураку:** Барам одговор од господинот Славески, а одговор немам, што значи не го прифаќа овој наш предложен амандман и ќе продолжам со мојата дискусија. Јас имам трпение имам кондиција да говорам имам кондиција да седам до наутро и да говорам.

Дами и господа пратеници, почитуван потпретседателе.

Голема е несреќа во оваа земја кога проектот водоводот за општина Липково уште во 1955 година е изградена браната во тоа место, во тоа подрачје не е една брана туку две брани. Во тоа место водата за пиење се снабдува цело Куманово кое е населено со 120 илјади жители. Јас знам дека не им се слуша на господата, но можете слободно да одите да спиете бидејќи ќе говорам до наутро. Значи, минатото на ова место добро го знаете и граѓаните на тоа подрачје да бидат без вода за пиење во 21 век и да се зема вода која им ја подарил господ и природата, а други да ја користат и пијат таа вода е несфатливо. Несфатливо е од прича што ова што вие го правите вие почитувани од мнозинството навистина е многу тенденциозно. Јас ги разбирам вашите тенденции и мислам дека треба да се претставиме со некој амандман и со некоја ставка во овој ребаланс за да се преиспита и да се направат научни анализи во зачетокот за да се постигне, овозможиме на што подобар начин да се излечи оваа работа иако со меѓународни конвенции сигурно е забрането, но еве за да бидеме ние првите со нашиот ребаланс и да направиме едно научно истажување во зачетокот на јајцето и да се види генот од каде е потеклото и болестите кои доаѓаат кај луѓето кои навистина имаат толку голема омраза за една земја, а таа вода ни ја подарил господ и природата. Така што моите образложенија ќе ги дадам со неколку податоци во ребалансот кои се наведени каде со големо внимание и без никаков срам средства се предвидуваат за економска пропаганда, има голема количина средста за економска пропаганда додека од друга страна не може да се обезбедат таму каде што Австриската влада обезбедува средства, Австриската амбасада обезбедува 1.200.000 евра додека од друга страна самата држава и граѓаните од таа држава и плаќаат даноци на оваа држава, државата не може да обезбеди 250.000 евра. Дали има поголем срам од ова. Ќе направам заложби со едно споро излагање да одам точка по точка и страна по страна да го разгледувам предложениот ребаланс на ова таканаречена Влада.

Ако внимателно...

**Иван Анастасовски:** Сепак ќе мора да се задржите на амандманот.

**Садула Дураку:** Да, да говорам за амандманот.

Ние сме граѓани на општина Липково, а вие сте граѓанин на општина Куманово, ова е уште еднаш ни воведува недоразбирање меѓу две места кои за нашите соседи, ние знаеме дека градот Куманово добива вода од ова подрачје, додека општина Липково и двете населби се без вода за пиење. И сигурно ќе има проблеми во иднина кај граѓаните на тоа место. И сигурно дека тие ќе протестираат, но во тие протести ќе бидам јас, сигурно бидејќи нема да се кријам. Се додека почнувате да дискриминирате на овој начин тогаш дискриминацијата нема лесно да ја прифатиме. Одам понатаму за мојот амандман.

Ќе одам со цифри за раст за економска промоција, што значи за ЕПП, економска пропаганда значи.

Секојдневно на телевизиските екрани промовирате дека имаме капитални инвестиции во Република Македонија. Каде се тие капитални инвестиции, кога капитална инвестиција носи Австриската амбасада од 1.200.000 евра, а Владата не може да обезбеди 250.000 евра. Тогаш каде се овие инвестиции, почитувана господо. Значи, за економска промоција, како што реков малку претходно, каде беа предвидени 205.130.000 евра. Има пораст на овие средства од 468.533.000 денари. Видете го тоа на страна 124 во Предлог ребалансот на Буџетот за 2007 година.

Предвидените средства за цела година, во Буџетот, се потрошени повеќе од планираните. Ние сметаме дека повеќе средства ќе се потрошат за кампања, за промоција за т.н. Влада. Можеби тоа не саката да го слушате, но е така наречена, за ова подрачје повеќе се интересира Австриската Влада отколку самата држава.

Кај капиталните проекти има пораст од 2.543.573.000 денари на 2.933.210.000 денари. Тие кои не се убедени во тоа погледнете ја страна 104 од ребалансот на Буџетот.

Овде се предвидени многу средства за купување на амбасади во висина од 170 милиони, додека 15 милиони се бараат за живеењето на луѓето во ова место што го наведов, а тие средства не можат да се обезбдат.

Предвидени се за 150 милиони денари за изградба на стадионот. Ние со нашиот амандман од овие средства побаравме 10%, значи од средставата предвидени за доизградба на северната трибина на Градскиот стадион.

Уште еднаш господинот нека го преиспита својот став и нашиот амандман да се изгласа, бидејќи навистина би било срам за нашата држава.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Имаме информации дека и за други населени места во Република Македонија австриската Влада и другите влади сакаат да помогнат во изградба на инфраструктура од витално значење за граѓаните со учество со Владата на Република Македонија. тоа учество, господине Дураку, Владата на Република Македонија навистина треба да го планира затоа што и не се малку тие средства кои сега се предлага со амандманот да се одвојат од друг проект кој би останал недовршен. Имено, барате во спортската сала. Веќе одземавте 250 илјади евра за кои ние треба да се мислиме од каде ќе ги надоместиме.

Значи од она што го имам како информација од Министерство за транспорт и врски, за наредната година и за ова населено место како и за други, Владата на Република Македонија ќе го планира сопственото учество. Значи, би било многу тешко, адхок, со вакви предлози да извршуваме или да реализираме вакви значајни проекти како што е овој проект. Го знаеме проблемот со населеното место Липково, со водоводната мрежа. Ист беше проблемот и со Тетово, место во кое капе вода од сите страни, да имате рестрикции, не е во ред. Претпоставувам така го чувствувате и вие кои доаѓате од тие краишта.

Значи, би замолил, јас навистина ценам што вие релативно брзо завршивте со дискусијата, да имаме разбирање дека тоа што е подадена рака од странаска Влада како билатерална помош, Владата на Република Македонија ќе најде начин да го обезбеди сопственото учество, но не може со овој амандман во оваа пригода.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник Садула Дураку, повелете.

**Садула Дураку:** Благодарам господине.

Ние три пати имавме средби со амбасадорот на Австрија и општината поднесе барање во Министерство за транспорт и врски, а се уште немаме одговор. Поради овие причини принудени сме да бараме тие средства да се предвидат со рабалансот бидејќи за да добиеш пет пати повеќе, мислам дека е повеќе отколку што е реално. Таму воопшто нема вода за пиење, воопшто нема водоводна мрежа. За прв пат се воспоставува нова водоводна мрежа. Значи, не се работи тука како што е во Тетово. Тука за прв пат се воспоставува нова водоводна мрежа. Од овие причини треба да се прифати овој наш поднесен амандман.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Хани Тахир, повелете.

**Тахир Хани:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Овој амандман предложен од страна на колегата Дураку, го стави пред дилема и самиот министер за финансии. Мислам дека неговото второ јавување за збор, беше позитивно јавување. И самиот тој е свесен дека овој амандман има оправданост, целосно се дава можност, бидејќи тој самиот е професионалец во таа област и кога се дава една странска помош за некој проект кој е фундаментален и кој за денешно време е повеќе од потребен и поради оправданоста што колегата кој доаѓа од таа зона ја даде. Тој кажа дека

изворите тука се блиску и со тие извори се снабдува градот Куманово и многу жители, меѓутоа ова населено место не може да се снабди со питка вода, од причини што нема своја водоводна мрежа.

Се поставува дилемата, бидејќи се дава понуда од страна на Австиската Влада со една висока цена односно вредност од 1.200.000 евра, а не се покажува готовност од страна на Владата на Република Македонија, наместо Владата и мнистерот со радост да ја очекуваат една таква иницијатива и да бидат промотори на една таква иницијатива и да го дадат својот целосен придонес. Јас мислам дека логиката води до тоа, актуелниот министер и Владата да го прифатат овој амандман. Иако првенствено помислив дека нема да има потреба да се јавам и да говорам и да делувам лут за овие финансиски средства што ги бараме, но како и да е јас во ова Собрание сум присутен од 11.00 часот до сега и ова е единствениот амандман со кој се нуди логична оправданост во сите насоки. Каква ќе биде правдањето на министерот или на политичките претставници кои ќе одат во таа зона и ќе кажат или пак ќе бараат глас од електоратот од таа зона, утре кога тие ќе ја споредат готовноста на Автриската Влада, а не подготвеноста на власта во Република Македонија. Затоа мислам дека треба да се изнајде солуција со која актуелниот министер нема да биде раководен од страна на пратеникот на зоната, туку со оваа идеа или амандман како што е поднесен во оваа форма или пак со оваа готовност на Австриската Влада, треба да ја земе ситуацијата во свои раце, затоа што се поседува максималниот капитал, го поседуваат Буџетот на Република Македонија, ги поседуваат сите приходи од даноците на граѓаните на Република Македонија и оваа сума од 15 или 16 милиони денари не е некој износ кој актуелниот министер или Владата не може да направи свои калкулации од аспект на програмирање на својот Буџет. Негативното реагирање кон овој амандман создаде и емоционалната позиција на мојот колега кој навистина ја нагласи својата готовност да ја држи седницата да трае до наутро на начин да создаде можност да наиде на разбирање. Во овие моменти разбирањето треба да дојде непосредно од страна на министерот за финансии затоа што одговорноста е видлива, во овој mometn. Сакам да бидам многу оправдан од аспект на презентирањето на овој амандман и мислам дека е неопходно и задолжително министерот да покаже една оправдана солуција во подршка и на иницијативата и на амандманот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Садула Дураку, повелете.

**Садула Дураку:** Благодарам.

Мислам дека ќе наидам на разбирање со моето дополнително излагање.

Значи, останувамe на тоа каде се предвидени средства за купување на амбасади. Навистина треба да имаме амбасади во странски држави, но ова е животно прашање. Ние сме држава која нема некоја развиена економија и да купуваш места или објекти за дипломатски претставништва, за нашите амбасади, не знам. Ние не сме Америка. Ние сме мала држава од 2 милиони жители, колку една населба во Истанбул и да не изнајдеш средства. Сигурно не може да се реализира купувањето на овие амбасади во текот на оваа година. Само 9% од овие средства, еве тоа се 15 милиони денари за да добиеме 1.200.000 евра од Австриската амбасада.

Во земјоделските хидро системи воглавно се предвидени од 220 милиони на 331 милион. Должен сум да ви го кажам ова, да прашам зошто не се доделуваат средства во албанските подрачја. Можеби ќе бидам ригиден во оваа насока, но дали знаете, подобро е правилно да се кажат работите и во лице, отколку подоцна да плачеме и да велиме зошто се направи вака, а не се направи поинаку.

Цело време говориме дека сме мултиетничка и рамноправна држава и сите граѓани во државата сме еднакви, а на друг начин се врши економска дискриминација. Дали господинот министер може да ми наведе само една инвестиција каде што е предвидена во албанските подрачја. Не треба да се говори на ваков начин, но тој ме принудува да говорам на тој начин, бидејќи носиме ребаланс на Република Македонија. Намерно или ненамерно тоа е направено и овие работи се видливи со овој ребаланс. Не дека утре може да се подобри ситуацијата, ќе помине пола година да се воспостават работите и треба да чекаме до идната година.

Реков дека за хидросистемите во земјоделите се предвидени од 220 на 331 милион денари е раст на средствата. Секако тоа е за поздравување. Земјоделецот е земјоделец било да е тој во Струмица, било во Липково. Како тој во Струмица, така тој во Липково имаат проблеми за својата егзистенција.

Ние мисллиме доколку беше жива Гонџа Бојаџиу или Мајка Тереза, средствата предвидени во ребалансот во изградбата на нејзиниот дом или кула, треба да знаеме дека е албанска ќерка и им припаѓа на сите, жена хуманиска, сигурно таа ќе речеше не. Таму каде што има потреба, таму каде што треба вода за пиење, таму да се доделат средствата, а не мене да ми изградите дом или кула. Тоа е една пропаганда дека наводно ние многу ја сакаме Мајка Тереза.

Со овој ребаланс предвидени се и средства за издигнување на цркви. Во ред. Тие се господови куќи, како што е и џамијата, но ако се направи една паралела, навистина со Медресето Исабег и да не се предвидат средства за изградбата на водоводот каде ќе се подобрат луѓето тоа е несфатливо.

Мислам дека со вакви постапки, не дека ќе спласнат тензиите кај двете заедници, туку напротив тие ќе се зголемат. Но, кога ќе пукне

пушката, малку полека. Ќе речеме зошто ќе пукне пушката.

Некој ќе рече не требаше да се случи 2001 година, но почитувани господа, мислите дека ние сме кираџии во нашата земја, мислите дека Албанецот секогаш ќе ве носи над глава вас, или ќе ве носи на своите плеши.

Со овој ребаланс се врши национална дискриминација. Како сакате сфатете го ова. не говорам со емоции, иако колегата ми кажува дека говорам со емоции. Не, не говорам со емоции туку ви ја кажувам вистината. Вистината е многу горка и болна.

Но, за новите генерации е пријатна и блага. Како за македонската заедница така и за албанската заедница. Но, се додека генерациите на сегашното раководење кое во својот чип има омраза кон друга заедница, и кон едно место населено со Албанци, тогаш немојте да мислите дека е ова во ред.

Како сакате сфатете ме, но, со овој ребаланс се врши голема дискриминација кон Албанците. Ви благодарам за вниманието.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање би ги замолил пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласањето.

Ги замолувам уште еднаш пратениците кои се надвор од салата да влезат ќе пристапиме кон гласањето.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата, а колегите пратеници да седнат на своите места.

Во салата се присути 64 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање, и ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 64 пратеници, гласале 55 пратеници, за гласале 11, еден се воздржал од гласање, 43 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандман на раздел 28001, програма 2, за давање нова подпрограма 2В) во подпрограмата 2Б) категорија 48 став ставка 489, категорија 48, ставка 482 и раздел 09002 програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Оливер Спасовски, под архивски број 07-2979/48.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господин пратеник Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Иако овој амандман се однесуваше на доработка на еден проект што беше започнат од пртходната Влада, се работи за изградба на патот до локалитетот Куклица, кај што се наоѓаат камените кукли. Во завршна фаза е, меѓутоа бидејќи нема слух од страна на Владата во овој дел за прифаќање на овој амандман, бидејќи граѓаните кои што требаше да ги изнесеме аргументите пред нив, веројатно не не следат, а овде нема критична маса која можеш да ја убедиш со било каков говор до сабајле, сите други амандмани што ги имам ги повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

(Аплауз)

Само да не направиме одредена грешка, тоа се шест наредни. Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Амандман на раздел 28001, програма 2, за давање нова подпрограма 2В) во подпрограмата 2Б) категорија 48 ставка 489, категорија 48, ставка 482 и раздел 09002 програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Оливер Спасовски, под архивски број 07-2979/50 е повлечен.

Амандман на раздел 28001, програма 2, за давање нова подпрограма 2В) во подпрограмата 2Б) категорија 48 став ставка 489, категорија 48, ставка 482 и раздел 09002 програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Оливер Спасовски, под архивски број 07-2979/51 е повлечен.

Амандман на раздел 28001, програма 2, за давање нова подпрограма 2В) во подпрограмата 2Б) категорија 48 став ставка 489, категорија 48, ставка 482 и раздел 09002 програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Оливер Спасовски, под архивски број 07-2979/56 е повлечен.

Амандман на раздел 28001, програма 2, за давање нова подпрограма 2В) во подпрограмата 2Б) категорија 48 став ставка 489, категорија 48, ставка 482 и раздел 09002 програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Оливер Спасовски, под архивски број 07-2979/57 е повлечен.

Амандман на раздел 28001, програма 2, за давање нова подпрограма 2В) во подпрограмата 2Б) категорија 48 став ставка 489, категорија 48, ставка 482 и раздел 09002 програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Оливер Спасовски, под архивски број 07-2979/60 е повлечен.

Отварам претрес по амандман на раздел 29010, програма 2, подпрограма 20 ставка 401 и раздел 09002 програма 2 подпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓеорѓиевска, под архивски број 07-2979/28**.**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, гласале вкупно 52, за гласале 8, еден се воздржал од гласање, против гласале 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандман на раздел 29010, програма 2, подпрограма 20 ставка 401 и раздел 09002 програма 2 подпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓеорѓиевска, под архивски број 07-2979/29**.**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не е прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратенци, од кои 10 гласале за, нема воздржано, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандман на раздел 29010, програма 2, подпрограма 20 ставка 401 и раздел 09001 програма 2 подпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Очекувам одговор од министерот. Амандманот се однесуваше на зголемување на ставката на средства во Буџетот за издвојување на повеќе пари за вработените во судската администрација.

Јас верувам дека и министерот не би имал ништо против да се доделат повеќе пари и да се зголемат платите на судската администрација меѓутоа, веројатно не му е по волја што му чепкаме во неговата омилена сума, или омилената сума на оваа Влада т.е. омилена ставка во сумата на договорни услуги.

Во договорните услуги Владата не дава ни денар да се чепне од таму, така што залудни се сите наши напори и апели сепак ќе оставам нема да го повлечам амандманот и ќе го сочекаме исходот од гласањето да видиме дали и мнозинството парламентарно владеачко ќе размислува исто како министерот за судската администрација. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратенци, за гласале 11 еден се воздржал, 50 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандман на раздел 29010, програма 2, подпрограма 20 ставка 481 и раздел 09002 програма 2 подпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Георгиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**ТрајкоСлавески**: Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 13, воздржано нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандман на раздел 29010, програма Г), подпрограма Г5) ставка 401 и раздел 09001 програма 2 подпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Иста мета исто растојание. Сега значи повторно бараме пари за Академијата за обука на судии и обвинители, и повторно министерот со исти одговор, негативен и повторно парите се бараат од ставките за договорни услуги на Владата, повторно забранетата ставка по која Владата не дава да се чепне ништо, а од друга страна си ги зголемува парите што сака да ги троши по основ на договорни услуги и други тековни расходи така што да видиме каков ќе биде исходот и од ова гласање. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам прретресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно  гласале 67 пратеници, за гласале 14, нема воздржано, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандман на раздел 31010, програма Г), подпрограма Г3), ставки 401, 402 и 403 и раздел 09002 програма 2 подпрограма 20 ставка 483, поднесен од Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои за гласале 14, еден се воздржал од гласање 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почутувани колеги за ова  утро последен амандман.

Отварам претрес по амандман на раздел 31010, програма Г, подпрограма Г3) ставка 401 и раздел 09001 програма 2 подпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратениците Славица Грковска, Борис Кондарко, Весна Бендевска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот за овој последен амандман ова утро да се произнесе., повелете министре.

**Трајко Славески:** Да кажеме, малку трема имам но амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеник господин Кондарко Борис, повелете колега.

**Борис Кондарко:** Навистина штета, штета министре што не го прифативте овој амандман. Ова е омилена тема на Владата на Република Македонија, каде што заработува огромен број политички поени. Ние сакавме да придонесеме за тоа. Тоа е доделување на повеќе пари за борба против организиран криминал и корупција. Се работеше за, од прилика 5 милиона, кои сакавме да ги земеме од ставката за договорни услуги на Министерството за финансии, која патем речено вие сте си ја зголемиле, не можам да преречунам веќе колку пати, од 3.600.000,00 на 126.200.000. Не знам, се чудам на што ќе ги трошите овие пари како договорни услуги и тоа во вашето Министерство. Сепак е ова претерано и недомаќински од ваша страна. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи немаповеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои за гласале 15, еден се воздржал од гласање, против гласале 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеник господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:**  Почитуван потпретседателе, сосема на кратко.Пратеничката група на СДСМ се обиде и со дискусиите и со учеството на амандманите и со 11 пратеника денес да го формира и да биде клучна компонента во кворумот да се обиде да си ја прикаже својата позиција во однос на предложениот ребаланс на буџет на Владата на Република Македонија.

Само со една реченица, сумирам она што го зборувавме овие неколку дена, а тоа е дека за жал, во проектираните расходи има премногу непродуктивни трошоци, на сметка и на терет на капиталните инвестиции. Овој ребаланс не ни дава надеж дека има развојна компонента со која што ќе расте економијата. Драматичен е порастот на расходната позиција на стоките, услугите и договорните услуги, и тоа во овој момент ме загрижува. Се надеваме дека со буџетот за 2008 Владата ке се помести од овие позиции што во овој  момент и оваа стратегија има. Бидејќи очигледно после година дена тоа не носи резултат на економско поле.

Затоа пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз нема да го поддржи овој ребаланс на Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:**  Ви благодарам колега.

Министерот за финансии побара збор, повелете.

**Трајко Славески:** Можам да претпоставам дека после ова што ќе го кажам нема да има реплики, макар што тоа е право на секого. Сакав само да се заблагодарам да се заблагодарам од името на Владата и од името на претставниците тука кои што беа присутни за дискусиите, поддршката, критиките итн. Сето тоа го сфаќам како добронамерно и, должам одговор на едно прашање кое што беше неколку пати поставувано. Затоа што Министерството за финансии настојува секогаш да биде транспарентно.

Имено ставката на договорни услуги,  е значително зголемена, поради следнава прична:

Владата на Република Македонија, односно Министерството за финансии, одлучи сите овие напори што до сега се правени за зголемување на ефикасноста на македонската царина, да ги

надополни со една друга активност која што покажа огромни резултати во некои од соседните земји. Имено беше распишан меѓународен тендер за ангажирање на професионална консултатнска куќа, во областа на царината.

Тој меѓународен тендер е сеуште во тек, средства за оваа година се обезбедени од Буџетот, може да се ангажира таква консултатнска куќа. може и да не се ангажира.

Значи, ова е одговорт на прашањето што неколку пати беше поставено. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Отворивте дилеми во 02 часот и 30 минути, за реплика?

Три минути за реплика господинот Најдовски Слободан, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Господине министре, со ова што сега го изјавивте уште повеќе ми дадовте за право да не го гласам овој ребаланс и ме наведовте на едно размислување. Сте распишале тендер. Од друга страна велите сега, затоа ја зголемивме и ставката за договорни услуги.

Господине министре се надевам дека направивте грешка, затоа што не можете, вие сами знаете, вие сте најодговорен за тоа во Владата. Не можете да распишете тендер, за нешто ако не биле обезбедени средства во Буџетот.

Јас се надевам дека тука направивте еден лапсус, се извинувам што така велам, најверојатно барем кажете дека е тоа од средствата кои што до сега беа на располагање, па за други тендери кои што допрва ќе следат, ќе биде од ова што сега го зголемивме ребалансот.

Бидејќи не е добро за Република Македонија сега некој да чуе вие сами знаете сите меѓународни и финансиски институции го оправдуваат самото донесување на ребалансот, и кога ќе се носи буџетот и не е добро некоја меѓународна институција да слушне дека тендерот е распишан, а средствата не биле обезбедени и се чекаат со ребалансот.

Јас прифаќам, од досегашниве еве таа висина која што била, нека биде така, а овие други сега кои ги зголемивте нека бидат за други тендери. Чисто како појаснување и дообјаснување. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, почитуван колега,

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Пред да гласаме предлагам за Предлогот на буџетот да гласаме во целина, освен за разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија и разделот 31101 наменет за Народниот правобранител, за кој согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за Државна ревизија и Законот за Народниот правобранител Собранието гласа посебно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за гласале 55, нема воздржано, против 12.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на гласање, разделот 02002 наменет за Државен завод за ревизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија вкупно гласале 69 пратеници, од кои 60 гласале за,нема воздржано против гласале 9.

Констатирам дека разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија е усвоен.

Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за разделот 31101 наменет за Народниот правобранител гласале за 68, нема воздржано, 1 гласал против.

Констатирам дека разделот 31101 наменет за Народниот правобранител е усвоен.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за Предлогот гласале 56, нема воздржано, против гласале 13.

Констатирам дека Собранието го донесе изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

(Аплауз)

Почитувани колеги, овде ја завршуваме денешната расправа, денеска, повторно денеска, имаме нова седница свечена 59-та во 15,00 часот. Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 02,30 часот)